**Универзитет „ Св. Кирил и Методиј “**

**Филозофски факултет**

**Скопје**

**Институт за историја и архивистика**

# Брегалничката област во X и XI век

# The area around the river Bregalnica during the X and the XI century

**Магистерска работа**

Ментор: Кандидат:

Проф.д-р Александар Атанасовски Марија Рабаџиска

Бр. Индекс 4252/11

**Скопје, 2019**

**СОДРЖИНА**

Вовед..........................................................................................................................2

Глава прва

Местоположба на Брегалничката област...............................................................4

Глава втора

Брегалничката област од почетокот на X век до 969 година...........................................................................................................8

I. Црковната традиција во Брегалничката област ..............................................8
II. Брегалнички комитат.........................................................................................14
III. Брегалничката област во склоп на Бугарија до 969 година............................18

Глава трета

Брегалничката област во периодот на Самуиловата држава…….........................……...26

I. Создавањето на Самуиловат држава……………………...........................26
II. Брегалничката област во составот на Самуиловата држава............................42
III. Општествено уредување на Самуиловата држава…….....................……….45
IV. Градови и тврдини во Брегалничката област од X и XI век…..................… 57

Глава четврта

Брегалничката област по пропаста на Самуиловата држава….......................................96

I. Црковни прилики………………………………………..........................…96
II. Воено-административно уредување ……………….....................………..102
III. Отпорот против византиската власт и одразот на Брегалничката облас.....105

Зклучок.....................................................................................................................118

Извори и литература...............................................................................................123

а ) извори...................................................................................................................123

б ) Литертура...............................................................................................................123

# Брегалничката област во X и XI век

## Вовед

За брегалничката област, односно поширокиот регион што го зафаќа текот на реката Брегалница може да се каже дека постои одредена пообемна литература создавана во различни временски периоди, меѓутоа се чувствува недостатокот од подетално истражување на историските настани, организацијата на населбите, црковната и воено-административната организација во X и XI век.

Овој временски период од Македонската историја е доста бурен. Ова е време кога територијата на Македонија била под византиско и бугарско владеење, но и период кога била создадена средновековната Самуилова држава.

За да се добие една целосна слика за настаните и положбата на брегалничката област, предмет на ова истражување ќе биде црковната традиција во овој регион, кога уште од доцната антика брегалничката област прераснала во црковен и христијански центар во кој се уредени темелите на словенската писменост, но и темелите на Брегалничката Епископија.

Ќе биде обработено и зацврстувањето на Бугарската власт и опфаќањето на брегалничката област како дел од Бугарија во една посебна воено-административна единица т.н. Брегалнички комитат.

Оваа област нема да остане имуна ниту на антицрковното, антифеудалното и ослободително Богомилско движење, кое пак било предвесник на востанијата од 969 и 976 година и создавањето на Самуиловата држава. Токму од таа причина акцентот ќе биде ставен на создавањето на Самуиловата држава и Брегалничката област како дел од неа.

Предмет на истражување ќе биде и периодот по пропаста на Самуиловата Држава и воспоставувањето на Византиската власт во Македонија, кога брегалничката област била опфатена во тематскиот систем на Византија како посебна воено-административна единица.

Со наметнувањето на своето влијание, растел и отпорот против Византиската власт поради тешката феудална експлоатација, наложена како од Византија, така и од

световните и црковните феудалци. Со тоа се засилила класната ослободителна борба во почетокот на 40-тите години на XI век со востанието на Петар Делјан и востанието на Горги Војтех во 70-тите години на XI век кои имале и свој одраз во брегалничката област.

Поткрепа и потврда за овие настани нудат и историските извори, но и археологијата преку движните и недвижните материјални остатоци.

Ќе се обидеме во претстојниот труд да дадеме анализа на изворите и литературата за состојбите во X и XI век, воедно ќе ги презентираме и резултатите од археолошките истражувања во регионот сé со цел посоодветно да одговориме на поставените прашања.

**Глава прва**

## Местоположба на Брегалничката област

Изворот на реката Брегалница се наоѓа во шумскиот предел на Малешевските Планини близу до бугарската граница, источно од Берово, под Ченгино Кале, на надморска височина од околу 1690 m[1] и е најголемата источна притока на Вардар. Поголеми притоки на Брегалница се: од десната страна – Каменичка, Злетовска, Кочанска и Оризарска Река, а од левата страна – Осојница и Зрновска Река.[2]

Во горниот тек на реката Брегалница се наоѓа Малешевската Котлина која е на надморска височина од 700–1140 m. Од исток е заградена со Малешевските Планини, од југ-југоисток со Огражден и на запад се наоѓа Плачковица и Обозна. Малешевската Котлина претставува специфично географско подрачје, карактеризирано со планински, ридски, падински и рамничарски делови.[3]

До селото Будинарци, Брегалница тече низ Беровско поле од каде што продолжува кон Делчевското поле кое се наоѓа во североисточниот дел на Македонија, расположено по горниот дел на реката Брегалница од с. Разловца до с. Очипала каде што влегува во Осоговско-Очеполската клисура од која што излегува кај с. Истибања и навлегува во Кочанската Котлина.[4]

Таа понатаму во својот среден тек минува низ Кочанската Котлина оставајќи го Овче Поле од својата северна страна, а Плачковица од источната. Кочанската Котлина зафаќа простор од околу 40 км$^2$, по должина со оска што има североисточно – југозападен правец со остри рабови. На југоисток во Котлината се вовлекува големата маса на Плачковица. На исток е заградена со планината Голак, а на запад е пониското терцијарно земјиште на Овче Поле[5].

Оваа котлина зафаќа мал простор и е од тектонско потекло. Нејзиниот северозападен раб ги сече кристалестите шкрилци кај Кочани и Оризари. Кај Кочани и

[1] Т. Стафилов, Б. Балабанова, Р. Шајан., *Геохемиски атлас на сливот на реката Брегалница,* ПМФ – Скопје, Скопје 2014, 12
[2] Ibid
[3] Ibid, 11
[4] А. Атанасовски, *Пијанец во XIII и XIV век*, Куманово 1996, 9
[5] Б. Алексова, *Епископијата на Брегалница*, Прилеп, 1898, 3

Кочанска Бања се јавуваат андезитски туфови и термални извори. Нејзиниот јужен раб ги сече кристалестите шкрилци на Плачковица.

Од Кочани до Штип под Плачковица се минува преку терцијарно земјиште. Меѓу терцијарните брегови кај Облешево се протега околу 5 километри алувијална рамнина. Во мај 1904 година Брегалница била широка околу 80 метри, а длабока до колена, со песокливо дно, со повеќе мочуришта околу коритото и со понекој извор во рамнината. Кај Крупиште на десниот брег се гледа дилувијална песоклива тераса каква што има и пред Кочани[6].

Во Кочанската Котлина се наоѓа хидрографската членка на Брегалница бидејќи овде се формира како поглема река, благодарение на нејзините притоки Злетовица, Кочанска Река, Масланица, Осојница, Злетовска Река и на многуте реки што течат од Плачковица[7]. Од обете страни на Брегалница од Штип нагоре се простира земјиште со црвена и сива боја, од црвен песочник, лапор, конгломерат, сив песочник со вметнати модри глинци. Над овие карпи се појавува како горен слој, жолтеникав и белузлав варовник во дебели слоеви. Овој варовник по петрографскиот хабитус е сличен на олигоценскиот варовник од Бела. Околу Штип има главно гранитни маси[8].

Од испитувањето на земјиштето по Брегалница од нејзионто влевање во Вардар па по нејзината долина Ј. Цвијиќ заклучува дека целиот овој терен му припаѓа на постариот терцијар. Со истражувањето на брегалничката Сатеска кај Штип и старата долина на Отиња, на штипскиот гранитен локалитет е утврдено поместување на коритото на Брегалница од запад на исток[9].

Највиоската маса на Плачковица е над Радовиш и над Кочанската Котлина. Таа се состои од четири масиви и снижениот дел на запад што се вика Средна. Највисок е врвот Чупино со 1350 метри. Од овие пространи највисоки маси се протегаат кон север и југ паралелни, долги падини меѓу кои се наоѓаат притоките и краците на Брегалница и Струма. Овие благи падини се расчленети на помали, така што планината изгледа како да е набрана. Плачковица е проодна планина и им пропаѓа на пошумените

---

[6] Б. Алексова, *Епископијата, 3*

[7] Ј. Цвијиќ, Основе за геофрафију и геологију Македоније и старе Србије: с проматрањима у јужној Бугарској, Тракију, сусједним деловима Мале Азије, Београд 1906, 234

[8] Ј. Цвијиќ, Op.cit, 212

[9] Ibid, 214, 216

планини богата со лисни дрвја и тоа: даб, бука, јасен и липа, но на највисоките места има бор и ела кои не зафаќаат голема површина.

Овче Поле е рамнина што се издига над Скопската Котлина за 100 – 150 метри. На запад е ограничена со Вардар, од утоката на Брегалница до утоката на Пчиња. Северната граница ја сочинуваат низа еруптивни купи, додека меѓуречјето помеѓу Злетовица и Азмак е нејзината источна граница, а на југ границата е Богословец. Ареалот на Овче Поле е околу 1400 км$^2$ со главната река Азмак.

Овче Поле во поголем дел е централна езерска рамнина, со незначителни тектонски нарушувања. Од дилувиумот била изложена на ерозија, под посебни услови, кои се во врска со геолошкиот состав на земјиштето. Во неговиот северозападен дел се јавуваат две паралелни клисури: Таорска на Вардар и Бадерска на Пчиња[10].

Овче Поле е отворена рамнина опкружена со релативно ниски разредени брегови, така што е погодно за комуникациски врски во сите правци. Важно е да се одбележи дека оваа рамнина претставува важен дел на централните области во балканското јадро.

Поради отвореноста во сите правци, преку Овче Поле воделе повеќе патишта што ги поврзувале овие области со североисток и југозапад. Како најзначајни се споменуваат: Големиот пат, Серскиот и Штипско – велешкиот. Првите два имаат медитерански правец, додека третиот има правец исток – запад. Големиот пат е стариот врањско – солунски друм кој, според Ј. Рачанин, од 1704 година немал секогаш ист правец и се поместувал од исток на запад.

Серскиот пат водел кон Штип и на југ кон Радовош, Струмица и Серез. Со изградбата на железницата првите два пата го губат значењето. Поголемо значење добива Штипско – Велешкиот кој води кон Велес. Покрај овие, имало и полоши патишта што воделе за Криволак, Градско и Тиквеш, преку кои се пренесувала стоката од Брегалница, Овче Поле и Долна Лакавица[11].

[10] Б. Алексова, *Епископијата, 4*
[11] Ј. Цвијиќ, Op.cit, 224, 244




Сл. 1. Брегалничка област

## Глава втора

# Брегалничката област од почетокот на X век до 969 година

## I. Црковната традиција во Брегалничката област

Темелите на црковната организација во Брегалничкиот регион биле удрени уште во раното христијанство.

Со населувањето на Словените – пагани во Брегалничката област и во овој дел на Македонија ѝ бил нанесен уништувачки удар на христијанската црковна организација. Уште од самиот крај на VI век во овој македонски крај престанала да егзистира и епископијата во Брегалница, чие основање според расположливите изворни податоци датира од V век.[12] Црквата во Баргала, била до темел разрушена по 586 год. кога огромната аварско – словенска војска уништила голем број градови и цркви во перфектурата Илирик и кога поради тоа голем број епископи ги напуштиле своите катедри и нашле засолниште во оние епископски центри кои сѐ уште биле поштедени од варварските напади. Тогаш престанала и црковната дејсност на последниот епископ во Баргала за чие име и судбина засега не постојат никакви вести. Тој или се повлекол пред налетот на „ варварската ” војска или пак при заземањето на епископскиот град бил убиен или заробен и одведен во заробеништво, како што бил случајот со голем број луѓе од овие македонски краишта за што известува и Теофилакт Охридски во Житието на Тивериополските маченици.[13]

Дека од самиот крај на VI век престанала да егзистира епископијата во Баргала говорат и податоците од Житието на Тивереполските маченици во кое Теофилакт известува дека покрај тоа што биле уништени градовите до темели биле разурнати и „божјите хранмови” од страна на „ варварскиот народ ” т.е Аварите и Словените.[14]

---

[12] Й. Иванов, Северна Македония исторически издирвания. София 1906,59; Б. Алексова, Баргала – Брегалница во светлината на новите археолошки истражувања, ИНИ, 1967, бр. 3, 10

[13] Б.Панов, Средновековна Македонија III, Скопје 1985, 587

[14] Ibid, 588

Овие податоци ги потврдуваат и резултатите од археолошките истражувања на просторот на епископскиот град Баргала, во Горен Козјак.[15]

Засега во науката сѐ уште не е даден одговор на прашањето: кој е епископот Еремија од грчкиот натпис на мермерниот капител, откриен заедно со другите остатоци од ранохристијанската базилика во епископскиот град во Горен Козјак: [ ω χρισ] τὲ βοήθι τῷ δούλου [ ῳ ] Ἐρεμίᾳ ἐπισκόπῳ; ( „ О Христе помогни му на твојот роб епископот Еремија " )[16] сѐ уште не е утврдено дали натписот потекнува од предсловенскиот период или пак од времето на бугарското владеење ( среднина на IX век до 969 год. ) кога бугарските владетели Борис ( 852 – 889 ) и Симеон ( 893 – 927 ) одново ја издигнале и прославиле Брегалничката епископија, како што соопштува Житието на Тивериополоските маченици. Не е исклучена можноста епископот Еремија да бил последниот или еден од последните епископи во Баргала, на што упатува и самиот текст на натписот „ О Христе помогни му на твојот роб ", која помош епископот Еремија можеби ја барал спроти паѓањето на неговиот град под словенско – аварска власт. Со овој натпис токму во тоа немирно време баргалскиот епископ можеби сакал да остави трага за своето епископување.[17]

Дека цивилната населба на доцноантичкиот град Брагала, израснала во силен црковен и културен центар по средниот тек на Брегалница во IV – V век. говорат и резултатите од археолошките истражувања. На локалитетот е откриен ранохристијански комплекс на Епископската базилика. Црквата претставува трикорабна базилика со ексонартекс и нартекс. Од јужната страна на базиликата е изграден еднокорабен објект и нартекс од западната страна. Од северната страна по должината на целата базилика е градбата на баптистериумот со три одаи на неговата западна страна.[18]

Во северниот дел на градот е откриена епископска резиденција со низа простории за живеење, пред кои се шири трем со колонада, улица и плоштад. Помеѓу црквата и резиденцијата се наоѓа градска цистерна со низа од ниши и фонтана од јужната страна. Западно од главниот влез во градот е откриена трикорабна Exstra muros

[15] Б. Алексова, Баргала – Брегалница, 14
[16] Б. Панов, Средновековна, 589
[17] Ibid
[18] Б. Алексова, Епископијата на Брегалница, Прилеп 1989, 44

базилика со ликсузен под во opus sectile и богата архитектонска декоративна пластика.[19]

За конечно населување на Словените на Балканскиот Полуостров било потребно да изминат повеќе векови. За нивното присуство во градот Баргала сведочи и откриеониот градежен матријал во црковните објекти каде на камените блокови се појавуваат изрежани загадочни знаци, рецки и цртежи. На дел од спомениците се наоѓаат и глаголски букви. Градежни материјали со врежани знаци и букви се отктиени на локалитетите на Брегалница и пошироко, претставуваат први палеографски споменици и главни извори за најстарата историја на словенската писменост.[20]

На откриената архитектонска пластика и градежните материјали од камен се појавуваат многу крстови[21] но и изрежани грчко – кирилски букви поединечно или расфрлани по целата површина.[22] Ширењето на хистијанството меѓу Словените во Македонија се одвивало во тесен допир со христијанскиот свет на Византија или преку посебни експедиции преземани од византиските власти. За ова придонела и големата мисионерска дејснот на Константин Филозоф на Брегалница.

Поради тоа  во Македонија интензивната христијанизација започнува многу рано пред официјалното покрстување на Бугарија од 864 година. Ова го истакнуваат повеќе научници меѓу кои е и И. Снегаров кој укажува на многу покрстени Словени во Македонија и Тракија пред официјалниот чин на акцијата за покрстување. Ова тврдење го докажуваат и археолошките откритија на Брегалница, преку многубројните архитектонски споменици и новниот градежен материјал одбележан со букви, знаци и христијански симболи.[23]

Од карткото Кирилово житие, нарачено уште ,, Успение Кирилово ” се дознава дека, Константин Филозоф уште пред да замине во мисија кај Сарацените во Багдад, византиската централна власт го испратила да дејствува како мисионер меѓу словените по реката Брегалница: ,, Потоа отиде на Брегалница и таму најде неколкумина од словенскиот народ покрстени. И оние кои не беа покрстени ги приведе на православна

[19] Б. Алексова, Епископијата, 114
[20] ibid
[21] С. Филипова, Архитектонска декоративна скулптура во Македонија, 5 - 6 и 11 - 12 век, Скопје – Мелбурн 1997, 27 - 35
[22] Б. Алексова, op.cit, 115
[23] Ibid, 118

вера. Им написа и книги на словенски јазик. Сите што ги приведе во христијанска вера беа 54 000 ”( По том жє шєд въ Брѣгаʌɴицѫ, и обрѣт от сʌовѣɴскаго ѧзыка ɴѣкоʌико кръψєɴѣ. И єʌицѣх же ɴа обѣт кръψєɴѣх, оɴ҅ жє к’ръстивь их и првведе ɴа правосʌавɴѫѧ вѣрѫ. И ɴаписавь имь кɴигы сʌвѣɴсым ѧэиком. И сих, ижє обрати ɴа вѣрѫ хтистїаɴскѫѧ, ɴд' тысѫψѧ )[24]

За тоа дека Константин Филозоф дејствувал како мисионер ,, во гардот Равен на реката Брегалница ” и дека за потребите на Словените во брегалничкиот регион создал 38 букви се вели и во т.н Солунска легенда.[25]

Дека Константин Филозоф ја создал словенската азбука за потребите на Македонските Словени кои живееле во рамките на ,, словенското кнежество ”, што го управувал брат му Методиј од 845 - крајот на 855 година, убедливо говорат и податоците од делото на Црноризец Храбар ,, За буквите ”, како и од пространото Климентово жотие. Имено, Црноризец Храбар наведува деака Константин Филозоф азбуката ја создал и превел книги заедно со братот Методиј во 6363 ( т.е 855 г. )[26] Дека Кирил заедно со Методиј ја ,, создале словенската азбука ” и превеле книги на словенски јазик, се вели и во Пространото Климентово Житие.[27]

Од овие известувања јасно се гледа дека во создавањето на словенската азбука и пишувањето словенски ниги Константин Филозоф бил сестрано помогнат од својот брат Методиј, кој тогаш стоел на чело на ,, словенското кнежество ”. Според Црноризец Храбар словенската азбука се состоела од 38 букви.[28]

Меѓутоа и покрај сестраното воено – дипломатско и црковно – културно ангажирање на Византија во овие погранични македонски краишта и покрај ангажирањето на такви способни словенски дејци, кави што биле Константин – Кирил и Методиј, Бугарите успеале да ја отстранат нејзината власт од поголемиот дел од Методиевото ,, Словенско кнежество ” уште во педесетите години на IX век.[29] Тоа се случило во времето на кнозот Борис ( 852 – 889 ), кога тој спуштајќи се од север, до самиот крај на 855 година успеал да ги потчини Словените кои живееле по реките

---

[24] Й. Иванов, Български старини из Македония. София 1970, 285 и бел. 3
[25] Ibid, 283
[26] Б.Панов, Средновековна, 606
[27] А. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, София 1966, 80 - 81
[28] Н. Дурново, Еще о произхождении старославянского языка и письма. Byzantinoslavica, III/1. Praha 1931, 73
[29] В.С.Киселков, Славянските просветители Кирил и Методий. София 1946, 94

Брегалница и Струмица. Во прилог на тоа говорат, освен вестите од еден летопис, дека Борис го примил „ царството ” на реката Брегалница ( писмеѵа створи и кѵиги прѣложи ) и податоците од Житието на Тивериополските маченици со кои Теофилакт истакнува дека тогаш жителите на Тивериопол ( Струмица ) биле исто така натерани да се признаат за робови на Бориса и да се потчинат на неговата господарска заповед.[30]

Со проширувањето на бугарската држава во Македонија и јужна Албанија Склавиниите кои всушност претставувале териториите на одделните македонски словенски племиња престанале да постојат како полунезависни творби. Тие биле распарчени помеѓу Бугарија и Византија, а словенските првенци ( кнезови ) биле заменети со нови државни администратори. Со потпишувањето на византискио – бугарски мировниот договор од 864 година Византија и ги признала новоосвоените територии на Бугарија на југозапад, додека Борис се обврзал да се покрсти себеси и своите поданици. Со тоа започнала христијанската епоха во Бугарија и воведување на христијанството во целата земја како официјална и единствена државна религија. При уредување на црковната организиција Борис - Михаил, наречен Покрстителот, неминовно бил упатен на Византија и Константинополскиот патријарх.[31]

Во источите делови на Бугарија обновата на старата византиска црковна организација се одвивала бавно поради етничкиот бугарски пагански слој, додека во западните делови организирањето на црковни епархии било лесно поради вековната христијанска црковна традиција на просторот на Македонија.

Кнезот Борис – Михаил востановил епархиски центри на местата на порано разрушените храмови, со што се копирала старата рановизантиска територијална структура и црковна традиција. За тоа време, започнал голем градежен потфат со што изградил седум соборни храмови и започнал со организација на епархии кои до 880 год зависеле од Константинополската патријаршија. За местоположбата на истите постои полемика, но сепак изворни вести има само за две од нив – за Брегалница и за Девол.[32]

Со востанувањето на словенската епископија на Брегалница од страна на Борис – Михаил, Словените кои живееле во овие области во источна Македонија ја примиле словенската богослужба востановена и раководена од Константин наречен Брегалнички. Тој бил верен содружник на Климент, верен поддржувач на неговото

[30] Б.Панов, Средновековна, 607
[31] Б. Петровски, Свети Климент Охридски, кан / кнез Бирис – Михаил и кнез / цар Симеон: историски аспекти, Slověne 2016, 15 – 16
[32] Ibid, 19 – 20

дело и активен чинител во создавањето на словенскиот корпус на богослужбени книги по Византиски образец, тој бездруго бил најрелевантната личност да биде поставен за епископ на Словените во регионот на реката Брегалница[33] каде што Борис – Михаил изградил цркви.[34]

Слично на Борисовата акција за интегрирање на освоените земји на крајниот југо – запад безмалку две децении претходно, олицетворена преку испраќањето на Климент и неговите содружници во Кутмичевица, се чини по 904 год. следела слична Симеонова акција во источна Македонија поради зацврстување на бугарската власт сред тамошното словенско население и со тоа потоа полесно интегрирање на новоосвоените македонски замји во Солунскиот регион.[35]

Дотогаш Климент имал доволно обучен црковен кадар кој можел самостојно да продолжи со богослужба на словенски јазик и надвор од првобитната територија на Климентовата епископија. Отука, по првиот слевенски епископ Климент, Константин треба да се перципира како втор словеснки епископ или втор епископ на словеснки јазик. Посочувањето на Константин како втор словенски епископ не значи негово делување по упокојувањето на Климент, туку во одреден период од почетокот на X век истовремено со делувањето на Климент. Ваквото негово вбројување индирекно се темели на изворот за постоење на четврти епископ.[36]

---

[33] Б.Петровски, Свети Климент, 36 - 37
[34] Й. Иванов, *Богомилски книги и легенди*, 283
[35] Б. Петровски, op.cit, 35
[36] Ibid, 37

## II. Брегалнички комитат

Составен дел од секое државно уредување е постепеното формирање и трансформација на воено-аднимистративната структура која придонесува во процесот на зацврстување на власта. Паралелно со овој процес и во тесна корелација се и настаните кои водат од првата половина на IX век до создавањето на централизирана државна власт. Нејзин главен елемент се формираните во тој период комитати – основни воено административни единици во Бугарската држава до нејзионото потпаѓање под византиска власт.[37]

Формирањето на организацијата на комитатите во Првото Бугарско Царство се зародила одамна. Почетокот се датира во времето на владеењето на хан Омуртаг. Во почетокот на IX век управниците на завладеаните провинции биле само команданти на воени одреди, коишто ја користеле веројатно титулата таркан. Хроничарот Ајнхард ги нарекува управниците, коишто во 827 година Бугарите ги поставиле на чело на новоосвоените територии во Панонија „recteurs", а не „comites" („comes").[38]

Создавањето на комитатската организација во првата половина на IX век е решителен чекор во насока на засилување на државното управување. Тоа всушност игра главна улога во процесот кое резултира со постепено ликвидирање на внатрешната автонимија на голем дел од племињата, кои влегле во составот на бугарската држава. Успешното формирање на комитатите и успешно спроведената централизација на државното управување во првата половина на IX век, е еден од основните фактори, кои му овозможиле на Борис – Михаил да ја наметне својата волја во кризата околу покрстувањето, кога авторитетот на владетелската институција бил сериозно нарушен.[39]

Изворите не соопштуваат дали комитатите се организирани истовремено или се формирале постепено, меѓутоа точно наведуваат дека имало вкупно 10 комитати[40], но врзуваат и еден конкретен историски момент околу 865 година. Имено станува збор за бунтот на Бугарите против политиката на христинизацијата, спроведена од Борис –

[37] Ж. Жеков, България и Византия военa администрација VII – IX в, София 2007, 254
[38] Ibid
[39] Атанасовски и В. Саракински, *Кои биле Комитупулите и од кого „Отпаднале".* Самуиловата држава во историската, военополитичката, духовната и културната традиција, Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Струмица, Струмица 2015, 13
[40] В.Гюзелев, *Кнез Борис Първи*, София 1969, 108- 113

Мхаил.[41] Франачкиот хроничар Хинкмар, архиепископ на Ремс, во „Anales bertiniani" пишува дека, „procures quotqout igitur fuerunt intra decem comitatus" се разбунтуваа против христијанизацијата, но господарот Борис пристигнал за да го задуши бунтот.[42]

Во Првото Бугарско Царство комитати и комеси (κόμης) се споменуваат, покрај во хрониката на Хинкмар, и во хагиографското дело на Теофилакт Охридски, Житие на 15 тивериополски свештеномаченици. Во истиот извор има податоци дека такви управници постоеле и во Македонија, меѓу кои се споменува името на κόμης Ταριδῆνας (Тариденас, Таридин, Тарадин) во времето на кнезот Борис, еден κόμης Дистрос во времето на Симеон. Првиот, Таридин во времето на владеењето на кнезот Борис-Михаил бил на чело на комитат кој што ја опфаќал територијата на епархијата Брегалница. Тој комит Таридин се потчинувал на заповедите на неговиот господар и ги пренел во новоизградениот храм на Брегалница моштите на тројца маченици од Тивериопол, најдени кај словенската Струмица. На сличен начин дејствувал и комитот Дистра (или Дрстра), и за време на владеењето на Симеон тој ги однел во истиот храм моштите на уште двајца Тивериополски маченици. Тој истиот комис бил втор човек во државата веднаш по Симеон и тој ја потчинил на Бугарија пограничната територија на Егејска Македонија, и на тој начин ја фиксирал границата меѓу Византија и Бугарија што е потврдено од натписот на еден пограничен столб од 904 година, на 22 км северно од Солун (Δίστρος ὁ κόμης).[43]

Системот на комитатите постепено ја опфаќала целата територија на државата. Кога точно завршил тој процес не може да се каже со сигурност. Возможно е тоа да се случило кон крајот на управувањето на кнез Борис – Михаил или при управувањето на цар Симеон. Бројот на комитатите варира во зависност од зголемувањето или намалувањето на државната територија.[44]

Со обновувањето на војната меѓу Византија и Бугарија кон крајот на X век, бугарскиот владетел Симеон ( 893 – 927 ) ја проширил територијата на Бугарија, а со тоа успеал на потчини и нови територии во Македонија. Со мировниот договор од 927 година, Византија и официјално и ги прознала на Бугарија освоените српски,

---

[41] Ж. Жеков, България и Византия, 254

[42] Т. Василевски., *България и Византия* IX – XV *век*. София 1997, 48

[43] А. Атанасовски и В. Саракински, *Кои биле Комитупулите,* 15 - 16

[44] Ж. Жеков, Op.cit 279

македонски и албански територии, од времето на Пресијан, Борис и Симеон за нејзини провинции.[45]

Под бугарска власт, Брегалничката област потпаднала во времето на Борис и за полесно владеење била опфатена во посебно воено – административна единица т.н Брегалнички комитат во чии рамки влегувала поширока територија. Средиштето на овој комитат најверојатно се наоѓало во утврдениот град Брегалница.[46]

Од житието на Тивериополските маченици се дознава дека за време на владеењето на Борис на чело на Брегалничкиот комитат стоел комитот Тарадин (ϰόμης Ταραδήυ). Кнезот Борис преку комитот Тарадин, како и преку другите комити, кои според Теофилакт Охридски му биле „ служители и исполнители на заповедта ”, дејствувал во затврднувањето на неговата власт во штотуку завладеаните македонски области.[47]

Улогата на комитатите била да учествуваат во зацврстувањето на власта, дејствувале со потчинетиот воено-административен апарат и со војската, но во случајот со комитот Тарадин кога го смитувал населението на Струмица, со помошта на повеќе грисопии, значи дека дејствувале и со помош на црковните органи.[48]

Дека кнезот Борис интензивно подигал нови цркви говори и еден апокрифен летопис од XI век. Во него меѓу другото се вли дека Борис „создаде цркви ..... и на реката Брегалница “( създь цркви... и на рѣцѣ Брѣглѕици ), исто така и „ на Овче Поле создаде бели цркви“ ( ѕа Овчи Поли създа Бѣли Цркви ).[49] Ова е и период кога Борис ја обновил Брегалничката Епископија, за чијашто изградба комитот Тарадин ангажирал „многу работници“.[50] За оваа епископија да се издигне на едно повисоко ниво Борис наредил да бидат пренесени моштите од откриените Тивериополски маченици, за подоцна во време на владеењето на Симеон Брегалничката црква да ги добие моштите на уште двајца од Тивериополските светци кои по наредба на Симеон ги пренел „од

---

[45] Б. Панов, Штип и Брегалничката област во средниот век ( VI – крајот на XII век ), *Средновековна Македонија* III, Скопје 1985, 608
[46] В. Гюзелев, К.Б. I, 385
[47] Б. Панов, Охрид и Охридската област во време на Бугарското владеење. - *Средновековна Македонија* III, Скопје 1985, 145
[48] Ibid
[49] Й. Иванов, *Богомилски книги и легенди*, 283
[50] Б. Панов, *Средновековна Македонија*, 611

Тивериопол во Брегалница“ и ги положил во тамошниот храм комитот Дистр ( κόμης Δίσρος )

Словенските свештеници, кои биле ставени во служба на бугарскиот двор, преку популаризирање на „чудата“ на светците од Брегалничкиот храм, успеале најпосле да му зададат дефинитивен удар на паганството и во Брегалничкиот крај, како и во другите краишта во Македонија.[51]

Поради својата дејност Брегалничката епископија, од бугарските владетели Борис и Симеон била удостоена со низа привилегии, зависно население и имоти конфискувани од лицата кои не се откажувале од своите пагански обичаи, како и од оние кои не сакале да и се потчинат на бугарската власт. Дека бугарските владетели и во Брегалничката област ангажирале големи воени сили во сузбивањето на отпорот на населението, известува и Теофилакт Охридски во Житието на Тивериополските маченици. Имено, тој истакнува дека во времето на Симеон во Брегалница биле стационирани голем број на бугарски војници „кои што живееле немарливо и имале небрежно поведение.[52]

Ова е време кога во рамките на бугарската држава биле формирани феудалните општествени односи, а со тоа бил забрзан и процесот на феудализација во Брегалничката област, со што забрзано почнале да се разложуваат слободните селски општини. Дошло до појава на се поголема имотна нееднаквост, што водело и до создавање на феудалните односи меѓу жителите во овој регион.[53]

---

[51] Б. Панов, *Средновековна*,612
[52] Б. Панов, Штип и Брегалничката област, 154
[53] Б. Панов, *Средновековна*, 613

## III. Брегалничката област во склоп на Бугарија до 969 година

Со сознанијата што ги нуди археологијата, во текот на IX – X век во брегалничкиот регион, целокупната архитектонска пластика која е секундарно употребена во градбите е обележана со загадочни знаци, графити, крстови и букви од глаголскиот и кирилскиот алфабет. Овие податоци јасно укажуваат дека неугледните конструкции изградени во византиските разурнати градби имаат словенска припадност.[54]

Со населувањето на Словените и непосредниот контакт со заостанатото домородно население, како и со превземените мисии за покрстување и со формирањето пак на првите словенски државни јадра на Балканот, во 864 година дошло до официјално примање на христијанството во Бугарија, а со тоа и од страна на Словените што биле во составот на бугарската држава.

Паралелно со покрстувањето започнала и обновата на ранохристијанските разурнати храмови, како и изградба на нови црковни градби во градовите и населените места. Богатите историски и литературни извори поврзани за областите по Брегалница, даваат многу важни податоци за почетоците на покрстувањето на Словените, за создавањето на првата словенска црковна организација. Овие известувања ги потврдува и археологијата со откритијата по средниот тек на Брегалница, за градот Баргала кај Горен Козјак и во рамниот град кај Крупиште во Овче Поле[55].

Расположливите податоци што ги нуди археологијата укажуваат дека во реонот кај Крупиште се наоѓала голема средновековна населба од градски карактер со многу јавни градби и цркви меѓу кои е и големиот катедрален храм во кој според Блага Алексова биле пренесени моштите на петнаесетте тивериополски мартири од Струмица во Епископијата на Брегалница.[56]

---

[54] Б. Алексова, *Епископијата*, 69

[55] Ibid, 101

[56] Ibid



Сл. 2. Кале, Крупиште. Катедрална крстовидна црква IX и X век

Изградбата на Големиот Град на Брегалница и основањето на првата словенска епископија во него не е случајно. Стариот ранохристијански епископски центар во Баргала, со многу изградени цркви во јурисдикционите области по Брегалница, имал мошне брза улога во покрстувањето на Словените во овие простори. Поради тоа и културно – просветната мисија на Константин Филозоф се одвивала во градот Равен на Брегалница во кој подоцна била организирана првата самостојна словенска црковна организација – Епископијата на Брегалница[57] која се споменува и на Вселенскиот Собор во Константинопол во 879-880 година, каде како свој претставник го имала епископот Мануил титулиран Проватски.[58]

Откривањето на репрезентативниот храм на Брегалница недалеку од Крупиште, со инкорпорираната крстовидна црква во јужниот анекс, укажува дека Големата црква била посветена на општиот култ на Евхаристијата, а крстовидната црква определена за култ на мартири. Платформата што ја опкружува ambulucrum била наменета за сместување на ковчезите со мошти или реликвии на маченици. Од расположливиот

[57] Б. Алексова, *Епископијата*, 102

[58] Ibid, 161

археолошки материјал и анализа на архитектонските елементи укажува дека овој храм на Брегалница е подигнат во втората половина на IX и почетотокот на X век.[59]




Сл.3. Кале „ Крупиште ” црква 1, IX -  X век

Овој локалитет Б. Алексова смета дека е тесно поврзан со историските извори на Теофилакт кој е доста сликовит во списот за маченииштвото на светите 15 тивериополски маченици. Имено тој споменува дека за време на владеењето на Борис - Михаил, со царски налог е побарано да се изгради катедрален храм во Брегалничката Епископија, а од Тивериополис да се пренесат моштите на 15-те маченици кои страдале во ранохристијанските прогони, организирани од Јулијан Апостата во IV век, кои биле погребани во Струмица. Сакајќи да ги зачуваат светите мошти, Струмичани се побуниле и по долга расправија се договориле со претставниците на власта да се пренесат само тројца: Тимотеј, Комасије и Евсевиј. За време на владеењето на Симеон и по неговата заповед биле пренесени и положени во истиот храм мачениците Сократ и Теодор. Во Брегалница биле извршени сите пригодни обреди, а божествените ковчези

59 Б. Алексова, *Епископијата,* 162

ги поставиле на десната страна во храмот.[60] Пренесувањето на моштите имало за цел да ја зајакне Брегалничката Епископија како силен словенски црковен центар и културен и просветен центар.




Сл.4. Клетовник, Крупиште, Мартириум IX и X век

Овој култ на мартирите и на нивните реликвии во Константинопол бил силно распространет во IX-X век. Археолошките пронајдоци укажуваат дека култот на реликвиите бил исто така распространет и во одделните провинции на Византија. Реликвиите се транспортирани од едно светилиште во друго, а околу нив се подигале специјални градби. Тие се славени не само од свештеничкиот клир, туку и службено.[61] Со ваквиот чин се придонесувало не само за распространување на култот, но и за славење и подигање на црквата на едно повозвишено ниво.

Организационо поставена според правилата и нормите на византиската црква од IX-X век, која се потпирала врз традициите на ранохристијанството IV-VI век.[62].

---

[60] К. Трајковски, Преглед врз средновековната археологија на Брегалница, - *МАА бр.13*, Скопје, 1993
[61] Б. Алексова, *Епископијата*, 96
[62] G. Babić, *Les Chapelles annexes des énglises Byzantines*, Paris, 1969, 37

Со примањето на христијанската религија, црквите станале жариште за ширење на Христијанството, како места каде што се вршело богослужение, а со тоа се појавува и потреба од развиена градителска дејност на храмови.

Во период кога Македонија во политички поглед се наоѓала под Бугарско-византиско господарство била подложена на силен феудален процес кој всушност бил еден од посилните фактори за појава на богомилското движење, во кое било акумулирано незадоволството на населението од Бугарската и Византиската власт, што го продолжило социјалниот и политичкиот антагонизам. Имено, со воспоставувањето на Бугарско-Византиската власт во одделни македонски области, поданиците покрај даноците, биле обврзани и на дополнителни давачки кон државно-административниот апарат, што секако придонело за забрзување на социјалните спротивности.[63]

На тоа се надоврзува и евидентниот пораст на црковниот и световниот земјопосед, што резултирало со намера да се основаат цркви и манастири на целата територија на Македонија, затоа што црквата била главно орудие за застапување и бранење на господарските феудални општествени односи. Придонес за тоа има и фактот дека и самата црква била крупен феудален сопственик под чија власт се наоѓале големи површини на земја, која била конфискувана од селаните, а тие пак како обработувачи на имотите не биле исфрлани од имотот на кој дотогаш живееле, туку напротив, биле претворани од слободно во феудално зависно население.

Така во услови на доминантен духовен амбиент и силна социјална спротиставеност, се јавуваат и антицрковните движења или ересите, кои во епохите на криза за незадоволните, имале посебно привлечна сила.[64]

Ново појавената „ ерес " на својата страна ги привлекла селските маси, додека со своето учење ги добила за противници сите што стоеле имотно добро како царот, болјарите и другите големци. Овие „ христијани " што се нарекувале следбеници на попот „ Богомил " претежно биле насочени кон уривање на дотогашниот феудален поредок одвраќајќи го населението од тоа да му се покорува и да му служи на царот и

[63] Б. Панов, *Средновековна*, 263
[64] Г. Острогорски, Историја *Византије,* Београд 1971, 259-260

на неговите „ слуги ”. токму поради ваквиот нивен став постојано биле прогонувани и затварани.[65]

Што се однесува до благороднишрвото во Македонија во поериодот на Бугарското владеење го сочинувале болјари, а меѓу нив особено се истакнувале „принципесите” т.е архонтите на Словените. Тие така се титулирани од страна на латинскиот хроничар Лиутпранд, Лонгобардиски хроничар од X век, кој дошол во Цариград во својство на пратеник на Греманскиот владетел во 968 год.[66]

Презвитер Козма е еден од ретките средновековни полемичари кој со појавата и ширењето на ересот ги објаснува економските, политичките и верските прилики на широките народни слоеви. Причините за незадоволството ги открива во давачките на селаните, кои секогаш се зголемувани, како од страна на централната државна власт, така и од страна на самоволните феудалци, станале речиси неподносливи. Присилени на непрекината работа, Козма пишува, селаните немале време ни на Бога да се помолат.[67]

За тоа каде се појавило ова движење одговор наоѓаме во Опширното Житие на св. Климент во кое се говори за појава и ширење на „ зла ерес “ во охридската област, набрзо после смртта на Климент 916 година, што јасно е воочливо дека богомилството, или бар неговиот најважен огранок, во првобитниот, рудиментиран облик се појавило во првите години на X век. Но и дека најважните еретички жаришта од крајот на X век биле во Македонија.[68]

Расположливите изворни податоци од Житието на Тивериополските маченици, иако на прв поглед доста оскудни, сепак овозможуваат донекаде да се согледаат антагонистичките спротивности што настанале во воспоставувањето на феудалните односи во брегалничката област, кои особено широки размери земале во времето на царот Петар ( 927-969 ) чие што царство само привидно живеело во идиличен мир. Оваа богата сточарско – земјоделска земја, одвнатре била разрушена како и сите други

[65] С. Антолјак, Средновековна Македонија I, Скопје 1985, 259
[66] Латински извори II, 318 - 320
[67] Д. Драгојловић, *Почеци Богомилства на Балкану* 19-29, 24, Богомилството на Балканот во светлината на најновите истражувања, Скопје, 1982
[68] Ibid

делови на Бугарското Царство поради слабостите на тогашната централна власт, кога дошло и до забележливо заострување на класната борба.[69]

За брзото ширење на антицрковното, антифеудално и ослободително движење во брегалничката област уште во самиот зародиш на неговото појавување, придонеле и Климентовите ученици кои по завршувањето на Охридската школа, дејствувале во одделните македонски области како учители и свештеници. Тие со своите знаења можеле подлабоко да проникнат во толкувањето на „ светите писанија " што довело до нивно спротиставување на проповедите на органите на бугарската црква.[70]

Против органите на оваа црква морал да настапи и нејзиниот најголем заштитник – презвитер Козма, кој во својата беседа против богомилите истакнува дека голем број од официјалните црковни органи кои биле зафатени од овој блуд, алчноста за богатство и слично, станале причина голем број од верниците да и пристапат на богомилската ерес.[71] Соочен со брзото ширење на богомилството во Македонија, царот Петар бил принуден да се обрати за помош и во Византија. Во прв ред помош му укажал цариградскиот патријарх Теофилакт, кој исто така бил заинтересиран „новопројавената ерес"[72] што побрзо да се искорени, но неговите совети не помогнале затоа што ова движење земало голем замав.

Дека од богомилското движење масовно биле зафатени и брегалничките краишта говорат и големиот број настани што се случиле во овие предели и нашле одраз во одделните апокрифи и житија, како и имињата на повеќе села кои се сметаат за богомилски. Така, името на с. Кутегерци, недалеку од Осоговскиот манастир, потсетува на богомилска населба, бидејќи во средновековието богомилите се нарекувале кутугери ( κουδούγεροι ). Исто така името на осоговското село Богослов се доведува во врска со апостол и евангелист Јоан Богослов, псевдо авторот на Тајната книга на Богомилите, бил доста почитуван меѓу приврзаниците на ова движење. Ј. Иванов за богомилски назив го смета и имет на с. Еремија кое лежи на подножјето на Осоговската Планина, притоа го доведува во врска со пророкот Јеремија и познатиот писател и распространувач на апокрифите, попот Јеремија. Меѓу селата кои своите

[69] Б. Панов, Штип и брегалничката област од VI-XII век, *Зборник – Штип низ вековите I,* Штип, 1986, 155
[70] Ibid
[71] Д. Ангелов, *Богомилството в България*, София, 1969, 117
[72] Б. Панов, *Зборник – Штип низ вековите*, 156

имиња ги добиле под влијание на Богомилите, Иванов го наведува и с. Недокрштеница во Козјак, кое настанало под влијание на Богомилите кои одбиле да се крштеваат.[73]

Кон крајот на владеењето на Бугарскиот цар Петар, ширењето и истапувањето на богомилството во Македонија било распространето во толку големи размери, што веќе позади превезот на религиозно движење, всушност се криеле длабоки, социјални и политички промени кои претставуваат плодна почва за организирање на едно ослободително востание против Бугарија.

[73] Ѝ. Иванов, Богомилски книги и легенди, фототипно издание, София, 1970, 36, 164

# Глава трета

# Брегалничката област во периодот на Самуиловата држава

## I. Создавањето на Самуиловата држава

Долгогодишниот мир помеѓу Бугарија и Византија бил нарушен кога Бугарскиот цар Петар во средината на 60-те години на X век, испратил делегација во Византија да го побара данокот предвиден со мировниот договор од 927 година. Никофор II осторо го одбил плаќањето на данокот и наредил Бугарските пратеници да бидат натепани и со навреди биле протерани од Цариград. Ова било причина во 965 – 966 година да започне војна меѓу Бугарија и Византија.[74]

Зафатена на исток, Византија побарала друг субјект во решавањето на проблемот со Бугарија, испраќајќи го Калокир, син на управникот на Херсон, удостоен со високо дворско достоинство патриციј, во Киев, за да го убеди Руският кнез Свјатослав да тргне во поход против Бугарите. Мисијата на Калокир била успешна па во месец август 968 година со шеесетилјадна војска Свјатослав го започнал својот поход ја минал реката Дунав и како што соопштува Лав Ѓакон од сите страни почнал да ги убива Мизијците односно Бугарите.[75] Со овие воени дејствија киевскиот кнез успеал да завладее со 80 градови, распространети по двата брега на Дунав. Во екот на овој голем успех, Свјатослав примил писмо од Киев во кое според Руските летописи го укорувале дека „ бара туѓа земја ” а во исто време Печинезите го заплашувале Киев.[76] По ова Свјатослав се повлекол назад во Киев.

Ова неочекувано или пак предизвикано заминување на Русите го променило воениот и политичкиот тек на Балканот. Бугарите се ослободиле од непријател и покрај тоа што окупирал мал дел од бугарската држава, а во исто време Никофор II Фока сфатил дека згрешил доведувајќи толку голем непријател накај Цариград кој неколку пати покажал стремеж кон Византискиот престол.[77]

---

[74] В.Н. Златарски, История на Българската държава през средните векове, том I/2, София 2002, 524-532
[75] И.Божилов и В. Гюзелев, История на средновековна България VII – XIV век, том I/3, София 1999, 296
[76] Ibid, 296
[77] Ibid, 297

Од таа причина неопходно било да се направи нешто со што ќе се променат односите меѓу двете земји во позитивна насока. Никифор одлучил да ја смени политиката кон Бугарија склучувајќи нов Византиско – бугарски мировоен договор во 968 година.[78] Како гаранција за мирот, царот Петар ги дал своите два сина Борис и Роман во Цариград, бидејќи во меѓувреме умрела неговата жена Марија, којашто дотогаш била гарант за мирните односи. Набргу потоа Петар умрел ( 30 јануари 969 година)[79]

За овој настан Јован Скилица вели: „ А Петар, царот на Бугарите, наскоро по смрта на својата жена, за да го обнови мирот, склучил сојуз со царевите и ги даде како заложници сопствените два сина Борис и Роман. Маклу потоа умре " ( Πέτρος δὲ ὁ τῶν Βουλγάρων βασιλεὺς τὴν εἰρήνην τάχα ἀνανεούμενος ἀποθανούσης τῆς αὐτοῦ γυναικός, σπονδὰς πρὸς τοὺς βασιλεῖς ἔθετο, ὁμήρους δοὺς καὶ τοὺς οἰκείους δύο υἱοὺς [2.347] Βορίσην καὶ Ῥωμανόν· καὶ μετὰ μικρὸν ἀπεβίω ).[80]

Бидејќи бугарската држава останала без цар, а синовите на Петар биле далеку од својата земја, оваа ситуација ја искоритиле комитипулите: Давид, Мојсеј, Арон и Самуил, кои биле синови на комитот Никола, организирајќи востание (побуна, апостасија) и ја вознемирувааа државата на Бугарите.[81]

За ова отпаѓање на комитупулите податоци даваат Скилица и Зонара :

( Петар царот на Бугрите, го обновил мирот кусо време откако му починала жената; тој склучил договор со царевите, давајќи ги како заложници и своите два сина, Борис и Роман. Не многу потоа Петар починал.

По ова, неговите синови биле пратени во Бугарија за да го преземат татковото владение, но и за да го запрат напреднувањето на комитупулите. Имено, Давид, Мојсеј, Арон и Самоил, деца (синови) на еден од моќните комити во Бугарија, намериле да се одметнат и ги мателе бугарските работи. Така се случиле овие нешта ).[82]

(Πέτρος δὲ ὁ τῶν Βουλγάρων βασιλεὺς τὴν εἰρήνην τάχα ἀνανεούμενος ἀποθανούσης τῆς αὐτοῦ γυναικός, σπονδὰς πρὸς τοὺς βασιλεῖς ἔθετο, ὁμήρους δοὺς καὶ τοὺς οἰκείους δύο υἱοὺς Βορίσην καὶ Ῥωμανόν· καὶ μετὰ μικρὸν ἀπεβίω.

---

[78] В.Н. Златарски, История, т. I/2, 586
[79] Гръцки извори за Българската история. VI. София 1965, 246 - 249; В.Н. Златарски, История ..., т. I/2, 589
[80] А. Атанасовски и В. Саракински, *Кои биле Комитупулите,* 19
[81] Ibid 19
[82] А. Атанасовски и В. Саракински, *Кои биле Комитупулите,* 21 - 22

οἱ δὲ υἱοὶ αὐτοῦ ἐν Βουλγαρίᾳ ἐπέμφθησαν μετὰ ταῦτα ἐφ› ᾧ τῆς πατρῴας ἀντισ-χέσθαι βασιλείας, καὶ τοὺς κομητοπούλους ἀπείρξουσι τῆς πρόσω φορᾶς. Δαβὶδ γὰρ καὶ Μωϋσῆς καὶ Ἀαρὼν καὶ Σαμουήλ, ἑνὸς ὄντες παῖδες τῶν μέγα δυνηθέντων ἐν Βουλγαρίᾳ κομήτων, πρὸς ἀποστασίαν ἀπεῖδον καὶ τὰ Βουλγάρων ἀνέσειον. καὶ ταῦτα μὲν συνηνέχθη ὧδε ).

Овој пасус се среќава и во латинскиот превод на Габиус и нешто слично кај Миње, со разлика во последната реченица кај Габиус која е преведена „ така тоа се случи ”, а кај Миње „ И таа работа тогаш стана така ”. Значи, грчкиот текст на Кедрин и латинските преводи на Габиус и Миње го потврдуваат фактот дека во 969 година ( по смрта на Петар ) во Бугарија дошло до немири, предизвикани од браќата комитупули и дека поради тоа било нужно наследниците на престолот, односно синовите на Петар веднаш да се вратат во Бугарија за да τὴν πατρῷαν ἀρχὴν κατακτήσασϑαι, т.е “et comites ultra progredi prohiberent“ ( Габиус ), односно “et cometopulorum impetum reprimant” ( Миње ). [83]

Комитопулите имале успех и по отстранувањето на бугарската власт уште во 969 година на ослободената територија била создадена нова држава на Балканот позната како Самуилова, по основачот на царската династија.[84]

И покрај тоа што Борис II со поддршка на византискиот император седнал на престолот како Цар Борис II ( 969 – 971 ), бил премногу слаб несамо да спроведе самостојна и енергична политика туку и да ја зачува државата во целина, но и да ги спречи комитупулите во новното напреднување.[85]

Во прилог на дејствијата на комитопулите било повторнот навлегување, на територијата на Бугарија на Русите ( крај на јули почетокот на август 969 година ),[86] односно на Свјатослав привлечен од „Перејаславец” или Преславац ( Мал Преслав на Дунав ) зашто го сметал за средина на својата земја,[87] понесен од идејата да формира своја држава во Бугарија.

---

[83] А. Атанасовски и В. Саракински, *Кои биле Комитупулите,* 22
[84] Ibid 21
[85] В.Н. Златарски, История, т. I/2, 586
13 Ibid 594
14 С. Антолјак, Самуиловата држава, 327
15 Г. Острогорски, *Историја,* 281

Повторното и ненадејно навлегување на Русите на територијата на ослободеното бугарско царство предизвикало голем пресврт во Византија во поглед на задушувањето на востанието на комитопулите.

Со тоа комитопулите останале слободни и непокорени на својата територија, доста оддалечени од воените операции на Русите. На нивната територија бегале жителите од загрозените делови на бугарското царство и со тоа ја јакнеле воената сила на комитопулите. Врз основа на Свјатославовото навлегување и заземање на Бугарија може да се определи дека пределите во кои владееле биле во засега незагрозените југозападни територии на царството.[88]

Со ова Руско навлегување на Балканот не можел да се помири византискиот император Јован Цимиски, додека пак од друга страна, комитупулите биле само внимателни набљудувачи.

Решавачката војна започнала во пролетта 971 година со влезот на Цимиски во Бугарија низ теснините на Балканот и го освоил Преслав.[89]

Силината и моќноста со која Цимиски го задал овој удар против Свјатослав спаѓа во еден од најсјајните подвизи на византиското војување. Успеал да нанесе двоен удар го победил Свјатослав и се ослободил од еден опасен непријател нанесувајќи и тежок удар на руската држава, запирајќи ги нејзините амбициозни стремежи со протерувањето од Бугарија, но во исто време триумфирал над Бугарите.[90] Заробувајќи го Борис II, заедно со неговиот брат, како триумф го однел во Цариград каде Цимиски пред насобраниот народ на Борис II му ги симнал царските знаци, златната круна ( στέ φαυος ἐκ χρυσοῦ ), тијарата ( τίαρα ) и црвените чизми ( πέδιλα έρυθρά ). Во црквата св. Софија ја оставил бугарската круна ( τόυ βουλγαρικὸυ ), а на Борис II му била доделена титула магистер.[91]

Со ова Бугарија била претворена во обична византиска провинција и била приклучена во тематскиот система на Византија.[92]

Откако комитупулите ја увиделе византиската моќ, ја признале врховната византиска власт со што формално биле потчинети на централната византиска администрација, а пред сè на василевсот, но и покрај тоа тие задржале широка автономија на управување за што сведочи фактот дека на територијата со која владееле

---

[88] С. Антолјак, Средновековна, 328 - 329
[89] Ibid 330
[90] Г. Острогорски, *Историја*, 281 - 282
[91] Гръцки извори, VI, 274
[92] С. Антолјак, Средновековна, 332

немало формирано византиска тема и воведено византиска управа. Станува збор за областите западно од градот Средика, најголемиот дел на територијата на Македонија, од Скопска Црна Гора на север каде што била границата со византиската управа во Рашка, на југоисток до средниот тек на на реката Струма и темата Стримон – Крушево, на југ до малите теми Драгувитија, Бер и Едеса, темата Хелада, со центар Лариса и на запад областите до темите Драч, Јерихо и Никопол. Византиска управа немало во градовите Костур, Сревија, Битола, Охрид, Белград ( Берат ), Дебар, Прилеп, Скопје, Велес, Штип, Струмица, Средика.[93]

Очигледно е дека на Балканот од 969 година постоела слободна територија отцепена од бугарската власт, чиешто јадро било во југозападна Македонија, на чело со комитопулите.

Веќе по неколку години правилно ја процениле новонастанатата состојба по капитулацијата на Русија и без противење ја признале врховната византиска власт. Тоа им одело во прилог затоа што во 969 година не кренале востание против Византија, под која всушност не ни биле.

Секако дека тие, поради своето навремено признавање на византискиот протекторат, со благослов од Цимиски, биле речиси самостојни во своите акции. Затоа радиусот на нивната политичка дејност можел да биде така широк, како потегот со испраќањето пратеник кај царот Отон I во Кведлинбург, каде што пристигнале и византиски пратениц. Имено, Цимиски кој по победата над Свјатослав, иако привремено го решил бугарското прашање и го ставил во византиска сфера на интерес целиот Балкански Полуостров, имал одврзани раце да го реши по дипломатски пат второто, дотогаш мошне непријатно прашање, а тоа биле односите со Германија.[94]

Цимиски уште за време на својата офанзива на исток му испратил пратеништво на Отон I во Кведлинбург, каде што го прославувал Велигден (23.III.973 год.). Пратеништвото носело кралски подароци, како што известуваат за тоа Annales Hildesheimenses, во поглавјето со наслов „ Bulgari legatos cum regiis muneribus ad Ottonen imperatorem mittunt”. Во тоа време, покрај овие пристигнале и пратениците на Беневенчаните, Унгарците, Бугарите, Данците и Словените исто така со кралски подароци.[95]

---

[93] А. Атанасовски и В. Саракински, *Кои биле Комитупулите,* 24 – 25
[94] С. Антолјак, Средновековна, 334
[95] Латински извори, II, 357

Anales Altahenses maiores (708 – 1073) под истата година ( во поглавјето „Bulgari legatos cum regiis muneribus ad Ottonen imperatorem mittunt” ) известуваат дека во Кведлинбург пристигнале пратениците на Грците и Бенивенчаните со подароци, како и 12 првенци на Унгарците и двајца првенци на Бугарите ( ... Bulgarem duo ).[96]

Испраќањето на двајца пратеници од страна на Бугарите во Кведлинбург кај Отон I во 973 година, е сосема необичајно, затоа што не можел да ги испрати цар Борис II, кого Цимијски го однел како триумф во Цариград, а Бугарите биле без легитимен владетел.

Се знае дека токму во 973 година цела Бугарија ја признала власта на Византија т.е на Цимијски. Според тоа, Бугарите без нивно знаење не можеле да испратат пратеници кај Отон I, со кого тој владетел бил во најсрдечни и роднински односи. Што значи дека тоа можело да се случи единствено со дозвола и знаење на византискиот цар.[97]

Оваа вест што ја изнесуваат изворите се однесува на територијата, со која од 969 година владееле комитопулите. Тие, значи, единствено со премолчена согласност од својот протектор – Цимијски, можеле да испратат свое претставништво, можеби и заедно со византиското.[98]

Врз основа на податоците од изворите кои водат во насока дека двајцата „Бугарски” пратеници биле двајца од браќата – комитопули или пак можеби и самиот Самоил со еден од браќата, со нивниот престој искористиле можност за меѓународно признание на новата Балканска држава.[99]

Секако дека овие изворни податоци потврдуваат дека комитопулите на својата територија биле толку самостојни, што во пријателски расположеното германско царство спрема Цимијски можеле, покрај византиското пратеништво и самите да отидат како пратеници.[100]

Во 976 година умрел Јован Цимијски и на византискиот претсол се искачиле синовите на Роман II, законските наследници Василиј II и Константин VII. Василиј имал 18 години, а брат му 16 години и затоа поголема улога имал постариот брат. Но, во Византија подолг период биле навикнати на чело на државата да гледаат искусни војсководци, додека потомците на легитимната династија биле во втор план. Затоа кога

[96] Латински извори II, 375, 378, 379
[97] С. Антолјак, Средновековна, 340
[98] Ibid 341
[99] Б. Панов, *Средновековна,* 46
[100] С. Антолјак, Средновековна, 341

умрел Јован Цимијски, неговиот шура Варда Склир, кој што бил заповедник на источната војска се одметнал ( направил апостасија ) и се прогласил за цар во Мала Азија. Така во Византија започнала неколку годична граѓанска војна. Токму таа граѓанска војна влијаела да ослабат византиските позиции на Балканот, посебно во Бугарија потчинета во 971 година, а и во Македонија каде што од 969 година власта ја држеле во свои раце комитопулите. Нивниот сизерен Јован Цимијски веќе бил мртов и сега тие како негови вазали фатички биле слободни да сејствуваат како што сакаат. Токму за тој период се однесуваат вестите на Скилица за востание на „ Бугарите ”.[101]

Во врска со тоа Скилица ( Габиусов латински превод ) вели: „ Потоа пак Бугарите, штом умре кралот, кренаа востание ( се побунија ) и за свои владетели избраа ( зедоа ) четворица, браќата Давид, Мојсеј, Арон и Самуил, синови на некој кнез, кој кај Бугарите бил многу моќен и затоа се наречени комитопули ”. ( ... „ quun autem Bulgari, simulateque mortuus est rex. Rebellasent, quatuor eorum principes deliguntur, omnes, fratres Dauid, Moyses, Aron et Samuel, filii cuiusdam comitis, qui apud Bulgaros plurium poterat, et idcirco Comitopuli appelati … ).[102]

Додека Зонара за истиот настан вели: „ А државата на Бугарите ( Τά δέ Βουλγάρων ) одново ( αὖθις ) се побуни ( κεαίνητο ), штом ( ώς ) беше објавено дека умрел Цимијски и Бугарите својата власт им ја предадоа на четворицата браќа Давид, Мојсеј, Арон и Самуил кои се нарекуваа комитопули, бидејќи беа синови на еден од познатите и именувани комити кај нив .[103]

Од двата византиски извори станува јасно дека оваа побуна ( апостасија ) се случила во 976 година по смртта на Јован Цимијски и дека Бугарите за свои владетели ги избрале четворицата комитолули. Тоа било така бидејќи претставниците на бугарската царска династија – синовите на царот Петар, Борис и Роман се наоѓале во затвор во Цариград. Борис добил чин магистер, а Роман бил кастриран од поранешниот паракимомен, евнухот Јосип. Тие кога дознале за настаните во нивната држава избегале од затвор и побрзале да го заземат татковиот престол. Но при преминот низ некоја ниска шума, Борис бил убиен од некој војник, кој што мислел дека е Ромеј, бидејќи бил облечен во Ромејски алишта. Роман се спасил и успеал да се врати во

[101] А. Атанасов., Востанијата на комитопулите ( 969 – 976 ). - *Востанијата во Македонија*, Скопје 2015. 49

[102] С. Антолјак, Средновековна, 342

[103] Ibid, 343, 344

Бугарија, но тој не бил закана за комитопулите бидејќи бил кастриран и не може да биде цар.[104]

Употребата на терминот „ апостасија“  од страна на Скилица, за востанието на комитопулите од 969 година и за „ Бугарите“  во 976 година водат во насока дека тоа се најпресудни години за создавањето на Самуиловата држава.

Првата година го означува почетокот на формирањето на државното јадро во Македонија под водство на комитолулите, кои ослободувајќи се од бугарската централна власт, започнале успешно да ја прошируваат својата сè уште мала државичка во сенка на византиското врховништво во времето на царувањето на Цимијски.[105] Со самото тоа отпаѓа теоријата дека нивната држава била продолжение на Првото бугарско царство, а Самуил наследник на бугарската царска круна, за која што видовме дека во 971 година била однесена во Цариград.[106]

Во 976 година во отсуство на претставсниците од бугарската владетелска лоза, Бугарите се отцепиле од Византија и ги повикале за свои водачи Самуил и неговите браќа. На овој начин бугарите доброволно се придружиле на она државно јадро во Македонија, кое од 969 година до 976 година ја зачувало својата самостојност, благодарејќи на умешната тактика и извонредната дипломатија на комитолулите.[107]

Откако востанието од 976 година упешно е завршено, набргу потоа Давид е убиен од Власи – скитници помеѓу Костур и Преспа кај „ Убавите Храстови“ .[108] Мојсеј пак загинал при опколувањето на Сер, погоден со камен од ѕидините[109] додека во меѓудинастички судир испровоциран од прикучувањето кон Византија од страна на Арон, сè со цел преземање на раководната власт во државата, резултирал со ликвидација на Арон со целото негово семејство, освен неговиот син Јован Владислав кој бил поштеден по заложба на синот на Самуил, Гаврило Радомир.[110]

По смрта на браќата Самуил создал своја монархија и со добро изграденито воено – управен систем му овозможил да започне со проширување на територијалниот опсег на држават, создавајќи големо царство на Балканскиот Полуостров, кое силно ќе ги затресе темелите на византиската империја.

---

[104] А. Атанасовски., Востанијата на комитопулите, 49, 50
[105] С. Антолјак, Средновековна, 351
[106] А. Атанасовски., Востанијата на комитопулите, 50
[107] С. Антолјак, Средновековна, 351
[108] Византијски извори, III, 75, бел. 20
[109] Ibid 76, 77, бел.21
[110] Ibid 77

Поради граѓанската војна во Византија што избувнала под водство на Варда Фока, го фокусирал вниманието и ангажманот на Василиј II на истокот од империјата. Ваквата ситуација му одела во полза на монархот Самуил, кој според Скилица „ како воинствен човек и незнаејќи за мирување“ ја искористил ситуацијата и го нападнал целиот запад, не само Тракија и Македонија, како и предели околу Солун, туку и Тесалија, Елада и Пелопонез.[111]

За овие освојувачки походи Зонара е многу поопшт и соопштува дека кога Самуил видел дека ромејските трупи се зафатени со граѓанска војна, неказнето поминувал преку сите западни ромејски покраини, не само ограбувајќи туку потчинувајќи цели области заедно со градовите.[112]

По справувањето со граѓанската војна во Византија, Василиј II решил да се пресмета со Самуил и како што соопштува Скилица, да му се одмазди за се што сторил.[113]

Лесниот продор на Василиј II до Средика (Софија), проследен со отсуство на каков било попатен воен судир, потврдува дека византиската власт во североисточна Бугарија останала незасегната во изминатиот период. Ова води во насока дека Самуил не им посветил големо значење на бугарските територии третирајќи ги претежно од воено – стратешки контекст во функција на заштита на територијата на Македонија како државно јадро. Во таа насока може да се објасни стратешкиот маневар на Самуил при позиционирањето во одбраната на Средика, бидејќи од таму преки планинските тесници се отварал патот кон Македонија. Реконструкцијата на Самуиловата воено – стратешка концепција покажува дека таа примарно била насочена кон заштита на Македонија, што се манифестирало и од приоритетната воено – политичка цел за обединување на сите македонски територии, што го вклучувало и Солун. Ваквата намера на Самуил претставува дополнителна потврда дека тој не настојувал на поврзување со традициите на ликвидираното бугарско царство.[114]

По продорот на Василиј II, Самуил претпазливо одбегнувајќи го секој отворен судир со противникот, со својата војска ги опседнал височините на околните брда и го следел секое движење и чекор на византиската армија.[115] Во момент кога Византијците

---

[111] Грьцки извори, VI, 276
[112] Византијски извори, III, 246, 247
[113] Грьцки извори, VI, 276
[114] М.Б.Панов, Византиска Македонија, Македонија Милениумски културно – историски факти, II, Скопје 2013, 1184
[115] С. Антолјак, Средновековна, 376

излегле надвор од логорот во набавка на прехрамбени продукти во зседа биле нападнати од Самуиловата војска, нанесувајќи им голем пораз на Византијците, кои панично почнале да бегаат. Во тој голем хос, Самуил го зазел целиот византиски логор, ја запленил, покрај целокупниот воен материјал ( комората ) и царската благајна, царскиот шатор и царските знамиња.[116] Оваа битка се водела во клисурата Суки, каде што се наоѓа Трајановата Порта.[117]

После овој тежок пораз Василиј II не бил во состојба да понуди соодветен одговор на воените кампањи на Самуил во периодот од 987 – 989 година бидејќи понижувачкиот пораз кај Трајановата Порта ги поттикнал новите побуни на Склир и Фока, што го определило неговиот приоритетен воен ангажман.[118] Така до 991 година Самуил имал освоено голем дел од македонските територии приближувајќи се до Солун.

По падот на македонските градови во близината на Солун, за да понуди соодветен воен одговор, Василиј II дефинирал нова воена стратегија. Од таа причина го назначил Григорис Таронит за дукс на Солун и да ги спречува сите планирани Самуилови напади.[119] Меѓутоа, цар Самуил не им дал многу значење на промените на Василиј II, туку продолжил со пустошење на грчките области на запад, но истовремено ја опустошил и цела Тесалија во која престанала да функционира византиската власт, била загрозена и безбедноста на населението кое било поробувано и убивано. Во обид да ја земе контролата во свои раце, Василиј II во тоа не успевал и доживувал нови порази.[120]

Повторното актуелизирање на источниот проблем со Арабјаните го предизвикал повлекувањето на Василиј II од Македонија во 995 година. Ваквиот развој на настаните го искористил Самуил за реализирање на долго подготвуваните планови за освојување на Солун, додека главната војска била позиционирана во заседа се постигнал посакуваниот резултат. Испратената војска паднала во заседа во која бил заробен Ашот, а неговиот татко Таронит во обид да го ослободи бил ликвидиран.[121]

---

[116] Гръцки извори, VI, 277
[117] Византијски извори, III, 15 бел.1
[118] М.Б.Панов, Византиска Македонија, 1186
[119] Гръцки извори, VI, 278
[120] Византијски извори, III, 32
[121] С. Антолјак, Средновековна, 417




Сл. 4. Минијатура на Мадридскиот ракопис на Јован Скилица. Самуил го опсаднува Солун и го убива дуксот Григориј Таронит

Василиј II дознавајќи за смрта на својот војсководец, во Солун го испратил врховниот магистер на запад Никифор Уран. Од таа причина Самуил ги пренасочил освојувањата пустошејќи ги Тесалија, Беотија, Атика и Коринт до Пелопонез.[122]

По пристигнувањето во Солун, Никифор Уран веднаш се упатил во пресрет на Самуил кој се враќал од неуспешниот поход на Пелопонез. Неочекуваниот воен маневар на Уран со ненадејното преминување на реката Сперхеј ги затекнало Самуиловите војници залогорени на брегот на надојдената река. Користејќи ја неподготвеноста на војската за борба на византиската војска не и било тешко целосно да ја разбие и да ѝ нанесе тежок пораз кај реката Сперхеј во 996 година, притоа Самуил

[122]С. Антолјак, Средновековна, 418

и неговиот син, Гаврило Радомир биле ранети но успеале да побегнат преку планината Пинд во Македонија.[123]

По овој пораз Уран ги ограбил и ги оставил непогребани Самуиловите војници,[124] а ги ослободил заробените византијци и со огромен плен се вратил во Солун.[125]

Ваквиот исход не се одразил посериозно врз моќта на македонската држава и на нејзината воена ефикасност, но истиот несомнено довел до јакнење на византиските позиции во околината на Солун, како и во дел од Тесалија и Пелопонез. Соочувањето концентрацијата на воената одбрана на Византија во регионот околу Солун значело откажување на плановите за освојување на овој македонски град.

По поразот кај Сперхеј, Самуил се насочил кон западен Балкан, кој уште со освојувачкиот поход во 986 – 989 година[126] му е овзможена контрола врз Драч, каде како управник го испратил Ашот Таронит, доскорашен заробеник, кој во меѓувреме му станал зет за неговата ќерка Мирослава. Меѓутоа, нелојалноста на Ашот мошне брзо дошла до израз откако тој побегнал во Византија, носејќи писмо од Јован Хрисилиј, кое содржело подготвенос за предавање на градот. Свртувањето на Хрисилиј сепак повеќе било од тактичка природа, бидејќи формалното предавање на Драч на Византија следело по неговата смрт во 1005 година.[127]



Сл.5. Мадридски ракопис на Јован Скилица, XIII век. Самуил ја венчава ќерка си Мирослава за заробениот Ашот

[123]С. Антолјак, *Средновековна,* 420
[124] Гръцки извори, VI, 278, 279
[125] Ibid 279
[126] Љ. Басотова, ,,Летописот" на попот Дукљанин како извор за македонската средновековна историја, *Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија*, Прилеп 1988, 190
[127] М.Б.Панов, *Византиска Македонија*, 1188

За походот на запад информации црпеме од нехронолошкиот податок на Поп Дукљанин, кој опширно раскажува дека Самуил тргнал со голема војска во пределите на Далмација, во земјите на кралот Владимир. Според тоа може да се претпостави дека Самуил во овој воен поход прво го зазел Драч, а потоа и кралството на Владимир кој успеал и да го зараби[128] со исклучок на Улцињ, што залудно двапати го опседнувал.[129]

Натамошниот поход на Самуил бил проследен со пустошење на далматинското крајбрежје сè до градот Задар, при што биле запалени и освоени Котор и Дубровник со околните села. На враќање кон Македонија Самуил со леснотија ја наметнал македонската власт во Босна, Рашка ( Србија ), Захумје и Травунија, како и во еден дел во Албанија. Походот во западен Балкан, покрај демострирањето на воената моќ со освојувањето на нови територии, имал и стратешка димензија, од гледиште на поефикасната заштита на внатрешноста на македонската држава. Кон самиот крај на X век „ непобедливиот по сила“ Самуил, освен сувереното владеење во државното јадро концентрирано на поголемиот дел од Македонија, но без Солун, контролирал и дел од Бугарија, дел од Тесалија, дел од Албанија со Драч, поголем дел од Далмација, Дукља, Травунија, како и Рашка ( Србија ).[130]

Непризнавањето на легитимитетот на македонската држава од страна на Византиија, го довело Самуил во позиција да побара поддршка од западната црква. Врз основа на достапните извори од тоа време може да се каже дека Самуил носел царска круна – στέμμα, испратена од папата, латински наречена „ corona“ или „ diadema“ . Според тоа Самуил со полно право се нарекувал цар, па како што пишува Поп Дукљанин, дека овој владетел барал или наредил така да го викаат, зашто круната му е испратена од папската курија, која освен Византија, единствено била овластена за таков вид полноважен државен акт.[131]

Обезбеденито меѓународен легитимитет на Самуил кон крајот на X век ја предизвикала првата против офанзива на Византија. Византиските војски извршиле напад врз Сердика, по што следела и опсежната воена кампања која резултирала со враќање на градовите Голем и Мал Преслав и Плиска до 1001 година. Во врска со овие походи Скилица не регистрира никакви дирекни воени судири, пишувајќи дека Византиската војска се вратила по преземањето на Плиска и Преслав „ непобедена и победоносна“. Отсуството на какво било посериозно ангажирање во одбраната на овие

[128] Љ. Басотова, ,,Летописот” на попот Дукљанин, 189 - 200
[129] С. Антолјак, Средновековна, 425
[130] М.Б.Панов, Византиска Македонија, 1189
[131] С. Антолјак, Средновековна, 442

бугарски територии потврдува дека тие за Самуил немале посебно значење, бидејќи неговата политика и воена стратегија се засновала на заштита на македонското државно јадро.[132]

Во 1001 година Василиј II повторно тргнува во воен поход против Самуил со цел разбивање на утврдените територии во Македонија. Со добро проверена тактика, Василиј II поаѓајќиод Солун[133] го освоил градот Верија без борба, по претходно обезбедено предавање на градот од тамошниот управник Добромир во замена за стекнување византиска титула.[134]

Со Сервија ситуацијата била сосема различна, каде што лојалниот Самуилов управник Николица бил совладан по неколку месечна силна опсада на градот. Од таму освојувачкиот поход на Василиј II продолжил кон Едеса ( Воден ) и со заземањето на Верија и Сервија, Византија ги вратила во свое владение областите на Македонија во долниот тек на Вардар, освен Тесалија.[135]

Со утврдувањето на позициите северозападно и јужно од Солун, во воената офанзива во 1002 година биле опфатени териториите на север. Ваквиот поход имал дипломатска димензија од аспект на обезбедување сојузништво со Унгарија. Дипломатскиот маневар на Василиј II може да се објасни и со претходно воспоставеното сојузништво на Самуил со Унгарија, кое било формализирано со женидбата на Гаврило Радомир со Унгарската принцеза која ја избркал и се оженил со Ирена заробеничка од Лариса.[136]

Со цел да го дефокусира византискиот император од неговите планови за напад на Македонија, Самуил тргнал во воена контраофанзива кон Адријанопол ( Одрин ). По обезбеденото сојузништво со Унгарија, Василиј II се упатил кон југ, реализирајќи ја главната воена цел со освојувањето на Скопје. Градот бил предаден од тамошниот управник Роман, синот на бугарскиот цар Петар, со што ја демонстрирал својата нелојалност кон Самуил, за возврат бил именуван за патрицие и бил испратен за стратег во Абидос.[137] Клучниот фактор за успехот на Византија при преземањето на

132 Г. Острогорски, Историја, 287,288
133 Гръцки извори, VI, 280
134 С. Антолјак, Средновековна, 477
135 Ibid 448 - 451
136 Гръцки извори, VI, 284 - 302
137 Ibid 283

македонските градови произлегол од обезбедувањето поддршка на полиричката и воена елеита, преку понудата на бигати византиски титули кои носеле престиж.[138]

Додека Скилица за временското растојание од 1002 година до 1014 година не дава никакви информации за војувањето меѓу Самуил и Василиј II, информации даваат други извори како Иван Ѓакон кој наведува дека во 1004 година Василиij II се готвел да ја нападне земјата на „ Бугарите ”, потоа Лупус Простоспатариус кратко наведува дека во 1005 година Драч бил вратен во рацете на Василиј II.[139]

Покрај оскудните изворни податоци за изминатиот „ мирен ” период, настапува кобната 1014 година во која била решена судбината на Самуил на неговата држава и царство.

Самуил увидел дека не може да се спротистави на отворен простор и да стапи во отворена борба против Василиј II, поради тоа што од сите страни бил притиснат, решил да го спречи навлегувањето на Василиј II со прецизно изградени ровови и опкопи.

Бидејќи знаел дека византискиот владетел влегува низ клисурте Кимбалонгу и Колидоион, со широк опкоп ги утврдил ги затворил со кули, обезбедени со јака опсада. На тој начин му го затворил влезот и подготвен го дочекал, византискиот император Василиј II.[140]

Кога стигнал во клисурата, по сугестија на искусниот стратег на Филипопол, Никифор Ксифија, Василиј II ја искористил шансата за нанесување удар на Самуил со добра стратешка тактика, заобиколувајќи ја Беласица и со напад од зад грб му обезбедил на Василиј II простор за разбивање на одбраната на преградата.

Оваа жестока битка се одиграла на 29 јули 1014 година и завршила со трагични последици за Самуиловата војска.[141] Царот Самуил успеал да се спаси, со помош на неговиот син Гаврило Радомир кој храбро ги одбивал нападите на византискиот напаѓач, го качил на коњ својот татко и го повлекол во тврдината во Прилеп.[142]

Овој тежок пораз значел почеток на крајот на големата државна творба на цар Самуил.

По извојувањето победа над својот противник, Василиij II наредил заробените војници да бидат ослепени. Ваквиот чин на Василиј II и трагичната глетка на

[138] М.Б.Панов, Византиска Македонија, 1191
[139] С. Антолјак, Средновековна, 458 - 461
[140] Гръцки извори, VI, 283; Византијски извори, 104, 105
[141] С. Антолјак, Средновековна, 466 - 468
[142] Гръцки извори, VI, 284

илјадниците ослепени војници биле претешки за Самуил, кој починал од срцев удар во октомври 1014 година.[143]

Сега кога Василој II веќе имал отворен пат кон толку посакуваниот центар на Самуиловата држава, веднаш по веста за неговата смрт, тргнал во освојувачки поход.



Сл.6. Смртта на Самуил, Ватикански ракопис од XIV век

[143] С. Антолјак, Средновековна, 470 - 478

## II. Брегалничката област во составот на Самуиловата држава

Брегалничката област во составот на Самуиловата Држава влегла уште од нејзиното создавање, односно била опфатена уште со востанието од 969 година. Во прилог на тоа говорат изворните податоци од Хрониката на Јован Скилица со кои тој соопштува дека комитопулот Арон до неговото убиство од братот Самуил во 976 година живеел во околината на Раметаница[144] ( ἐυ υῆ τοποθεσία τῆς Ῥαμεταυίτζας ) заедно со целиот свој род.

Научниците кои се занимавале со локализирање на топонимот „Раметаница“ се едногласни дека тој треба да гласи Разметаница и дека се однесува на месноста по која тече реката Разметаница, десната притока на Герман што се влева во Струма т.е месноста на просторот меѓу Ќустендил и Дупница.[145]

По вклучувањето на брегалничката област во Македонската Држава, се започнало со интензивна градба на утврдени градови и попатни тврдини, каков што бил случајот и со другите македонси краишта.[146]

Иако градот Штип како словенска населба бил формиран многу порано, својот процут го доживува тому во склопот на Самуиловата Држава. Тоа пред се се должи на значајната местоположба, издигнат на ридот од левата страна на реката Брегалница, бил претворен во вистински град – тврдина.[147]

За брзиот развој на градот допринело и тоа што Штип лежел на важни крстопати и низ него минувал и таканаречениот „Царски Пат“, кој одел од Цариград преку Струмица и Радовиш за Скопје.[148]

Со една ваква поволна положба за брзиот растеж придонела и неговата развиена стопанска дејност, бидејки голем дел од населението се занимавало со земјоделие.[149]

Дека Штип бил голема градска населба говорат и податоците од Ј. Скилица, со кои известува дека императорот Василиј II кога поминал низ Штип во 1018 година, бил пречекан со „молитви и химни“ од населението на овој град.[150]

---

[144] *Гръцки извори,*VI, 276
[145] Й. Иванов, *Северна Македония исторически издирвания*, София, 1906, 38-41
[146] Б. Панов, Штип I…, 157
[147] П. Завоев, Град Щип, - *Македонски преглед, бр. III/3*, 1972, 39
[148] *Гръцки извори,* VI, 91-92
[149] С. Лишев, *Българският средновековен град,* София, 1970, 17, 93, 174

Од расположливите извори, податоци за Штип како црковно седиште од овој период нема. Што значи дека поинтензивен црковен живот во овој регион сеуште се одвивал по горниот и средниот тек на реката Брегалница, каде што постоеле силни црковни традиции уште од предсловенскиот период.[151]

Поради недостиг од изворни податоци не може да се даде точен одговор на тоа кога бил пренесен Епископскиот центар од Брегалница во градотمородвизд, кој како град – тврдина егзистирал во Македонската Држава, а се споменува во I хрисовул на Василиј II даден на Охриската Архиепископија издаден во 1019 година. Мородвизд израснал во епископско седиште. На мороздвискиот епископ му биле потчинети Козјак, Славиште, Злетово, Луковица, Пијанец и Малешево.[152]

Пренесувањето на епоскопската катедра од градот Брегалница во Мородвизд најверојатно се случило уште на почетокот од создавањето на Македонската Држава. Можно е градот Бреглница да настрадал уште во 969 година кога било кренато востанието на комитопулите против Бугарската власт, кога тој како седиште на Брегалничкиот комитат бил изложен на жестоки напади од страна на востаниците. Во прилог на тоа говорат и големиот број на скелети откриени во околината на Брегалница, околу црквата Св. Ѓорѓи во Горен Козјак, како и пронајдената монета на Јован Цимиски (969-976)[153]

На местото на разурнатиот град Брегалница според мислењето на Блага Алексова изникнала нова градска населба позната од изворите како Козјак ( Κοιακός ). Тој се наоѓал на просторот на с. Горен Козјак, за што говорат и остатоците од една тврдина позната под името „Градот“[154]

Со проширувањето на војната на императорот Василиј II против Цар Самуил целата територија на Македонската Држава била изложена на зачестени напади од страна на Византиската војска. Од овие напади не биле изоставени ниту утврдените градови и попатни тврдини во брегалничката област. Нападите зачестиле по 1002

---

[150] *Гръцки извори,* VI, 93
[151] Б. Панов, Штип I, 159
[152] И. Снегаров, *История на Охридската архиепископия*, I, София, 1924, 174
[153] Б. Панов, Штип I, 159
[154] ibid

година, после тешкиот пораз што го доживеал Самуил кај Скопје. Тогаш овој важен воено-стратешки центар за Македонската Држава, поминал под власта на Византија.[155]

Со ова завземање на Скопје на императорот Василиј II му било олеснето навлегувањето во внатрешноста на Македонија и како што наведува Јован Скилица „секоја година“ од почетокот на XI век тоа го правел преку царскиот пат кој ја поврзувал Струмица со другите македонски градови. [156]

За да го спречи тоа Самуил превземал мерки со закрепување на теснината од каде што најчесто навлегувал императорот поставувајќи му заседа. Меѓутоа ова не било доволно по што на планината Беласица се одиграла решавачката битка во која Василиј II триумфирал над Самуил и тоа всушност бил и почеток на крајот на Самуиловата Држава.

По смртта на Самуил и ставањето на Македонија и македонските области под Византија, брегалничката област сеуште не била ставена под Византиска власт, иако градот Штип бил освоен во есента 1014 година. Имено Јован Скилица наведува дека по смртта на последниот македонски цар Јован Владислав (1018г), градот Мородвизд доброволно бил предаден, каде што во присуство на претставниците од Пелагонија и Липљан официјално му ги предале на Василиј II своите градови. [157]

---

[155] *Гръцки извори,* VI, 282-283
[156] ibid
[157] Ibid, 290-292

## III. Општествено уредување на Самуиловата дражава

Изворните податоци за општественото уредување и економските прилики во Самуиловото Царство се доста сиромашни, но расположливите извори фрлаат одредена светлина во концепцијата на државната творба и животот на населението.

Големата држава на Самуил ја чинеле разновидни населби, како градови најчесто утврдени со ѕидини ( καστρα ), а жителите според Теофилакт Охридски кој во своите писма ги нарекува „кастрини“ ( καστρήνοι ),[158] тврдини ( φρούρια ) како и голем број помали места. По своето значење меѓу нив се истакнуваат градови и места во јужните предели на државата т.е. во Грција и во приморските краишта на Драч, Котор, Дубровник.

Покрај т.н. Бугарска кастра преку реката Марица, во јужниот дел на Самуиловата држава се познати како вистински градови ( πόλις ): Скопје, Охрид, Касторија и Верија. Како град ( πόλις ) и тврдина ( φρουρίου ) е Меглен ( Моглен ), а само како тврдина се: Волерон, Воден, Перник, Прилеп, Штип, Просек, Мацукион ( кај Струмица ), Мелник, Нотиа ( Нотја близу до Меглен ), Термица, Бособрад и Сетина ( со царскиот дворец ), Стаг, Сервија и Соск. Во околината на Перник има 10 тврдини кои можеби биле едн вид на заштитен бедем на центарот на Самуиловото Царство. Во самиот центар на внатрешноста на државата сите утврдени градови за полесно да дејствува, биле под управа на архонт.

Меѓу местата, за кои не може точно да се определи на кој вид му припаѓаат, односно дали се πόλις, καστρα, φρουρίου се: Преспа како постојана царска престолнина на Самуил со палати и дворци, Главиница, Битола, Пелагонија, Дебар, Велес, Мородвизд, Ниш, Велбужд, Белград, Драма, Липљан, Рас, Средец ( Софија ), Призрен, Браничево, Дристар, Ореја и т.н.[159]

Овие населени места биле управувани од старешини со разни називи. Така со Верија и Воден управувал катархон, со Сервија Филатон, со Перник филакс, со Белград, Меглен, Скопје архонт, додека со внатрешните утврдени градови на

---

[158] Б. Панов, *Теофилакт Охридски како извор за средновековната историја на македонскиот народ*, Скопје, 1971, 245

[159] С. Антолјак, *Средновековна,* 524-525

царството топарх.[160] Овие функционери го сочинувале воено-административниот механизам на Самуил, кои во исто време биле една феудална класа, која не е многу зависна од својот цар, меѓутоа сепак му биле предани и верни.

По својата позиција и финансиска моќ се истакнува војводата Ивец кој во Брохота или Проништа поседувал удобно уреден простран дворец со парк, а притоа имал и многу други разоноди и прослави во својот град.[161]

Посебна феудална класа сочинувале првенците или велможите ( δυαστεία μεγιστᾶυες ) и болјарите (оптиматес), кои и многупати престојувале во Самуиловиот дворец, како верни соработници и во целост задоволни од надворешната и воената политика на својот владетел, со која постојано постигнувал значајни успеси и довеле до проширувањето на царството како и заземање на нови земји и богатства.[162]

Наспроти високата класа, во Самоиловата држава застапено било и селанството од кое поголемиот дел од селаните биле слободни, а бројот на зависните селани бил ограничен. Тие се занимавале со земјоделие, со одгледување на жита и лозја, а живееле во примитивни дрвени колиби.

Зависните селани ги сочинувале парициите и клириците. Парициите работеле и на приватните и на црковните имоти, додека клириците кои биле во многу подобра положба, работеле само на црковните имоти и биле ослободени од икомодион, како и други давачки.[163]

Селаните кои биле подарувани на одделни високи црковни достоинственици со повластена позиција – епископиите и архиепископиите, не плаќале на државата такси, но затоа спрема своите господари имале работни и други обврски, за кои не е познато од каков карактер биле. Покрај нив и клириците биле потчинети на црковните великодостоинственици, а во прв ред на подрачните епископии.[164]

Ропството било од патријархален карактер и робовите биле продавани надвор од земјата или се ослободувале со откуп,[165] но познат е и случајот кога по освојувањето

---

160 С. Антолјак, *Средновековна,* 525-526
161 *Гръцки извори,* VI, 286
162 В.М Андреев и Д. Ангелов, История на Българската държава и право, София, 1959, 145
163 Н. Лишев, За генезиса на феодализма в България, БАН, София, 1963, 173-174
164 С. Антолјак, *Средновековна,* 525-526
165 Н. Лишев, op.cit, 191

на Лариса поробеното население, Самуил го преселил во внатрешноста на својата земја.

Населението што живеело на територијата на Самуиловата Држава било подложено на разни обврски, давачки, данок како и подароци во натура кои најверојатно биле давани на царот кој како и другите владетели во Европа во тоа време, сметал дека државната каса е истовремено и царска.[166] Овие давачки биле собирани од посебн чиновници во одделни нејзини области, како и внатре во нив по градовите и селските општини.[167]

Како главна одлика за плаќањето на данок во Самуиловата држава е тоа што бил развиен натуралниот даночен систем и како што известува Скилица секој „Бугарин“ кој имал еден јарем волови, мора да дава модиј (мат) жито и просо и бардаче (стамнос) вино.[168]

Од друга страна Самуил поседувал мошне богата ризница полна со скапоцености, злато и пари во Охрид. Така Георгиус Монахус Континуатус, кога опишува како Василиј II ги покорил „Бугарите“ известува дека царот го зазел и пределот во кој се наоѓала и престолнината на „Бугарите“ ( ἡ βασίλισσα τῶυ βουλγαρωυ) и таму покрај другото наишол и на „венци и круни“ ( στέμματα καί διαδήματα ). [169]

Додека пак Скилица известува дека Василиј II во некогашната Самуилова царска престолнина затекнал „круна составена од зрна бисери“ (στέμματα ἐκ μαράωυ).[170]

Познато е едка Цар Самуил, како и другите владетели на Балканските рани државни творби, односно Бугарското Царство на Борис и Симеон, немал сопствена монетарна продукција, а според нумизматичките докази, на територијата на неговата држава циркулирале парите на Византија во досега ограничен број.[171] Во таа смисла данокот што го плаќало локалното население бил во натура, а од друга страна царскиот трезор на Самуил кој го затекнал Василиј II во Драч кој според пишувањето на

[166] С. Антолјак, *Средновековна,* 520
[167] В.М Андреев и Д. Ангелов, История, 135
[168] *Гръцки извори,* VI, 304
[169] С. Антолјак, *Средновековна,* 439
[170] *Гръцки извори,* VI, 291
[171] К. Христовска, Парите во средновековна Македонија (нумизматика). - *Македонски милениумски културни-историски факти*, Том III, Скопје, 2013, 1805

византискиот историчар Георги Кедрен содржел и 100 кентенарии во ковани златни пари (околу 720000 византиски златни номизми).[172]

Во рамки на една изразено немонетаризирана економија, придвижувањето нанапред првенствено од натуралната размена, парите тешко и бавно влегувале во животот на луѓето што живееле во внатрешноста на Македонија, во текот на овој период.[173]

Паричните изданија што биле ковани или биле во оптек во Македонија во периодот на Самуиловото владеење, во најголема мера се потпира врз локалните нумизматички откритија.

Доколку се анализира нумизматичкиот материјал од X век може да се забележи постоење на еден умерен пораст во дистрибуцијата и употребата на пари, во смисла на истовремена употреба на сите деноминации на византискиот монетарен систем.

Во однос на златните деноминации, ова го потврдува откритието на Виничко Кале. Станува збор за остава со 17 солиди од кои најголемиот дел му припаѓаат на Константин VII Порфирогенит (913-976), како и четирите други регистрирани примероци од овој владетел, но и трите златни тетартери на Никифор II Фока (963-969) и на Јован I Цимијски (969-976).



Сл.7. Никифор II Фока ( 963 – 969 ), Номизма Тетартер, Константинопол

[172] M. Hendy, *Studies in the Byzantine Monetary Economy c.300-1450*, Cambridge, 1985, 281
[173] К. Христовска, *Македонски милениумски,* 1809



Сл. 8. Трезор со 17 Солиди, Константин VII Порфирогенит ( 913- 959 ) Виничко Кале, Виница

Сребрените пари од X век се евидентирани преку трезорот од околината на Валндово, гробниот наод од Плаошник со шест милијарсии на Константин VII (1) и на Јован I (5), 1 милијарсиј на Константин VII од калето кај Долна Лешница во околината на Тетово, како и трите на Јован I од збирката на народна банка. Ова се засега единствните познати примероци што сведочат за циркулацијата на сребро во периодот пред, за време и непосредно по колапсот на Самуиловата Држава.[174]



Сл. 9. Јован I Цимијски ( 969 -976 ), Милијаресиј, Константинопол

[174] К. Христовска, *Македонски милениумски,* 1808

Во Самуиловото Царство црквата имала посебно значење, обединети под еден ист стремеж, црквата и државата биле во еден заемен однос, односно црквата служела на државата како морален, помошен фактор, а државата ја поддржувала црквата, чиешто седиште на чело до патријархот секогаш било во престолнината на царот. Преспа, како престолнина и црковно седиште Самуил ја украсил со дворци, храмови и манастири.



Сл. 10. Напречен пресек на базикиката св. Ахил – Преспа

Според народното предание во Преспа имало 40 цркви и манастири. Едно од најимпозантните дела претставува Преспанската „голема црква“, во базилична форма на североисточната страна на островот Ахил, каде што била и престолнината на Самуил. Остатоците од оваа црква сведочат дека била грандиозно здание во споредба

со другите градби. Списокот на троновите во апсидата на „големата црква“ јасно покажува дека таа црква била патријаршиска.[175]




Сл.11. Распоредот на арките над архирејските тронови во олтарот на базиликата




Сл. 12. Детали од натписите во арките над архирејските тронови во олтарната апсида II

[175] И. Снегаров, *История на Охридската,* 35




Сл.13. Планот на базиликата после археолошките истражувања

Во 985 година враќајќи се од својот победоносен поход во Грција, Самуил ги пренесол моштите на ларискиот епископ св. Ахил и ги поставил во патријаршиската црква, која го добила името Св. Ахил.[176] Со овој потег Самуил ја издигнал црквата на едно високо ниво со воведување на посебен култ на моштите на светецот меѓу локалното население.

[176] С. Антолјак, *Средновековна,* 372



Сл. 14. Гробот на св. Ахил во состојбата во која е откриен во ѓаконикот во базиликата



Сл.15. Капакот на гробот на св. Ахил од ѓаконикот

На островот Ахил има остатоци и на други стари цркви како Св. Димитриј и дванаесете апостоли, св. Ѓорѓи и манастирот св. Богородица на југоисточниот брег на островот.

Помеѓу населението во преспанско има предание дека на островот Град се наоѓале 7 цркви и многу други зданија како затвор и дворец на некогашниот цар Самуил. Посебна почит Самуил покажува кон старата црква св. Герман во Преспанското село Герман во која и издигнал семејна гробница на своите родители Никола и Рипсимија и на братот Давид. [177]

Со преносот на престолнината во Охрид, Самуил го преместил и црковното седиште, каде што веќе силно бил втемелен православниот дух и почитта кон Климентовите ученици создавајќи црква во своето царство независно од Византија. Овде тој изградил раскошен дворец и нова величенствена црква, која станала ново и постојано седиште на македонските црковни поглавари – архиепископите. [178]Заедно со свештените лица се стремеле да ја воздигнат новата престолнина над сите други градови, а пред се над Цариград по убавина и по религиозно значење.[179]

Од државнички аспект за судството во Самуиловата држава не може ништо определено да се каже, меѓутоа од неколку постапки како што е ослободувањето од затвор на Владимир и Ашот, а го казнува со тогаш најтешката казна целото градско население на Лариса, со тоа што го претвара во робје, го осудува на принудно иселување и присилно го запишува во војска, може да се заклучи дека врховен судија бил самиот владетел.[180] Се исклучува и сомнежот дека и Самуиловите заповедници на градовите и областите располагале, покрај цивилната и воена и судска власт. Исто така судска власт имале и црковните великодостоинственици и одделни манастири над своите парици и клирици.

Како што бил врховен судија, Самуил исто така бил и врховен заповедник и на војската.[181] Во текот на долгите војувања со Византија се истакнал со големи стратегиски способности од офанзива и дефанзива.

Многубројната војска на Самуил ја сочинувале слободните и зависните селани, населението т.е народот кој бил способен за војна или борба ( λάος πολεμιστὴς ),[182] но

---

[177] И. Снегаров, *История на Охридската,* 36
[178] Б. Панов, *Средновековна,* 726
[179] И. Снегаров, *op.cit,* 33
[180] С. Антолјак, *Средновековна,* 527-528
[181] В.М Андреев и Д. Ангелов, История, 139-140
[182] *Гръцки извори,* VI, 291

познат е и случајот со поробеното население од Лариса кое било регрутирано и присилно вклучено во редовите на војската.

Војската која ја сочинувала пешадијата и коњаницата, носела слична воена облека како византиските војници, која се состоела од кратка горна облека, под која носеле панталони, а на нозете носеле обувки, цврсто припиени и врзани со врвци околу листовите на нозете. Горниот дел од телото им бил облечен со кошула од железо. На главата носеле шлем со разен облик, а под брадата се спуштал панцир.

Од оружје имале долго копје ( со знаменца или висулци ) кое биле всушност и најраспространетото оружје.[183] Поретко се среќава меч со најразличен облик, а уште поретко големи лакови со стрели. За моќноста на војската и силината на оружјето во битката кај Трајановата порта говори Иван Геометар кој доста сликовито го опишал триумфот на Самуил над Василиј II, каде вели дека стрелите на „Мизите“ биле појаки од копјата на противникот.[184] Дополнителна опрема на војската биле трубите и трумбети за кои Георгиус Монахус Континуатус наведува дека „Бугарите“ и Византијците си давале борбени знаци односно сигнали.[185] На чело на одделни помали или поголеми одреди имало пониски или повисоки старешини. Така архонтите командуваа со неколку илјади војници и ним им биле потчинети помали старешини (турмарси, другари, комеси, комтархи, декархи) што биле на чело на поголеми или помали воени одреди.[186]

Службен јазик во Самуиловата држава бил словенскиот, за што сведочат спомениците што тој ги подигнал и што се наведуваат од неговото време. Но се разбира дека во царската палата или во царскиот дворец бил во употреба, покрај словенскиот и грчкиот како дипломатски јазик.

Во царството на Самуил постоела развиена црковна литература која имала своја база уште од времето на Климент па и неговите наследници. Во одделни истакнати манастиру постоеле и препишувачки училишта (скриптори) каде што одделни поважни ракописи биле украсувани со минијатури. Овде треба да се споменат и самите Богомили, кои имале своја литература и на словенски и на грчки јазик (на пример

[183] С. Антолјак, *Средновековна,* 521-522
[184] *Византијски извори за историју народа Југославје III*, Београд, 1959-66, 27
[185] *Гръцки извори,* VI, 157
[186] С. Антолјак, *Средновековна,* 523

басни, апокрифи, обредници) од која многу малку е зачувано и спасено.[187] Со оглед на тоа дека во зависност од временските и конкретните прилики и услови, богомилството го менувало и својот карактер, така од 969 година тоа имало освен антифеудален и антибугарски карактер. Од втората половина на X па се до почетокот на XI век кога во Македонија дошло до формирањето и јакнењето на независната Самуилова Држава, богомилското учење добило и антивизантиски карактер. Од расположливите податоци не се гледа дека царот Самуил ги поседувал Богомилите. Напротив, податоците зборуваат дека тој и неговите следбеници биле во еден вид сојузништво со Богомилите, зашто борбата за политичка независност им била заедничка. Сето ова значи пак дека борбата на Богомилите во овој период имала антивизантски карактер.[188]

Благодарение на Богомилите Самуиловата Држава достигнала највисок расцут во својот внатрешен и надворешен живот, затоа што само преку поткрепа на Богомилите, Самуил можел да допре до народните маси.[189]

---

[187]С. Антолјак, *Средновековна,* 533
[188] Б. Панов, *Средновековна,* 257
[189] Н. Державин, История Болгарии, II, Москва, 1964, 33

# IV. Градови и тврдини во Брегалничката област од X и XI век

Како централна балканска територија, Македонија уште во времето на антиката била поврзана со важни патни артерии кои поминувале низ овие простори. Движењето на војските, патниците, трговските каравани, поштарите одбележале еден природен политички, религиозен но и економски раст. Средновековните патишта најчесто се совпаѓаат со старите римски патишта, со делумни промени во трасите наметнати од развојот на настаните но и од тргвоските односно економските добра.



Сл.16. Мапа на тогаш познатиот свет од Мухамад Ибн Мухаммад Ал – Идриси

Брегалничкиот регион бил крстопат на битни патни комуникации кои во овој период главо се поклопувале со античките како што е случајот со делницата од Стоби до Струма и Сердика.[190] Во околината на Брегалница помиувал и т.н „ Царски Пат ” за

[190] Г. Шкриванић, Југословенске земље на Понтингеровој табли, Monumenta cartographica Jugoslavie, Beograd 1784, 55

кој споменува Теофилакт Охридски, за царски поштар кој оди по Царскиот друм[191] што несомнено го потврдува постоењето и значењето на овој пат.

Друг магистрален правец што ја сечел Брегалница бил патот од Јужна Србија што преку Жеглигово и Овче Поле одел до Аџибегово па по долината на Лакавица продолжувал за Струмица, па оттаму за Серез и Солун. Во овој простор бил и патот што се протегал од Штип или поточно од Бурилчево и Крупиште, како крстопат, до новото во подем средновековно средиште Злетово, па оттаму и за Кратово.[192]

Низ Брегалничката област минувал и патот што ги поврзувал Стоби, Астибо и Пауталија т.е. Брегалница и Струма. Овој пат водел од Астибо прекуМородвис, по Брегалница до Царево Село. Таму пред Царево Село се делел на два правци, едниот ја сечел реката Брегалница и преку Црквенец одел за Путалија ( Велбужд ), а другиот преку Влаина Планина за градот Германија на реката Струма. Трагите од постоењето на овој пат се видливи и денес покрај Брегалница и во с. Црквенец.[193]

Токму на овие патни правци се формирале населбите во кои се одвивал и развивал животот во Брегалничкиот регион. Овие простори се споменати од географот Идризи во XII век, кој меѓу градските населби ги спомениува и Мородвис и Малешево.[194]

Брегалничката област е едена од најслабо истражуваните области. Особено кога зборуваме за средновековниот период немаме доволно разјаснет приказ. Во изминатите децении, но и во поново време, главно биле извршени теренски археолошки рекогносцирања, од каде имаме основни податоци за средниот век. Досега од археолошките рекогносцирања откриен е значително мал фонд на движен археолошки материјал, но затоа имаме класификација на недвижниот археолошки материјал, кој може да го класифицираме по следниот редослед:

## 1. Средновековни градишта

- **Калата** – Македонска Каменица

  На 3 км југозападно од Луковица е, лоцирана укрепена населба на устието на Каменичка Река во Брегалница, на ридот Калата и неговото источно подножје кој е природно заштитен од три страни со стрмни

[191] К. Трајковски, Преглед врз средновековната археологија, 276
[192] Ibid 276
[193] А. Атанасов, *Пијанец,* 10
[194] Г. Шкриванић, Идрисијеви подаци, 17

падини и длабоко всечени речни корита. Во јужното подножје поминувал стариот Брегалнички пат ( Астибо – Скаптопара ).[195] Тесно зарамнето плато на врвот го претставува главниот дел на градот ( Горниот град ). Одбрамбените ѕидови вртеле околу Горниот и Долниот град. Горниот град ( акропола ) има овална форма. Линијата на обѕидот ја следи конфигурацијата на теренот со што ѕидот се потпира на работ на платото. Големите обновувања на ѕидот се гледаат на северниот крај и на северниот дел на источниот ѕид. На источниот крај на северниот ѕид, странично вовлечена наназад, имало една порта. Другата порта била на источниот ѕид, којшто на тоа место лачно е вовлечен навнатре. И на југозападниот агол на горниот град имало една порта, бранета со плукула. Внатрешноста на Горниот град била нивелирана и изделена во низа на тесни стамбени тераси, делумно всечени во карпеста подлога. На нив се распознаваат низа од куќи и други помали градби, што стоеле во редови, скалесто поставени една врз друга. На северниот крај, во близина на североисточната порта, се распознава основа на една поголема базилика. На источната падина на ридот и во југоисточното подножје на Горниот град лежи подградие, од сите страни заштитено со свиоци на реката и опфатено со камен ѕид. Со заштитни ископувања на неколку точки на локалитетот во некрополата се откриени урнатини на една помала црква како и бројни гробови кои биле градени од големи, грубо делкани или кршени камени плочи, составени во форма на циста.[196]

На просторот на горниот град се прнајдени парчиња од средновековна гранчарија и црепни, а пронајдени се и бројни ситни предмети исковани од железо: врвови од стрели со средновековни форми, ножови, алатки и др.

Од зрелото средновековие потекнуваат и делови на обѕидието без малтер потпрени на постарите делови. На терасата Бегов Даб покрај црквата од VI век се откриени горбови  со богати дарови од IX – X век. Тие несомнено им припаѓале на жотелите на Калата.[197]

---

[195] И. Микулчиќ, Средновековни градови и тврдини во Македонија, Скопје 1996, 189

[196] И. Микулчиќ, *Античките градови на Брегалница*, Скопје 2009,  94, 98

[197] И. Микулчиќ, Средновековни градови, 192

Обновените рудници северно од овде ( и денес експлоатирани како Рудници Саса – Каменица ) претставувале економска обнова на оваа населба, а нејзината позиција на Брегалничкиот пат ѝ давала стратешко знчење во комуникацијата од долината на Струма кон Брегалница и Повардариeто.[198]

- **Драмче** – Бигла

  „ Градиште " е позициониран на тесен рид со многу стрмни страни во свијокот на Брегалница, 70 м високо над реката во најтесниот дел на речниот теснец. Лежи 3 км југоисточно од Драмче и 3 км североисточно од Бигла. Брегалничкот пат ( античкиот Астибос – Скаптопара, денес Штип – Делчево ) врти околу подножјето на Градиште и од ридот се гледа повеќе километри на запад и на исток.[199]

  На повисокиот, јужен дел од ридот лежат извонредно добро запазени остатоци од рановизантиска крепост. Обѕидието затвара правоаголен простор со димензии 154 x 53/30 м, а било зајакнато со масивни правоаголни и петоаголни кули. Се гледаат траги од големо обновување на источнот ѕид. Јадрото на кастелот било густо исполнето со градби во три реда, во правец С – Ј, со две тесни улички. На највисоката позиција стоела ранохристијанска базилика. На 40 м јужно од крепоста се протега одбрамбен ров што напречено го сече целиот рид.[200]

  Наоди од ова „ Градиште " се повеќе монети од од доцнот IV век до раниот VII век, бројни парчиња ковано железо ( клинци, ножови, врвови од стрели, разни алатки ) и железна згура, која зборува за преработување на железото на ова место. Стари рудници на железо лежат на падините 2 – 3 км југоисточно и јужно од тука.[201]

  Тврдината била извонредно добро запазена и со минимални поправки била кореистена и во средниот век. Денешниот степен на запазеноста на внатрешните градби наведува на заклучок дека тие биле обновени во зрелиот или доцнит среден век. Движни наоди од средновековниот период се парчињата од средновековна керамика, железни врвови од стрели, специфични алатки, бакарен прстен од X – XII век. Градот Бигла

[198] Микулчиќ, Средновековни градови, 185
[199] ibid
[200] ibid
[201] ibid

функционирал како крајпатна стража во теснецот на Брегалница и за заштита на рудниците, кои очигледно биле обновени во средниот век.[202]

- **Звегор** - „ Мало ( долно ) Градиште ”

  „ Мало ( долно ) Градиште ” е позиционирано на 50 – 80 м висок рид со стрмни падини на источниот раб на долината на Брегалница, на југоисточната периферија на Звегор, во подножјето на Влаина. Покрај него Брегалничкиот пат се искачува кон планинскиот премин Калеово на сртот на Влаина и слегува во долината на Струма. Кај Малото Градиште од овој пат се одвојува патот кон Малешево на југ ( денес патот Делчево – Берово ).[203]

  Ридот одозгора е зарамнет и опфатен со доцноантичко обѕидие од камен со малтер. Три издадени кули на аглите го зајакнувале ѕидот на кој се гледаат најмалку две големи обнвувања. Кастелот бил голем 0,7 ха, а во западното подножје се простирала населба. Судејќи сопред денешните остатоци и според наодите на средновековна керамика, крепоста била добро запазена и во средниот век и користена како крајпатна стража на многу значајниот планински премин на Влаина од Струма кон сливот на Брегалница.[204]

- **Градиште** –供Мородвис

  Градиште, утврдена населба од доцноантичко време и среден век. На јужната периферија на денешното село се издига и не сосема пристапен рид кој од источната и северната страна е ограничен со суводолица. Западната страна се спушта до Мородвишка Река, а на југ доста стрмно со еден длабок дол ридот е одделен од масивот на Плачковица. Со својата природна поставеност тој доминира на селото и над голем дел од Кочанското Поле. На локалитетот се констатирани остатоци од бедеми во неколку појаси од кои се највидливи бедемите на највисоките изохипси што веројатно го формираат акрополот. Во тие рамки постои правоаголна цистерна, а веднаш под неа се наоѓа современата црква посветена на св. Симеон, изградена врз темелите на постара црква. Западно од неа има зарамнето плато, каде што е сондирано, и под секој

[202] Микулчиќ, Средновековни градови, 185
[203] Ibid, 187
[204] Ibid, 189

слој на деструкција заедно со рановизантискиот материјал е откриена и монета од Јустинијан I. По целата површина на градиштето се наоѓаат фрагментирани садови и монети, временски вклопени од IV до XII-XIV век. Материјал од VII до X век не е констатиран. Во контекст на градиштето се наоѓа рановизантиска некропола што е лоцирана надвор од бедемите односно на 60-70м од десната страна на суводолицата.[205]

Во секундарна употреба за конструкцијата на гроб бр. 57 чија една страна била потпрена на Епископската средновековна црква, меѓу протезисот и ѓакониконот послужиле три мермерни парапетни плочи, дебели околу 10 см кои се датираат во 11 век. Секоја плоча е откршена на три дела. Како централен мотив плочите содржат ромб, квадрат или круг, изградени од двојни ленти.[206]

Мородвиз, според Василевата повелба од 1019 год. бил епископско седиште, по пропаѓањето на Самуиловата црковна организација.

[205] *Археолошка карта, 177*

[206] С. Филипова, Архитектонска, 45




Сл. 17. ,, Градиште ” , Databases Мородвис

- **Будинград**, с. Будинарци – Берово

Месноста ,, Градиште Будинград ” лежи во западниот крај на селото Будинарци, покрај магистралниот пат Виница – Берово, во античко време Астибос – Баргала – Партикопол. Претставува тесен рид што се издига 20 – 70 м високо над Брегалница, опфатен од реката речиси од сите страни. Најстарите остатоци се од доцноантичко време кога било изградено обѕидие што затварало простор голем 300 х 60 м и се состоел од два дела – кастел кој стоел на повисокиот јужен дел, а на крајот имало мала акропола, одвоена со еден внатрешен ѕид, зајакната со челична кула. Другиот дел е стамбениот простор кој лежел северно од кастелот од него одделен со одбрамбен ров. Крепоста била изградена во 4 век, а обновена во 6 век. Коастелот го контролирал спомнатит пат, како и регионалниот пат од Пијанец на север кој покрај Будинарци водел кон Плачковица на југ и преку превалецот Чунговец слегувал во Радовишко

Поле. На просторот на акрополата, со димензии 55 х 50 м., врз доцноантичкото обѕидие бил подигнат еден подоцнежен ѕид, кој и денес јасно се гледа на теренот. Очигледно настанал во средниот век. Доказ за тоа е пронајдениот средновековен накит како прстени, делови од белегзии, појасни токи, приврзоци, парчиња од стаклени белегзии датирани од XI – XIII век. и средновековната огнишна гранчарија. Позицијата на Будинград е стратешки значајна затоа што лежи во средиштето на Малешево, крстопатот на два главни пата што водат низ тој регион, а кои функционирале и низ средновековието како врска помеѓу долината на Брегалница со долината на Струма и земјите на исток од неа. Ова средновековно утврдување играло важна улога како во експанзијата на Бугарија кон запад, така и во фукнционирањето на патната мрежа во државата на Самуил и обновената Византија.[207]




Сл 18. „ Будинград ” , с. Будинарци – Берово

[207] Микулчиќ И. Средновековни градови, 136

- **Вирче**, Делчево

,, Прекинато Градиште ” се вика 50 -80 м високиот рид 2 км источно од Вирче, поставено високо на падините на Влаина. Стратешката положба на оваа крепост обусловила истата да биде користена од доцноантичко време и во зрелиот среден век, како контролен пункт на еден од планинските премини помеѓу долината на Струма и Сливот на Брегалница. Траги од обновувања на обѕидието во среден век нема . Веројатно крепоста била користена само повремено, во кризните воени времиња, можеби од Самуил и Византија, а секако и од Бугарија.[208]




Сл. 19. ,, Прекинато Градиште ”, Вирче

- **Виничко Кале** – Виница

Месноста ,, Градиште, Кале ” лежи на југозападната периферија на Виница и претставува 40 -70 м виско рид на работ на Виничкото поле, каде Калето доминира над широката околина. Во северното подножје поминува патот Штип – Виница – Берово, античкиот пат Астибо – Баргала – Партикопол, додека еден стар пат поаѓал од Калето на југ и

[208] Микулчиќ И. Средновековни градови, 183, 184

преку сртот на Плачковица избивал во Радовишко Поле. На просторот на ридот Кале, опфатен со обѕидие ( 320 – 140 м ) најстари откриени наоди сѐ антички сликани вази и монети од Филип II. Во IV век н.е. било изградено обѕидие со малтер бил оформен кастел. Во VI век обѕидието било обновено, исто така и челната кула, а на југоисточниот дел доѕидана е нова кула со премин низ неа. На тој сектор се откриени една ранохристијанска црква, дел од магацин со вкопани питоси и дел од богата куќа со перистил, веројатно епископска резиденција. Овде се пронајдени бројни керамички плочи со библиски претстави во релјеф ( „ Винички икони "[209] ). Градбите страдале во пожар и биле целосно урнати во доцниот VI век. Врз постари слоеви, на просторот на акрополата што го зафаќала јужниот дел од кастелот во средниот век бил подигнат нов ѕид врз урнатиот доцноантички ѕид. Во северозападниот дел на новата крепост била лоцирана некрополата, а истражените гробови, перку накиотот се датирани во 10 – 13 век кога најверојатно бил обновен и средишниот дел на старата базилика. Досегашните наоди наведуваат на заклучок дека на Калето егзистирала мала крепост во 10 -13 век ( можеби и подолго ), како стража покрај патот што од долината на Струма преку Малешево избивал на Брегалница, водејќи на запад.[210] Ова го потврдува и откритието на Виничко Кале, на остава со 17 солиди од кои најголемиот дел му припаѓаат на Константин VII Порфирогенит (913-976).[211]

[209] Е. Димитрова, *Керамичките релјефи од Виничкото Кале,* Скопје 1993
[210] И. Микулчиќ, Средновековни градови, 168 - 171
[211] К. Христовска, *Македонски милениумски*, 1809




Сл. 20. „ Кале ", Виница доцноантички кастел.

Акрополата обновена во средниот век

- **Исар**, с. Црешка – Штип

На оддалеченост од близу 2 км југозападно од Црешка на висока карпа покрај Брегалница се издига „ Хисар ”. Реката врти во голем лак околу неа и ја опфаќа од три страни, поради што само од источната страна има пристап до Хисар. Карпата има вертикални страни високи 30 – 50 м и зарамнет врв во вид на плоча, голема 300 x 120 м. Се издига 150 м над реката, доминира над широката околина и è далеку од сите позначајни патишта во овој регион. Јужно од Хисар реката поткопала карпи наталожени со железна руда, каде на простор од 2 км се гледаат дупки и поткопи – траги од вадење руда во минатото.[212]

Иако е природно укрепена и недостапна, плочата на врвот била опкружена со камен ѕид, а со ѕидови бил опфатен и стамбениот простор во јужното и источното подножје. Бидејќи просторот на населбата бил многу голем за поскромните средновековни потреби, преградена е со напречен ѕид во два дела и помалиот источен ( со големина 120 x 110 м ) бил населен. На напречниот ѕид ( граден без малтер ) на северниот агол била изградена е една голема кула, ѕидана со малтер и доминирала над целата околина.[213]

Движните наоди од укрепениот простор потекнуваат од подолг временски период. Меѓу наодите се истакнуваат бронзена апликација – јазиче за појасен ремен, со форма и украси типични за доцниот VIII и IX век, како и парчиња од бронза и стакло кои се датирани од X – XIII век.[214]

[212] И. Микулчиќ, Средновековни градови и тврдини, 349
[213] ibid
[214] Ibid




Сл.21. „ Хисар ( Полис ) ”, Црешка, доцноантичка рударска населба. Акрополата е преградена во средниот век ( град Чресче )

- **Крупиште**, Штип

Месноста „ Кале ” лежи на североисточниот дел на Крупиште на устието на Злетовица во Брегалница. Покрај Калето води трасата на Брегалничкиот пат ( денес Штип – Кочани – Делчево ), а на ова место од него се оддвојува регионалниот  Осоговски пат ( денес Крупиште – Пробиштип – Кратово – Славиште ). Наоѓајќи се на крстопатот на еден од магистралните патишта, градот во античкиот и во словенскиот период имал мошне значајна стратегиска и економска позиција. Користењето на рудното богатство во злетовско – кратовскиот базен му давало голема материјална подлога и можност за брз развој со улога на голем стопански центар. Градот зафаќал голем простор во рамното Овче Поле крај Брегалница. Судејќи според досега откриените остатоци од ѕидови на

бедемите и градежниот материјал од обработени камени блокови, градот се простирал на просторот на денешното село и во оризовите полиња на месноста Кале, на исток до Голем и Мал Цапар и на запад до брегот Клетовник. Резултатите од археолошките истражувањеа укажуваат дека на овој простор се наоѓала бронзенодопска населба, а потоа се развил антички град. Од многуте констатирани градби е откриена една крстовидна црква од ранохристијанскиот период обновена во раниот словенски среден век, со словенска пространа некропола. Откриени се и источните партии на катедралната црква со martyrium од раниот словенски период на IX – X век и констатирани се траги од јавни репрезентативни градби кај неа. Словените гардот го проширувааати му даваат печат со одбележување на загадочни знаци на градежните камени блокови. На ридчето Голем Цапар во хеленистичко време била изградена укрепена населба, а во доцноримскиот период е подигнат воен логор ( каструм ). Со археолошките истражувања во Крупиште откриена е една крстообразна црква од IX – X век покрај јужниот градски ѕид и гробови од тоа време сместени во неа.[215]

[215] И. Микулчиќ. Средновековни градови, 349 - 351




Сл. 22. ,, Кале ”, Крупиште, доцноримски каструм и стопанско средиште ( град ) во 5-6 век. Обновен во 9 и 10 век

## 2. Средновековни тврдини

- **Исар** – Штип

Локалитетот се протега меѓу суводолицата Отиња и Брегалница. Таму реката се пробива низ една кратка клисура и притоа прави пет завои околу ридот. По долината на споменатата река Штип се поврзува со Мородвишко Поле и со злетовската област. Освен тоа, градот е отворен кон Овче Поле. Во средниот век Штип бил клучен воен и комуникациски пункт за Овче Поле, Злетово, Мородвис и Лакавица.[216] Во западниот дел на градот опкружен со стрмни падини се издига ридот Исар. На западната страна е обиколен и со реката Брегалница, а на јужната со

[216] И. Микулчиќ. Средновековни градови и трврдини, 353

коритото на Отиња. Ваквата полжба и височината овозможуваат прегледност и контрола на влзот и излезот од градот.[217]

Од средновековниот град денес се видливи остатоци од високи ѕидови на западната и источната страна која била подостапна и зацврстена со уште еден појак ѕид. Во средниот дел на градот високо се издигаат ѕидовите од една кула. Освен тоа на темето од Исарот има остатоци од две градби со ѕидови вкопани длабоко во земјата.[218]

Дека Штип бил еден од поважните градови во Самуиловата држава не упатува и походот на еден Византиски одред, кој веднаш после смртта на Самуил во 1014 година бил спратен од Пелагонија, да ги освои Прилеп и Штип. При крајот на војната меѓу македонската држава и Византија во текот на големиот воен поход на византиската војска низ Македнија, во Штип кратко време перстојувал императорот Василиј II.[219]

Кон крајот на 1018 година со воспоставувањето на византиската власт во Македонија, престанува и постоењето на македонската држава. Императорот Василиј II пред да ја напушти Македонија им наредил на своите соработници да ги разурнат сите градови и тврдини кои би можеле да бидат упориште против византијците. Во градовите кои биле сочувани, Василиј II наредил да сместат византиски гарнизони, поставувајќи им ,, управници од Ромеите ”.[220]

Од ваквата политика на императорот Василиј II директно била засегната Брегалничката област но и градот Штип, кој кон крајот на 1014 година со сила бил освоен од византиската војска и до темел разурнат, за да не стане упориште за давање отпор против византиската власт. Подградието на тврдината продолжило да егзистира како градска населба кон крајот на XI век во својата ,, историја ” наведува и Никфор Вринериј.[221] Но иако населението од градот Штип со ,, молитви и химни”

го пречекало во 1018 година императорот Василиј II, тој бил оневозможен да се развие во град тврдина.

---

[217] Археолошка карта, 447

[218] Брелдедовски З. Исар Штип, Средновековна населба, МАА.3, Прилеп 1977

[219] Т.Томоски, Средновековни градови во Македонија меѓу реките Вардар, Брегалница и Лакавица, Скпоје 1999, 208

[220] Розен В.Р, Император Василий Болгоробойца, С. Петербург 1883, 110

[221] Гръки извори, VII, 120




Сл. 23. Хисар - Штип




Сл. 24. Хисар – Штип, план на дворецот




Сл. 25. Хисар – Штип, реконструкција на дворецот

Со вршење на рекогносцирања во Брегалничкиот регион се констатирани бројни археолошки локалитети од текот на средниот век за кои поради недоволен и скромен материјал не може да се даде точна датација, односно дали се застапени културните хоризонти од X – XI век, но сепак постојат индиции дека голем број на населби егзистирале во споментиоот временски период. Се надеваме дека во догледно време при нови археолошки истражувања ќе се откријат и нови сознанија за живото во овие населби. Од таа причина во овој труд ги прследуваме наслебите од средновековието во Брегалничката област:

1. **Средновековни населби**

- **Ковачилница** – Берово

  Утврдена населба со постари слоеви од железното и доцноантичкото време. Се наоѓа на 7 км источно од Берово, лево од коритото на Брегалница на височина скриена во планинскиот предел. Јужната и северната страна и се стрмни и опкружени со суводолици, додека другите две страни се малку поблаги и преку мали преслапи се надоврзуваат на ридот Градиште. На самиот врв на височинката има елисповиден простор, со димензии 25мх15м опкружен со остатоци од бедем и речиси целиот покриен со кршен камен и згура од топена руда.[222]

- **Белов Јурт**, с. Владимирово – Берово

  Се наоѓа на вискок рид на десниот брег на Широк Дол, каде што на повтшината се среќава множество фрагменти од покривни ќерамиди и друг градежен материјал.[223]

- **Ковачка Чука**, с. Владимирово - Берово

  Се наоѓа на 4 км јужно од селото, на висока чука со доминантна75 положба.[224]

- **Селото**, с. Владимирово - Берово

  На десниот брег на Широк Дол има висок рид на кој се зачувани урнатини од стари објекти на простор од околу 100х100м[225]

---

[222] *Археолошка карта*, 9
[223] Ibid, 11
[224] Ibid
[225] Ibid

- **Селиште**, с. Митрашинци – Берово

Исочно од селото на десниот брег на реката Брегалнца се среќаваат фрагменти од керамички садови.[226]

- **Бедеш**, с. Градец - Виница

  На 1км западно од селото, на зарамнето плато се гледаат остатоци од темели на повеќе објекти.[227]

- **Анџиски Валови**, с. Лаки – Виница

  На 6км источно од селото, во месноста Обездна на површина од 60x40м се среќаваат фрагменти од тули[228]

- **Селиште**, с. Трипатанци – Пробиштип

  На 1,5км јужно од селото, на левиот брег на Злетовска Река, на една ниска тераса има видливи темели од повеќе помали објекти, а на површината се забележува мал број покривни ќерамиди.[229]

- **Ѕидини,** с. Шопур – Штип

  На 2 км источно од селото се откриени темели од објекти. По површината има парчиња од тегули, тули и друг геадежен материјал, а исто така и фрагменти од керамички садови.[230]

- **Селото**, с, Алакинце – Свети Николе

  Во нива се среќаваат голем број керамички предмети и градежен материјал.[231]

- **Црвеници**, с. Преод – Свети Николе

  На 1,5 км северно од селото се забележуваат темели од објект-фурна, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал.[232]

[226] *Археолошка карта*, 13
[227] Ibid, 89
[228] Ibid, 92
[229] Ibid*, 323*
[230] Ibid, 445
[231] Ibid, 345
[232] Ibid, 357




Сл.11. Градови и тврдини во Брегалничката област во X и XI век

## 2. Средновековни некрополи

- **Гропче** - Кочани, средновековна некропола. Се наоѓа на 3 км североисточно од градот, на тромеѓата на атарите на Кочани, Оризари и Вранинци од двете страни на патот што води до Полаки. Во 1984 година е извршено сондажно ископување (Ж. Винчиќ), при што се откриен повеќе гробови:
  - Без конструкции (слободно закопување)
  - Од камени плочи – тип циста
  - Гробови венец од кршени камења

  Сите се поставени во правец запад-исток. Од гробни прилози се најдени прстени, обетки, белегзии од стаклена паста и тордирана бронзена жица и други предмети.[233]

- **Цигански Рид** – Кочани

  Со контролно ископување откриени се остатоци од една словенска некропола чии гробови биле со камена конструкција и со скелетно погребување. Некрополата се простирала околу една црковна градба. Богатите прилози од накит откриени во гробовите, се аналогии на

[233] *Археолошка карта,* 175

наодите откриени во Демир Капија и од другите некрополи во Македонија датирани во IX – X век.[234]

- **Солена Вода**, с. Почивало – Штип

  Се наоѓа на североисточниот крај на селото, на излезот кон локалитетот Орлови Чуки. Теренот е блага падина што се спушта кон коритото на Благова Река. Од гробните прилози најдени во голем број, зачувани се 3 прстена со вметнато стакло на главата и 2 стаклени белегзии.[235]

- **Дивидија**, с. Митрашинци – Берово
- **Стари Гробишта** – Каменица

  На 1 км северно од селото на десната страна од асфалтниот пат се откриени повеќе гробови.[236]

- **Селски Гробишта**, с. Јакимово - Виница

  Во подножјето на ридот Баир се гледаат остатоци од средновеквна некропола[237]

- **Семејски Преслап**, с. Лаки – Виница

  Се наоѓа западно од селото на оддалеченост од околу 6 км меѓу ридиштата Чикур и Тртља. Некрополата е голема со гробови од камени плочи.[238]

- **Црквиште – Крушарски Рид,** с. Оризари – Кочани

  На северната страна на селото, откриени се повеќе гробови градени со камени плочи со правец исток-запад. Во нив покрај скелетите имало и многубројни археолошки наоди, претежно женски накит.[239]

- **Гробишта**, с. Доброшани – Штип

  На 600 м северно од селото, покрај коритото на суводолицата Слатински дол се откриени гробови со ориентација исток-запад со различни конструкции. Едни се од камени плочи, а други од реден камен, со и без покривни плочи.[240]

- **Стари Гробишта**, Ново Село – Штип

---

[234] Б. Алексова, Епископијата, 139

[235] Ibid, 441

[236] Ibid, 128

[237] Ibid, 91

[238] *Археолошка карта*, 93

[239] Ibid, 180

[240] Ibid, 432

Северозападно од селото, односно на североисточната страна на локалитетот Бара, под ридот Плоча има зарамнето плато на кое се претпоставува постоење на некропола[241]

- **Стаиќувез**, с. Почивало – Штип

  На 1.5 км источно од селото има урнатини од црквичка, градена од приделкан камен и кал, со приближни димензии 8х4 м. Околу неа има гробови со монолитни камени плочи.[242]

- **Града**, с. Црешка – Штип

  На 300 м од селото, во правец на месноста Полиса има заоблен гребен што се спушта кон суводолицата и старите гробишта. Со ерозија на земјиштето се откриени гробови со конструкции од монолитни плочи и ориентација исток-запад.[243]

- **Логур**, с. Шопур – Штип

  На 2,5 км југоисточно од селото се гледаат гробови покриени со монолитни камени плочи, поставени во правец запад-исток.[244]

- **Ширинка**, с. Шопур – Штип

  Во непосредна близина на селото се откриени два гроба од камени плочи во кои освен скелети немало ништо.[245]

- **Пинговски Гробишта**, с. Буриловци – Свети Николе

  На југоисточниот раб од селото покрај црквата Св. Никола се гледаат камени конструкции од постари гробови.[246]

- **Карагерен**, с. Горно Црнилиште – Свети Николе

  На 60 м јужно од селото, лево од патот за с. Долно Црнилиште се среќаваат камени плочи од гробни конструкции, со ориентација исток-запад.[247]

- **Цигански Гробишта**, с. Малино – Свети Николе

  На 200 м од селото констатирани се камени плочи од гробни конструкции тип – циста[248]

---

[241] *Археолошка карта,* 438
[242] Ibid, 439
[243] Ibid, 444
[244] Ibid, 445
[245] Ibid
[246] Ibid, 346
[247] Ibid, 347
[248] Ibid, 354

- **Шутевец**, с. Ранчинци – Свети Николе

  На 2 км северно од селото, високо над субодолицата Полчур има камени плочи, грубо обработени, а на некои од нив е врежан крст.[249]

- **Мера**, с. Сарамзалино

  На 800 м јужно од селото, покрај сегашните гробишта се наоѓаат камени плочи од гробни конструкции и масивни камени крстови.[250]

- **Крстовец**, с. Сопот

  Во непосредна близина на селото се откриени гробови со конструкции од камени плочи[251]

- **Маштал'к**, с. Ќоселери – Свети Николе

  На 1 км југоисточно од селото се наоѓаат гробни конструкции градени од монолитни камени плочи.[252]

## 3. Средновековни цркви

- **Илина црква**, с. Панчарево - Берово

  Десно од патот Пехчево-Делчево, на мала височинка се гледаат темели од објектот со ориентација исток-запад и димензии од 16х6м. Околу него се наоѓаат фрагменти од средновековна керамика.[253]

  **Џами Тепе,** с. Панчарево – Берово

  Од левата страна на патот што води од Берово за Струмица, на висок рид што доминира над теренот, зачувани се остатоци од црква.[254]

- **Црквиште**, с. Габрово – Делчево

  На околу 1 км источно од селото, од левата страна на долот се забележуваат темели од средновековна црква и множество градежни материјали.[255]

- **Манастириште**, Саса - Каменица

---

[249] *Археолошка карта*, 357
[250] Ibid
[251] Ibid, 358
[252] Ibid, 361
[253] Ibid, 13
[254] Ibid, 15
[255] Ibid, 125

Северно од флотацијата на рудникот, кај месноста Пешов Рид се наоѓаат остатоци од мала еднокорабна црквичка.[256]

- **Островец**, с. Калиманци – Виница

  Недалеку од Калиманци, на левата страна од стариот пат Кочани – Делчево, на зарамнето плато се наоѓаат остатоци од ѕидови на црква со мали димензии.[257]

- **Црквиште**, с. Трсино – Виница

  На 5 км источно од селото се гледаат остатоци од темели на објект кој на источната страна има апсида.[258]

- **Манастирот**, с. Лаки – Виница

  Во месноста Боровец, што се наоѓа на границата меѓу атарите на селата Лаки и Пекљани (според кажувања) постојат темели од објект со апсида на источната страна со димензии 20x10 м. На површината се забележуваат и темели од други помали објекти.[259]

- **Црквата**, с. Лаки – Виница

  На 3-4 км западно од селото се наоѓа црква со димензии од 15x6 м.[260]

- **Црквиште**, с. Лаки – Виница

  На 2.5 км северозападно од селото, на левиот брег на реката Осојница, се гледаат остатоци од објект со димензии 20x10 м од кои јасно се издвојува апсидалниот простор. Околу црквата има големо количество на градежен материјал.[261]

- **Св. Јован Опсеча**, с. Лески – Виница

  Во современите селски гробишта откриени се остатоци на темели од сакрален објект од кој повеќе сполии се вградени во новата црква. Се гледаат надвратници и довратници, а за горниот дел на јужната фасада има плоча со кирилски натпис.[262]

- **Гробјани Рид**, с. Мородвис – Кочани

---

[256] *Археолошка карта,* 131
[257] Ibid, 92
[258] Ibid, 94
[259] Ibid, 93
[260] Ibid
[261] Ibid, 93
[262] Ibid

Над јужната периферија од селото се издига рид на чиј врв е лоцирана современата некропола. Во подножјето на југозападната страна се констатирани остатоци од недефинирана архитектура од камен и кал, како и погребувања врамени и покриени со камени плочи. Движниот материјал се состои од фрагментирани керамички садови и монети карактеристични за XII и XIV век.[263]

- **Црна Црква**, с. Оризари – Кочани

  Се наоѓа на 2 км северно од маалото Витоша на Горно Оризари, на карпа испуштена над левиот брег на Оризарска Река. Се гледаат остатоци од темели на мала црквичка, со димензии од 7x12 м и гробови распоредени јужно и северно од неа.[264]

- **Жиганци**

  Објекото е позициониран северно од селото Жиганци кај Злетовска Река. Црквата е од типот слободен крст , долга 9 м, широка 6,50 м, со ѕидови дебели 0,85 м. Градена е од камен, тули и сполии од постар црковен објект. Издолжената апсида е полукружна одвнатре и однадвор. Црквата имала купола што го покривала правоаголниот простор. Структурата на ѕидовите нема чист градежен стил, бидејќи објектот е изграден од камени блокови и сполии од постариот црковен објект. Голем број од камените блокови носат врежани загадочни знаци, графити и глаголски букви. Црквата претставува еден од објектите во јурисдикционата област во Епископијата на Брегалница, подигнат во текот на IX – X век.[265]

- **Теранци**

  Црквата во Треранци претставува објект од слободен крст со полукружна апсида од внатрешната и надворешната страна. Подигната е на една зарамнета тераса. Околу неа се наоѓаат гробиштата. Нејзините скромни размери укажуваат дека се работи за гробишна црква со фунерална фунција, бездруго подигната како и другите цркви во регионот во IX – X век.[266]

[263]Б. Алексова, епископијата , 177
[264] Ibid, 180
[265] Ibid, 150
[266] ibid

- **Св. Пантелеј**, с. Брест – Штип

  На 1.5 км јужно од патот Штип-Радовиш, покрај патот се наоѓа црква подигната врз постари темели.[267]

- **Св. Ѓорѓи**, с. Горен Козјак – Штип

  Се наоѓа надвор од тврдината на Баргала, покрај јужниот бедем и југоисточната кула. Целокупната археолошка евиденција од истражвањата укажуваат дека црквата Св. Ѓорѓи е подигната во големата градежна кампања по Брегалница во IX-X век, во времето на покрстувањето на словените по долината на Брегалница.[268] Според планот претставува впишан крст во квадратна основа, со трапезоидна апсида и пред апсидно пространство. На северниот и јужниот ѕид има високи прозорци – бифори, над кои се наоѓа по еден кружен окулус. Низ трибелон се влегува од нартексот во наосот. Во јужното крило на наосот се наоѓа правоаголна гробница изградена истовремено со црквата или црквата ја инкорпорилала постарата гробница во својот план. До јужната страна на нартексот има четвртаста просторија, покриена со купола, изградена до црквата. Планот на црквата укажува дека таа е изградена според старата традиција како цеметријален објект. Градежните камени блокови и голем дел од архитектонската пластика, од кои е изградена оваа црква, се обележани со многу знаци, крстови, глаголски и кирилски букви. Подот на црквата бил направен од неправилни камени плочи. Околу овој црковен објект се развила голелма словенска некропола, од која се истражени повеќе гробови. Ископивањата се изведувани околу самата црква и од нејзината западна и северна страна. Откриените гробови претставуваат големи гробници од камени блокови покриени со камени плочи. Откриените наоди во овие гробови се карактеристични за VII – X век. Во еден од гробовите е најдена монета на Јован Цимиски ( 969 – 976 ). На една покривна плоча од гроб, на кој покрај повеќе знаци се врежани и глаголски букви.[269]

---

[267] Б. Алексова, епископијата, 429

[268] Ibid, 432

[269] Ibid, 146 - 147

- **Св. Никола**, с. Крупиште – Штип

  Старохристијанска базилика и средновековна црква. Се наоѓа на североисточниот крај на селото, под патот Штип – Кочани, на десниот брег на Брегалница. Според Б. Алексова црквата е изградена во IX – X век.[270]

- **Градиште**, с. Руљак – Штип

  На една мала рамнина што се наоѓа 1.5 км западно од селото, на левата страна на Руљачка Река, се забележуваат темели од ѕидови, ѕидани од кршен камен и варов малтер. Димензиите на основата на објектот изнесуваат 6.5x3 м. Објектот е ориентиран исток-запад.[271]

- **Св. Богородица**, с. Алакинце – Свети Николе

  Се наоѓа на околу 700 м северно од селото и има мали димензии[272]

- **Св. Илија**, с. Алакинце – Свети Николе

  Се наоѓа на 300 м северно од селото. Претставува висок рид на кој има вкопан крст од камен. Местото се почитува како свето.

- **Пуста Црква**, с. Горно Ѓуѓанце – Свети Николе

  На 2 км северозападно од селото, на една височинка се наоѓаат урнатини од црква со апсида, ѕидана од делкан камен и варов малтер. Јужниот ѕид е зачуван во височина од 2.5м[273]

- **Клисе Једиги**, с. Кишино – Свети Николе

  На 2.5 км источно од селото се наоѓаат остатоци од објект со апсида на источната страна, а околу него фрагментиран градежен материјал.[274]

- **Бошкова Црква**, с. Ранчинци – Свети Николе

  На северната периферија од селото се гледаат темели од објект со апсида на источната страна[275]

- **Св. Николај** – Свети Николе

  При изградбата на новата црква св. Николај се откриени темели од постара црква. Во дворот околу црквата е откопан гроб од камена

---

[270] *Археолошка карта,* 437
[271] Ibid, 440
[272] Ibid, 344
[273] Ibid, 346
[274] Ibid, 352
[275] Ibid, 357

конструкција – тип циста. Дворот пред западниот трем е поплочен со плочи од гробни конструкции на кои има врежани крстови.[276]

- **Св. Стефан** – Свети Николе

  Градена врз темели на еднокорабна црква. Пред влезот во црквата е најден масивен капител.[277]

- **Стара Црква**, с. Сопот – Свети Николе

  Источно од селото има остатоци од објект – црква, со ориентација исток – запад. По површината на локалитетот се среќаваат фрагменти од керамика.[278]

- **Бегов Даб**, с. Дулица – Делчево

  Во тесната клисура на Брегалница, над десниот брег се издига карпесто плато, високо од 18 до 20 метри над речното ниво. На зарамнетата површина, на врвот, лежат остатоци од една ранохристијанска базилика. Базиликата е трикорабна, со шорока апсида, која целата е вовлечена во градбата. Нартексот има издолжена форма. На јужниот ѕид се наоѓа влезот во црквата, а на северниот ѕид се наоѓа вратата кон доѕиданиот анекс. Кон коработ воделе три премина од кои средниот е расчленет со два столба. Подот е покриен со тули врз кој е видлив слој од пожар и уривање, одгоре поклопен со покривни тегули. Исто така и страничните кораби имале подови поплочени со тули, исто како во нартексот. Одвоени се од средишниот кораб со низок ѕидан стилобат, на којшто стоеле по четири столба. Источните краеви на страничните кораби функционално се одвоени како ѓаконикон и протезис. Олтарниот простор е одвоен од централниот кораб со неколку камени греди. На преминот во олтарниот дел има преградни плочи на кои плитко се изведени крстови. Од чесната трпеза ( менза ) е најдена горната плоча , убаво изделкана од мермер. [279] Црквата од западната страна била опкружена со ѕид што го формирал дворот, кој не е откриен во целост. При откривањето на базиликата се истражени пет гробови од една поголема словенска некропола. Гробовите биле во редови, со конструкцијата од кршен камен

[276] *Археолошка карта,* 358
[277] Ibid, 358
[278] Ibid, 361
[279] И. Микулчиќ, Античките градови, 98 - 102

поставен во еден или во два хоризонтални реда. Откриените наоди во гробовите по стилската и техничка изработка укажуваат на непосредно византиско влијание. Типолошки и временски откриениот накит може да се поврзе со најстарите наоди од големата словенска некропола во Демир Капија, датирана во IX – X век.[280]




Сл.11. Средновековни цркви во Брегалничката област

## 4. **Средновековни рударски населби и рударски топилници**

- **Рудиште**, с. Раковец – Пехчево

  Средновековна рударска населба која егзистирала уште од доцната антика. На околу 3 км источно од Пехчево, во подножјето на Буковиќ, на една пространа ледина на потокот Раковец се зачувани остатоци од темели на објекти, многу градежен материјал, како и фрагменти од керамички садови и питоси. На долниот крај на локалитетот има и темели од старохтистијанска црква. Во овој простор се откриени десетина рударски јами и доста згура од топени железо. Било откриено и

[280] Б. Алексова, епископијата, 137

депо од железни рударски алатки и еден епиграфски споменик кој исчезнал.[281]

- **Балташтица**, Саса – Каменица

  Високо во планинскиот предел под врвот Руен и непосредно до изворите на Козја Река се присутни многубројни остатоци од топена руда.[282]

- **Јагодинска Река**, Саса – Каменца

  Во непосредна близина на утоката на Јагодинска Река има остатоци од топена оловна руда.[283]

- **Мадем**, Саса – Каменица

  Подолу од флотацијата на рудникор Саса, на растојание од околу 1 км, на левиот брег на Каменица има остатоци од топена оловна руда.[284]

- **Петрова Река**, Саса – Каменица

  Покрај долот Петрова Река, кој е притока на Каменица, се среќаваат остатоци од топена оловна руда. Овде се зачувани урнатини од печка за топење. Месноста е позната под името Селиште.[285]

- **Свиња река**, Саса – Каменица

  Во непосредна близина на денешниот рудник, на двата брега на Свиња Река има остатоци од топена оловна руда.[286]

[281] *Археолошка карта,* 13
[282] Ibid, 131
[283] Ibid
[284] Ibid
[285] Ibid
[286] Ibid




Сл.11. Средновековни рударски населби и рударски топилници

## 5. Средновековни цркви со некрополи

- **Боришко маало**, с. Илиево – Делчево

  На десниот брег на Брегалница во непосредна близина на маалото се зачувани темели од црква од доцниот среден век која во голема мера е оштетена. Со заштитните археолошки ископувања откриени се фрагменти од фреско-живопис, а околу црквата повеќе гробови.[287]
- **Манастир**, с. Драгобрашта – Виница
- **Оризари –** Кочани

  Еднокорабна црва со некропола. Селото се наоѓа источно од Коачани, на реката Масалница, притока на Брегалница. Северозападно од селото е откриена еднокорабна црква со нартекс и трем од јужната страна. Црквата е зачувана во темелите кои од северната страна се поставени врз карпа. На истраженото плато покрај црквата се откриени остатоци од една словенска некропола со гробови во две нивоа, што се датирани во IX – X век. Оваа некропола се шири над ранохристијанските гробници од IV – V век. Од словенската некропола истражени се 48 гробови и 7

[287] *Археолошка карта,* 128

ранохристијански гробници. Овие некрополи припаѓале на еден доцноантичка и подоцна на една словенска населба чии траги се констатирани јужно од селото. Самата црква претставува цеметријален објект со фунерална функција околу кој се формирала некрополата.[288]

- **Аџи Бегово** – Штип

  Селото се наоѓа околу 17 км западно од Штип. Во месноста Шарламди, на утоката на Светиниколска Река во Брегалница. Откриени се остатоци од една средновековна некропола со повеќе гробови околу една црковна градба. Конструкцијата на гробовите е со камени плочи, со ориентација исток – запад. Откриените наоди во гробовите се карактеристични за словенските некрополи во Македонија во времето на IX – X век. Од урнатините на црвата се зачувани големи обработени камени блокви и многу остатоци од бигор што припаѓал на горните засводени делови на објектот.[289]

- **Стари Гробишта**, с. Лесковица – Штип

  Северозападно од селото, односно од североисточно од локалитетот Бара, под рдот Плоча има зарамнето плато на кое се претпоставува постоење на некропола.[290]

- **Гробишта**, с. Пенуш – Штип

  Среде селото, на зарамнето плато со површина од 80x20 м има гробови со конструкции од камени плочи, поставени во правец исток-запад. Северно од нив се гледаат урнатини на темели од црквички со димензии 10x6 м.[291]

- **Црквиште**, с. Пенуш – Штип

  На околу 5 км источно од селото, на десната страна на Лозничка Река на мала височинка се гледаат монолитни камени плочи од гробови. Димензии од црква 8x4 м[292]

- **Кисетарла**, с. Почивало – Штип

[288] Б. Алексова, епископијата, 140
[289] Ibid, 141
[290] Ibid, 438
[291] Ibid
[292] Ibid, 439

На 1.5 км источно од селото има урнатини од црквичка градена од приделкан камен и кал, со приближни димензии 8x4 м. Околу неа има гробови со монолитни камени плочи.[293]

- **Црквиште**, с. Арбасанци – Свети Николе

  Непосредно до селото од североисточната страна се гледаат остатоци од ѕидови на еднокорабна црква, зачувани во височина од 2 м на кои се забележуваат траги од живопис. Околу црквата има гробови со конструкции од камени плочи.[294]

- **Баничин Дол – Дејчина Круша**, с. Горобинци – Свети Николе

  На 500 м североисточно од селото се откриени темели од црква, а во непосредна близина случајно се откриени големи плочи од гробна конструкција.[295]

- **Стара Црква**, с. Горобинци – Свети Николе

  На 300 м источно од селото има урнатини од мала правоаголна црквичка со димензии во основата 6x3 м и ѕидови зачувани во висина од 2 м, градени од големи камени блокови. На источниот крај се наоѓа ниша во вид на апсида. Во ѕидовите се вградени две надгробни стели со грчки натпис и една архитравна греда со профилирана рамка во која исто така има натпис.[296]

- **Црквиште**, с. Макреш – Свети Николе

  На 200 м северни од селото има мала правоаголна црква од која се зачувани апсидалниот дел и влезот на западниот ѕид. Околу црквата има камени конструкции од гробови.[297]

- **Црна Црква**, с. Ѓуземелци – Свети Николе

  На 150 м североисточно од селото, крај патот што води за селото Горобинци се наоѓаат урнатини од црква со димензии од 10-5 м, од која северниот и западниот ѕид се речиси во првобитната височина. На внатрешната површина на ѕидовите има остатоци од живопис. Пред влезот на црквата има поголем фрагментиран столб од камен песочник, а

[293] *Археолошка карта, 439*
[294] Ibid, 345
[295] Ibid, 347
[296] Ibid, 353
[297] Ibid

околу него се гледаат контури од гробови од камени плочи со ориентација исток-запад.[298]

- **Колева Чешма**, с. Крушица – Свети Николе

  На 1 км јужно од селото се распознаваат темели градени од камен и варов материјал, а се среќаваат и грамади од кршен камен.[299]

- **Гробиштата**, с. Патетино – Свети Николе

  На западната периферија на селото, кај селските гробишта се гледаат темели од правоаголен објект – црква со апсидален дел на истчната страна и со димензии од 8x4 м. Околу црквата се откриени покривни плочи од гробни конструкции.[300]

- **Црквиште**, с. Ранчинци – Свети Николе

  На 3 км јужно од селото има остатоци на грамади од градежен материјал (тегули, имбрекси и камен) што иницира на постоење на црква и некропола.[301]

- **Манастириште**, с. Шопур – Штип

  На 200 м југоисточно од селото на мала височинка се наоѓаат грамади од кршен камен. Местото се почитува како црковно и на него се доаѓа на Петровден.[302]

[298] *Археолошка карта* , 350

[299] Ibid, 352

[300] Ibid, 356

[301] Ibid, 357

[302] Ibid,445




Сл.11. Средновековни цркви со некрополи

6. **Средновековни населби со некропола**

- **Старо Село**, с. Немањици – Свети Николе

  На 1 км северно од селото се наоѓаат остатоци од темели на објекти и купишта од градежен материјал. Видливи се и темели од постара еднокорабна црква врз кои е подигната денешната црква Св. Илија. Околу неа има гробови со конструкции од камени плочи.[303]

7. **Средновековни населби со црква**

- **Манастир**, с. Ќоселери, Свети Николе

  Средновековна населба и црква. На 5 км јужно од селото се гледаат остатоци од темели на сакрален објект со правоаголна основа.[304]

[303] *Археолошка карта,* 355
[304] Ibid, 361

## 8. Средновековни депоа

> Депо со монети од средниот век. Случаен наод на 721 византиски монети од XII век. Депото го сочинуваат 60 електруми – монети од злато и сребро и 651 монети од бакар (монетите се откупени од М.М. со исклучок на 47 електруми). Што се однесува до временската припадност, меѓу електрумите една е од Мануел I Комнен, 7 од Андроник I Комнен и 9 од Исак II Ангел.

Со најновите рекогносцирања спроведени во склоп на капиталниот проект „Археолошки катастар 2015 година“ и „Археолошки катастар 2016 година“ откриени се нови локалитети во брегалничката област. Според откриениот движен и недвижен археолошки материјал се претпоставува дека следните локалитети егзистирале во X-XI век.[305]

1. Тиса, с. Скандалци – Штип
2. Градиште, с. Вардиште – Штип
3. Аџи Амзали, Исар – Штип
4. Големо Вардиште, с. Никоман – Штип
5. Хаџи Реџепи – Штип
6. Долно Градиште, с. Трстеник – Свети Николе
7. Кула, с. Црвулево – Карбинци

И покрај тоа што во Брегалничкиот регион се откриени нови населби, во науката сеуште постои голема нејаснотија околу прашањето за постоењето и позиционирањето на одредени градови кои се спомнуваат во изворите.

Меѓу средновековните градови кои сѐ уште не е точно лоциран е гардот Малешево, кој се спомнува во грамотата на византискиот цар Василиј II за правата на Охридската архиепископија од 1019 година каде покрај другите епархиски старешини бил забележан и епископот на Моровизд. Неговата јурисдикција се протегала во Моровизд, Козјак, Славиште, Злетово, Луковица, Пијанец и Малешево.[306]

За постоењето на градот Малешево во XII век, постои сведоштво во трудот „Географија” од Арабјанецот Идриси, каде неговиот опис за Малешево гласи: Од таму

[305] *Археолошка карта* , 89
[306] Й. Иванов, Български старинини изъ Македония, София 1931, 552

( Форомиздос – Мородвизд ) има ден и половина ( пат ) до местото Малешево (Mâlesôba) кое е изградено на една висорамнина и опкружено со села и дворови, градини и житни полиња, со пасишта за добиток и шуми.[307] Кон крајот на XII век, во административната поделба на византиското царство, имало и Малешевска – мороздвизшка провинција ( Provincia Malesoui et Morouisdij ). Околу неа се протегале провинците: Триадициа и Велбужд потоа Скопје со епискепси Коритон, како и Загорје и Струмица.[308]

Поради недоволни изворни податоци со кои би се утврдила точната позиција на Малешево, реконструкцијата на средновековната историја на овој град може да се направи врз база на погоре споменатите археолошки остатоци од околината на денешната област на Малешевијата. Овде се мисли пред сè на остатоци од материалната култура како „ градишта ", „ грамади " и „ црквишта ". Овде спаѓаат Градоштето кај Будинарци во кој некогаш постоел феудален град, градиштата кај Двориште, Ратево, Пехчево и Берово. Рударските терми кај селото Ратево, а исто така и топонимот Пехчево упатува на рударска печка каде се печела руда.

За рударски работи во предрударскиот период се зачувани и писмени податоци – извори кои потекнуваат од подоцнежно време, од XVI век. Тогаш според турските пописни книги бил активен рудникот Малешево.[309]

Покрај градот Малешево во науката сè уште постои голема нејаснотија и по прашањето околу постоењето на градовите Брегалница и Равен ( Рамен ).

Во изворите се споменува дека, Константин Филозоф дејствувал како мисионер „ во градот равен на реката Брегалница " ( въ градь Равьnь nа рѣцѣ Брѣгалnицѣ ).[310]

По сознанието за „ град Равен на Брегалница " со прашањето на неговото позиционирање се занимавал Кунук, меѓутоа не дава точен одговор дали овој град има врска со епархискиот град Брегалница, на кого што Борис – Михаил му дал големо

[307] Т. Томоски, Македонија низ вековите, градови, тврдини, комуникации, Скопје 1999, 176
[308] Ibid 177
[309] Н. Г. Попов, Новы материалы о прошлом Малешево. Восточники по истории народов ю го-восточной и централной еврипы, Москва 1964, 233,234
[310] [310] Й. Иванов, Български старинини, 283

уважение. Сепак тој наведува и податок од грчки монах кој известува дека околу 1750 година сè уште постоело село Брегалница.[311]

Околу постоењето на градот Равен се занимавал Ј. Иванов кој според податоците од Костантин Порфирогенит се изјаснува дека во овој период постоел словенски град Равен, потоа истакнува дека градот најверојатно се наоѓал на просторот во денешната месност Рамна кај с. Тработивиште, оддалечено еден километар од средниот тек на реката Брегалница, каде што сè уште се наоѓаат остатоци од стари објекти. Ј. Иванов се знаимава и со прашањето за постоењето на градот Брегалница, меѓутоа не ја одгатнува дилемата дали во „ словенската епоха името Брегалница се давало и на реката и на градот кај неа ".[312]

За прашањето и позиционирањето на градот Брегалница од археолошки аспект се занимавал археологот Блага Алексова, врз основа на археолошките ископувања на Горен Козјакн, со откриената ранохристијанска базилика и остатоците од други градби, дошла до сознание дека во првите векови по словенската колонизација на местото на разурнатиот град Баргала изникнала нова градска населба Брегалница, која станала седиште и на Брегалничката епископија ( βραγαληυίτζης ἐπισκοπῆ ) што ја спомнува Теофилакт Охридски во житието на Тивериополските маченици.[313]

Дека во непосредна близна на денешната црква св. Ѓорѓи во Горен Козјак во IX и X век, постоел епископски град, именуван Брегалница потврдуваат не само резултатите од новите археолошки ископувања, туку и податоците од пишаните извори. Тоа особено се гледа од Житието на Тивериополските маченици, кога Теофилакт Охридски наведува дека „ градот Брегалница " ( βραγαληυίτζαυ ... πόλεως; ό πολλῶυ ), кој се наоѓал на „ царскиот пат "[314] што водел кон Струмица, бил заедно со храмот утврден со ѕидини во времето на Борис и Симеон т.е во втората половина на IX век.[315] Тоа е потврдено и со археолошките ископувања на Горен Козјак.[316]

---

[311] А. Кунук, О материалах для истории Болгарской церкви. Записки Императорской Академии Наук, т. IV/2. С. Петербург 1864, 254

[312] Й. Иванов, Северна Македония исторически издирвания. София 1906, 73

[313] Б. Алексова, Баргала – Брегалница во светлината на новите археолошки истражувања, Гласник на ИНИ, XI/3, Скопје 1973, 10

[314] Гръцки извори за Българската история, VII. София 1968. 91,92

[315] Б. Панов, Средновековна, 594

[316] Б. Алексова, Придонес од истражувањата во Брагала – Брегалница за осветлување на историјата на Словените во Македонија. Знорник. Кирил Солунски I. Скопје 1970. 41

## Глава четврта

## Брегалничката област по пропаста на Самуиловата држава

### I. Црковни прилики

Со давањето на одредена автокефалност на Охридската црква, од Василиј II, рангирана како Охридска архиепископија, императорот и давал одредени привилегии, од причина што во нив тој гледал можност за постепено наметнување на својата власт над покореното население.

Императорот, се потрудил да ја определи позицијата на црквата наспроти Цариградскиот патријарх и неговите митрополити, заедно со диоцезите и да ѝ осигура целосна слобода. Охридската патријаршија била претворена во архиепископија, која станала афтокефална и во неа се потчинети сите епископии од територијата на поранешното Самуилово Царство. Охридската Архиепископија не зависела од Цариградската Патријаршија, но затоа била потчинета на самиот цар, кој за себе го задржал правото за поставување на охридскиот архиепископ. Со вакво вешто решение Василиј II успеал да ја задржи контролата над црковниот живот, а притоа да избегне понатамошно зголемување на и онака огромното подрачје на Цариградската Патријаршија, а воедно да ги задоволи своите нови поданици со истакнување посебни права на нивното црковно седиште.[317]

Откако го симнал патријархот Давид, го утврдил избраникот од Охридскиот Свет Синод новиот духовен началник од Дебарско, Јован, кому не му дал титула „патријарх“, туку му доделил титула „архиепископ“ со постојана резиденција во Охрид. По неговото назначување импрераторот Василиј издал три хрисовули, кои ја гарантирале независноста на црквата – Охридската Архиепископија, во нејзините географски предели.[318] Тоа се гледа во првиот хрисовул издаден од Василиј во 1019 година:

...И затоа што тој посака да му се определат писмено клирици и парици, задолжени да работат за црквите на неговата епархија, како и тие на потчинетите му епископи, му

[317] Г. Острогорски, Историја, 295

[318] И. Снегаров, История на Охридската Архиепископия, том I, София, 1995, 55

даваме царска грамота  со која заповедуваме: ( Καὶ ἐπεὶ ἠτήσατο ὁ τοιοῦτς ἐγγράφως ἔχειυ τοὺς ὀφείλουτας ταῖς ἐκκλησίαις τῆς ἐυορίας αὐτοῦ καὶ τῶυ ἐπισκόπωυ υὐτοῦ κληρικοὺς καὶ παροίκους ὑπειρετεῖυ δεδώκαμευ αὐτῷ τὸ παρὸυ σιγίλλιοη τῆς βασιλείας ἡμῶυ, δι οὗ παρακελευόμεθα)[319]

Покрај другите епископии кои се спомнуваат во хрисвулот се споменува и епископот на Мородвизд и во Козјак, Славиште, Злетово, Луковица, Пијанец и Малешево, 15 клирици и 15 парици. ( Καὶ τὸν ἐπίσκοπον Μοροβίσδου εἰς αὐτὸν τὸν Μοροβίσδον καὶ τὸν Κοζιάκον καὶ τὴν Σλαβίστην καὶ τὴν Σθλετοβὰν καὶ τὸν Λουκόβιτζον καὶ τὴν Πιάνιτζαν καὶ τὴν Μαλέσοβαν, κληρικοὺς ιε καὶ παροίκους ιε. )[320]

Од ова се согледува дека во организационен поглед Мородвиздската епархија уште во почетокот на византиското владеење била уредена во рамките на Охридската Архепископија, која била ставена во служба на Византиската Држава. Оваа епархија најверојатно била наследничка на претходната Брегалничка епископија, која што повеќе не се среќава под тоа име.

Меѓутоа, едно од најстарите зачувани известувања за постоењето на градот Мородвизд потекнува од византискиот писател Јован Скилица, кој во својата „Кратка историја“ меѓу другото напишал дека еден ден во Мосинопол, каде престојувал Византискиот цар Василиј II, дошле пратеници од Пелагонија, Мородвизд, Љипљан со намера да му ги предадат градовите.[321]

За активниот црковен живот во Мородвизд говорат и археолошките остатоци од црковниот комплекс со повеќе градби од кои најстарата потекнува од крајот на V век. Во архиректонскиот склоп е и ранохристијанска гробница која добила свое значење во средниот век, кога во неа биле погребани мошти на пет машки индивидуи.[322]

---

[319] Й. Иванов, Български старини, 550

[320] Ibid, 552

[321] *Византијски извори за историју нароада Југославје* III, Београд, 1966, 124

[322] К. Трајковски, Ранохристијанска гробница во Мородвис - *Лихнид 7*, Охрид 1989, 89-84



Сл.26. Мродвис, Црквиште

Хронолошки, најмлад објект е црквата од централен тип, со купола носена од пар столбови и пар столбци. Анализата на основната архитектонска концепција, како техника на градење и декорација го даваат правото XIII век да биде времето кога била подигната оваа црква. Во прилог на ваквото временско одредување оди и накитот кој е пронајден во гробовите околу црквата. [323]

Втората црква со своите две основни градежни фази и повеќе интер фази е катедралниот храм на Моробиздон[324] односно тоа е црквата во која стигнала хрисвулата на Василиј II.[325]

Катедралниот храм временски е сместен во дијапазон од X до XIII век, со сите можни доградувања и преградувања. Се вбројува во групата продукти на средновизантиската архитектонска школа и наоѓа паралели со епископската црква во Каламбака кај Метеора, Св. Никола Мелнички, Охридската св. Софија и др.

[323] К. Трајковски, *Srednovekovniot grad Morodvis vo Makedonija*, Труды пятого международного конгресса славянской археологии, Москва, 1987, 90
[324] Ibid
[325] Й. Иванов, Български старини, 552

Голем по своите димензии и доста луксузно уреден со подови работени во техника сектиле, фреско живопис исцртан во комненски манир и декоративна мермерна пластика му даваат свеченост и тежина на просторот каде најверојатно се договарале пратениците, спремни да го предадат градот на византискиот император Василиј II, како што соопштува хроничарот Јован Скилица.

Според откриениот археолошки материјал како монети на подот од објектот, и материјалот од гробовите вкопани во подот на штотуку запуштената црква, го даваат времето на последните децени на XII и првите децении на XIII век.[326]

[326] К. Трајковски, *Srednovekovniot grad Morodvis,* 90-92



Сл.27. Databases Мородвиз, Ранохристијански комплекс со словенска црква

Дека периодот од XI и XII век постоела Малешевска епархија говорат и известувањата од Теофилакт Охридски кој во едно писмо адресирано до триадичкиот епископ го споменува малешевскиот епископ Μαλεσόβης[327] како и еден од епархиските списоци од времето на Алексиј I Комнин.[328] Но ако се земе во предвид дека според расположливите извори во овој период егзистирала и Мороздвишка епархија, тоа би значело дека епископското седиште било преместено од градот Мороздвизд во градот Малешево.

Мороздвиждската епископија секако дека функционирала во XIII век, се до проширувањето на српската власт во Македонија. Врз основа на еден запис на

[327] *Византијски извори,* III, 313
[328] *Грцки извори,* VII, 105

ракописен зборник во Лесновскиот Манастир се претпоставува дека во Мородвизд имало епископ пред српското освојување.[329]

Со реорганизацијата на српската црква во 1347 година се основала Злетовската епархија како наследник на Мороздвишката, а во 1348 година епархиското властништво во Злетово, владетелот Душан ја препушта запустената „Ѿ мɴогыхь лѣть“ мороздвжката епископија.[330]

Со преместувањето на епархиското седиште подалеку од Брегалничкиот регион, била нарушена една црковна традиција, која со векови била создавана и опстојувала во Брегалничката област.

[329] М. Пурковић, *Српски епископии и митрополити средњег века*, Скопје, 1973, 40
[330] К. Трајковски, *Светите Климент и Наум*, Брегалничката епископија во светлината на најновите археолошки истражувања, МАНУ, Скопје, 1996, 343

## II. Воено-административно уредување

Со конечниот крах на Самуиловата Држава и повторното потпаѓање на Македонија под Византиска власт, Василиј II триумфално ја обиколува покорената македонска територија обновувајќи ја Византиската власт и поставувајќи свои команданти во освоените градови. Со тоа територијата на Македонија била претворена во Византиска провинција и целосно била вклучена во рамки на византиското воено-административно и црковно уредување.

Постанувајќи составен дел од Византиското Царство, територијата на Македонија била инкорпорирана во тематскиот систем на Византија, како дел од новоформираната тема т.н. Бугарија. Седиште на оваа голема тема, која најпрво добила ранг на катепанат, а подоцна ранг на Дукат, било во Скопје.

Околу темата Бугарија се простирале и други теми. Така помеѓу Балканските Планини и Дунав била формирана тема Праистрион со центар во Силистрија, во пограничните области на Дунав и Сава претворена е во тема со седиште во Сирмиум. Јадранскиот брег со Задар на север и Дубровник на југ, како и порано ја сочинувале темата Далмација. Дукља, Захумље, Рашка и Босна не се организирани како теми, туку како и Хрватска, останале под власта на домашните кнезови. Според тоа не претставувале провинции, туку биле вазали на Византиското Царство. Областа јужно од Скадар припаднала, како и порано, на Драчката тема, која како главно упориште на царството на Јадранот, добила ранг на Дукат, како што добила и Солунската тема, главно византиско упориште на Егејското Море.[331]

Со оглед на тоа дека начинот на војување на Василиј II бил доста немилосрден, начинот на неговата политика во освоените земји била многу умерена.

Водејќи сметка за обичаите и можностите во освоените области, тој не барал од населението на тие области да плаќаат данок со пари, слично на населението од старите и економско развиените делови од Византиското Царство, туку им одобрил како и порано, да ги плаќаат своите даноци во натура.

За оваа умерена политика на Василиј II посочува и Скилица во изворните соопштенија кога населението од темата Никопол се одметнало од Византија, поради

[331] Г. Острогорски, *Историја,* 297-298

неиздржливиот притисок при собирањето на данкот и се приклучило на востанието на Петар Делјан. Скилица јасно посочува дека Василиј II кога ги покорил Бугарите, воопшто не сакал да воведува новитети, туку го оставил стариот начин на плаќање данок како што било во времето на Самуил. Иако овој извор е подоцнежен, сепак ни дава одредена слика за даночната политика на Василиј II во новоосвоените области.[332]

За подобро контролирање на територијата, како и во другите провинции на Империјата, така и во Македонија, обласната управа била организирана по територијални окрузи, наречени теми. Во XI век темата била не само воено-административен, туку и даночен округ.

Теофилакт споменува повеќе теми во кои била опфатена територијата на Македонија, како: Солунската, Скопската, Драчката, Берската, Пелагониската, Вардарската и др.[333] Но има и теми коишто не се споменати од Теофилакт како: Струмичката, Костурската, Деволската и др.[334]

Од еден документ (практик) кој се однесува на манастирот Богородица Милостива кај Струмица и е датиран од 1152 година се дознава дека покрај Струмичката тема, на територијата на Македонија постоеле и поголем број други теми.[335]

Споменувањето на Теофилакт дека територијата на Македонија била поделена на повеќе теми, но и истакнувањето дека тие се раководени од различни по чинови управници, хармости, стратези, катепани, дукси и кесари, сведочи дека во воено-административен поглед Македонија била разделена во завсност од воено-стратегиското значење на поодделните области, на помали и покрупни теми. Гранците на овие теми не биле постојани, туку се прекројувале во зависност од загрозувањето на византиските позиции од страна на македонскиот народ или од надворешните непријатели. Чест бил случајот повремено да се обединуваат повеќе градови-центри на теми под заедничка управа на специјално лице, испратено од императорот. Таков

[332] *Византијски извори, III*, 150-152
[333] Б. Панов, *Средновековна,* 244
[334] В. Н. Златарски, *История на Българската държава,* I/2, 274
[335] *Гръцки извори за Българската история*, II. София, 1959, 84-90

привремен управител бил Григориј Таронит, кој бил испратен од императорот да ја стабилизира власта на Византија на Црноморските градови.[336]

Од расположливите изворни податоци не е можно да се утврди дали Брегалничката област била опфатена во посебна тема или пак во рамките на некои од соседните македонски теми: Струмичката, Вардарската или Скопската што ги споменува Теофилакт во своите писма.[337] Меѓутоа со оглед на тоа дека Брегалничката област има доста добра местоположба, може да се размислува и од друг агол, дека сепак била опфатена како посебна тема. Во прилог на тоа оди и податокот од грамотата на Алексеј III Ангел (1195-1203) дадена во 1199 година на Венецијанскиот дужд Енрико Дандоло, во која се наведува дека тогаш покрај „Провинцијата Триадика (Софија) и Велбужд“ постоела и „Провинција Малешево и Мороздвизд“ (Provincia Malesovi et Morovisdii).[338]

---

[336] Б. Панов, *Теофилакт Охридски како извор за средновековната историја на македонскиот народ*, Скопје, 1971, 245
[337] Ibid, 228
[338] Б. Панов, *Штип низ вековите*, 162

## III. Отпорот против византиската власт и одразот на Брегалничката област

По смртта на Василиј II (1025), Византиското Царство во текот на неколкуте наредни децении го зафатила тешка внатрешна политичка криза, чии главни причини биле јакнењето на феудалните сили и нивниот стремеж кон децентрализација.

Јакнењето на процесот на феудализмот било придружено со забрзано опаѓање на селските и војничките имоти, што довело до слабеење на борбените сили, до смалување на даночните приходи и до битни промени во социјалната и стопанската структура на царството.

Во борбата околу власта што се водела меѓу феудалците, односно меѓу претставниците на цивилното племство и провинциската воена аристократија, во почетокот преовладувало цивилнто племство. Од неговите редови произлегле низа неспособни владетели, кои малку се интересирале за државната политика. За потребите на надворешната политика, а особено за луксузниот живот на цариградскиот двор, биле потребни многу пари, кои ги добивале, главно, со зголемување на приходите од даноците и со воведување нови даноци. Ваквата состојба во Византија, влијаела и во напуштањето на принципите на Василиј II во политиката спрема потчинетите територии на поранешното Самуилово Царство, што во голема мера ја влошило положбата на македонското население.[339]

Во овој период од византиското владеење во одделни области во Македонија со многу голема брзина почнал да се зголемува крупниот земјопосед на византиските феудалци кои се нафрлувале врз незаштитеното население во областите кои биле под нивна управа. Утврдени во своите феудални замоци, со својта вооружена придружба, за зголемување на своите имоти оделе до тој степен што со убивање на законските наследници на соседните имоти или пак преку присилување на истите да поминат под нивна зависност. На тој начин голем број селани ја изгубиле својата слобода и биле претворени во феудално-зависни луѓе.[340]

Положбата на зависното население се разликувала со тоа што еден дел биле задолжени да извршуваат специјална служба во рамки на феудалните стопанства и биле ослободувани од ред даночни обврски и задолженија. Но, затоа пак, требало да

---

[339] К. Аџиевски, Пелагонија во средниот век (од доаѓањето на Словените до паѓањето под Турска власт), *ИНИ*, Скопје, 1994, 66

[340] Б. Панов, *Средновековна,* 631

извршуваат лична служба за феудалните господари. Во повеќето случаи таквите зависни луѓе ја сочинувале личната придружба на феудалците, свитата, послугата и сл. Таквите луѓе секогаш им биле на помош на феудалците кога ги собирале даноците или кога требало да извршуваат разни задолженија. Од друга страна останатите феудално-зависни луѓе извршувале најразлични обврски, како за Византиската држава, така и за своите феудални господари. Тоа значи дека двојно се експлоатирале односно биле натоварени со даночни обврски и други задолженија, кои влегувале во рамките на централизираната феудална рента (за државата) и приватносопственичката феудална рента (за феудалните господари: световни и црковни).[341]

Со развитокот и ширењето на феудализмот , натуралниот данок што бил плаќан во Самуилово време, а подоцна задржан и од Василиј II, сега со паричната реформа од 1040 година, потчинетиот македонски народ морал да го подмирува земјишниот данок (ѕевгологион) за византиската држава во пари, данокот за куќа (капникон), за пасиште (еномион) и други даноци и разни такси. Во исто време поданиците требало да извршуваат бесплатно разни ангарии: да поправаат или градат мостови (гефире), да поправаат или градат патишта (одостросија) итн. Тие исто така морале да доставуваат во натура десеток од житото, рибата, виното итн. Покрај тоа феудално зависните луѓе требало да подмируваат во пари и натура, како и да извршуваат разни ангарии и за своите феудални господари. Исто така сите поданици од Македонија морале да доставуваат во пари и натура црковен данок (канаоникон), потоа да обезбедуваат бесплатен престој и храна за војската (митатон), за државните органи (аплектон) и сл.[342]

Во своите писма Теофилакт Охридски вели дека: „во Македонија се зголемил бројот на оние кои натрупале илјадници таланти.... богатство, покриено со солзи и болки."[343]

Поради обемноста на тешките државни и црковни даночни задолженија, дошло до осетно влошување на положбата на македонскиот народ уште во првата половина на XI век. Кон тоа исто така придонеле самоволијата кон незаштитениот народ што ги вршеле даночните чиновници и другите византиски државни органи, како и војните што биле на македонска почва. Поради ваквата тешка положба во која се нашло

[341] Б. Панов, *Штип низ вековите*, 165
[342] Ibid
[343] Б. Панов, *Теофилакт Охридски,* 191

населението, уште во почетокот на византиското владеење во Македонија било причина да се развие и засили класната и ослободителна борба, не само на тлото на Македонија, туку и во другите делови на Балканскиот Полуостров.[344]

Во самиот почеток оваа борба била стихијна и неорганизирана, се до почетокот на четириесетите години на XI век, кога прераснала во масовно народноослободително и антифеудално востание, на чие што чело застанал внукот на Самуил, вонбрачниот син на Гаврило Радомир, Петар Делјан.[345]



Сл.28. Минијатура од Мадридскиот ракопис на Јован Скилица. Прогласување на Петар Делјан за цар

Востанието започнало 1040 година, кога во Белград за цар бил прогласен Петар Делјан[346], по прогласувањето, востаниците од белградско – моравската облст тргнале на југ кон градот Ниш и Македонија. Кај Ниш дел од војската бил испратен на исток

[344] К. Аџиевски, Пелагонија, 67

[345] Б. Панов, *Средновековна,* 634

[346] Д. Оболенски*, Византискиј Комонвелит*, Белград, 1971, 253

кон Сердика за и таму да се прошири востанието, друг дел бил испратен во правец на Косово и Призрен, а самиот Делјан се движел во правец на Скопје.[347]

Ширењето на востанието кон Македонија секако не е случајно, затоа што овие области го сочинувале јадрото на востанието на комитомулите, а потоа и на македонската држава на Самуил.

Во самиот тек и ширење на востанието, во обид да им се спротистави на востаниците и да го запре ширењето на востанието, стратегот на Драчката тема Василиј Синадин ги кренал месните воени сили и бргу заминал за да го попречи напреднувањето на Делјан и како што вели Скилица, да спречи злото да стане големо и да пламне пожарот.[348] Но Василиј Синадин откако стигнал до Дебар се замерил со едено од потстратезите по име Михаил Дермокаит, при што бил наклеветен кај императорот Михаил IV дека тој кроел планови за узорпација на императорската власт. Поради тоа Василиј Синадин бил фатен и фрлен во затвор во Солун. На негово место бил назначен Михаил Дермокаит, но како што соопштува Скилица управувал неопитно и лошо.[349] Поради разните грабежи кои се случувале со негова дозвола, неговите потчинети војници се кренале против него. Михаил Дермокаит едвај успеал да се спаси со бегство. Востанатите војници за свој водач го избрале Тихомир кој што бил храбар и мудар војник. Така се создале два востанички центри. Еден во Драчката тема, а другиот во Македонија. На чело на едната војска стоел Тихомир, а на другата Петар Делјан.[350]

Во текот на акциите дошло до контакт меѓу раководствата на двата востанички центри, со цел да ги обединат своите акции. На средбата кога востаниците од двата востанички центри се увериле дека Петар Делјан води потекло од царски род, претпочитале тој да им биде водач.[351] За да не дојде до раздор во востаничките редови Петар Делјан успеал да го елиминира Тихомир, со што веднаш испратил војска која го освоила Драч. Потоа со главната востаничка војска Делјан се упатил на југ, кон Солун, каде што во тоа време се наоѓал Византискиот цар Михаил IV (1034-1041), а во исто време друга војска била пратена кон тврдината Василида која имала за задача да ја контролира Охридско-Преспанската област. Војската на Делјан успешно ја завршила

[347] А. Атанасовски, Востанието на Петар Делјан ( 1040 – 1041 ), - *Востанијата во Македонија*. Скопје 2015, 58
[348] Ibid
[349] Ibid
[350] Ibid, 59
[351] Ibid

својата задача да ја освои тврдината, која уште од Самулово време претставувала мошне важно упориште во срцето на неговото Царство.[352]

Со брзиот продор на востаниците, а неочекуван за Михаил IV, кој панично го напуштил Солун, оставајќи ја својата комора и другите вредни работи на Мануил Ивец, кој бил доверлив човек од неговата свита со задолжение да ги однесе во Цариград. Меѓутоа Мануил Ивец не постапил според наредбата на императорот, па се што му било оставено присвоил за себе и заедно со еден свој доверлив човек му се придружил на Петар Делјан.

Паничното бегство на Михаил IV го искотистиле другите балкански поданици за да се придружат кон востаниците на Петар Делјан и да ја отстранат византиската власт. Знаејќи го нивното расположение Делјан испратил на повеќе страни свои војски со цел да ги привлече востаниците на своја страна. Како резултат на тоа востанието бргу се проширило, уште на почетокот била зафатена територијата на Србија, потоа и на Бугарија и т.н. Една голема востаничка војска предводена од Антим се упатила на југ кон Елада. Таа стигнала до градот Тива каде што наишла на голем отпор од византиската војска што ја командувала Алакасевс. Сепак победа извојувал Антим. Во меѓувреме востанието ја зафатило и Новпактската тема – јужно од Драчката, во стариот Епир. Освен градот Новпакт целата оваа област поминала под власта на востаниците. Во оваа тема, како што соопштува Скилица, практорот ( државен даночен управник ) Јован Куцомит толку многу бил омразен поради прекумерното земање даноци што кога се кренале жителите на востание го исекле на парчиња.[353] Востаниците со воодушевување застанале на страната на Петар Делјан. Во својот „Стратегикон" Кекавмен соопштува дека жителите на Сердика ( Софија ) се кренале на востание и поминале на страната на Петар Делјан.[354] Впрочем на тоа влијаел испратениот одред восјка уште од Ниш кон Сердика и под негова иницијатива востанале жителите на Сердика и се приклучиле на Петар Делјан.[355]

Погоден од брзото ширење на востанието, императорот Михаил IV, решил да замине во поход против Петар Делјан.

---

352 К. Аџиевски, Пелагонија во средниот век, 68-69
353 А. Атанасовски,Востанието на Петар Делјан, 59
354 Ibid
355 Ibid, 60

Додека уште се водела војната меѓу византиската војска и војската на Петар Делјан се случило нешто многу чудно – соопштува Михаил Псел. Во екот на самите борби, вели тој, во Македонија тајно пристигнал најубавиот Аронов внук Алусијан, синот на Јован Владислав. Во 1018 година Алусијан бил одведен во Цариград и пратен во Теодосипол, во Ерменија. Во време на востанието во Македонија Алусијан бил во немилост. По наредба на Јован Орфанотров бил конфискуван неговиот имот, поточно имотот на неговата жена. Освен тоа требало да плати казна од 50 литри и му било наредено да не го напушта домот и да не се појавува во Константинопол. Востаничките дејства во Македнонија биле излез за Алусијан. Алусијан дошол во логорот на Петар Делјан во Острово. За тие дејства соопштува Михаил Псел кога вели: „ Војната уште се одлагаше кога се случи нешто чудно, имено еден, помилозливиот од Ароновите синови наречен Алусијан, пријатен по карактер, сјаен по ум, значаен и успешен, стана највиновниот за победата на царот и тоа не по негова споствена волја, туку спротивно. Но бог го поттикна и тој како од спротивна страна ја овозможи победата на императорот. Овој Алусијан не беше сосема во императорска благонаклонетост, тој не беше член на советот не учествуваше во сјајните почести. Иако беше незадоволен и несреќен, тој дотогаш не преземаше ништо. Но кога разбра за случајот кај неговиот народ, кога дозна дека тие во недостиг на царски род, незаконскиот син, преправен, си избрале за да им царува, тој се осмелил на нешто многу бујно, ги напуштил децата, ја отфрлил љубовта на сопругата, никому не доверувајќи им за одлуките. Така тој се дрзна од крајниот исток, да тргне на запад, а за да не се дознае за тоа и да не се препознае од тие во градот ( престолнината ) тој сосема се преправи како наемник се криел од очите на сите.[356]

Откако, Алусијан сфатил дека сите повеќе го ценат законскиот претставник на царскиот род, а не „ едно сомнително лице ”, тогаш тој се осмелил да се открие на еден од тие кои добро го познавале Ароновиот род и кој бил доста загреан за нив. После тоа, гласот за царското потекло на Алусијан брзо се распостранил низ луѓето, при што повеќето преминале на негова страна како законски потомок на царскиот род. Од таа причина се појавил нов расцеп, затоа што едни го прифатиле за цар Алусијан, а други –

[356] А. Атанасовски, Востанието на Петар Делјан, 60

Делјан. Но за да се избегнат сите несакани последици од тој расцеп, двајцата водачи се помириле помеѓу себе.[357]

Доаѓањето на Ивец, а малку подоцна и на Алусијан, меѓу востаниците, го подигнало во голема мера нивниот морал и придонело за натамошно јакнење и ширење на востанието, кое го зафатло најголемиот дел од Балканскиот Полуостров.[358]



Сл. 29. Минијатура од Мадридскиот ракопис на Јован Скилица. Алусијан во логорот на Петар Делјан

Петар Делјан за да избегне недоразбирање и за да го отстрани соперништвото од страна на Алусијан му доверил 40 илјадна војска, за да тргне кон Солун – главниот објект на Византијците. Без да налета на никаков отпор стигнал до Солун, решавајќи да ја искористи неподготвеноста на стражата, одлучил веднаш да го нападне градот и да го завладее. Во текот на шестдневни неуспешни напади, Алусијан решил да ја смени тактиката и да поведе долготрајна опсада, се додека жителите сами не се предадат. Меѓутоа опсадата не траела долго, веќе вториот ден, Византијците со сите сили ја нападнале војската на Алусијан, убивајќи 15 000 војници, а поголем дел биле заробени, Алусијан по овој катастрофален пораз со бегство успеал да се спаси.

Уништувањето на голем број од војската бил најсилниот удар за востаниците, спласнувајќи го и борбениот дух на народот, а со тоа и Петар Делјан бил лишен од поголемиот дел од војската. Ова го искористил Алусијан со што на подмолен начин го

[357] В. Н. Златарски, *История,* I/2, 65
[358] К. Аџиевски, Пелагонија во средниот век, 70-71

ослепил Петар Делјан и преминал на страната на Византијците, ставајќи ги личнте интереси пред интересите на народот.[359]

Движењето на настаните во ваков правец предизвикал катастрофални последици за понатамошниот тек на востанието, со што Византиската војска предводена директно од Михаил IV, без големи тешкотии успеала да ги разбие востаниците и да го фати Петар Делјан.[360]

Набргу потоа бил ликвидиран отпорот на Мануел Ивец во Прилепскиот крај каде што имал изградено дема. Ивец исто така бил заробен. Михаил Псел соопштува дека императорот Михаил IV откако го потчинил под своја власт востанатиот народ и откако поставил стратези по темите победоносно се вратил во престолнината – Цариград, заедно со ослепениот Делјан и Ивец. Во Цариград на императрот му бил приреден триумфален дочек зашто успеал насекаде да го задуши востанието во 1041 година.[361]

За тоа дека Брегалничката област и градот Штип со востанието биле зафатени уште во 1040 година, говорат податоците од еден апокрифен летопис, од XI век, во кој неговиот автор соопштува дека „царот по име Гаган, а по потекло Оделен (царъ, именем Гаган, а порекло моу Оделѣнь)[362] создал 3 града меѓу кои и градот Штип (г. Штипь).[363]

По ликвидирањето на востанието на Петар Делјан и во Брегалничката област, Византија ја воспоставила и утврдила својата власт. По наредба од централната власт биле ангажирани и претставниците на домашната и туѓинската феудална аристократија. Удостојувајќи ги со многу имотни права, истите биле задолжени, независно од тоа дали биле пронијари, да учествуваат со своите вооружени луѓе не само во утврдувањето на Византиското господство, туку и во отстранувањето на надворешната опасност, која во овој период во овие краишта на Македонија доаѓала од страна на Печинезите.[364]

---

[359] В. Н. Златарски, *История,* I/2, 65-70
[360] К. Аџиевски, Пелагонија во средниот век, 71
[361] А. Атанасовски, Востанието на Петар Делјан, 62
[362] Според Иванов Оделѣнь се однесува на Делјан
[363] Б. Панов, *Штип низ вековите*, 167
[364] Б. Панов, *Средновековна,* 636

Под водство на Ханот Тирах, Печинезите успеаледа ја поминат реката Дунав, но набргу биле поразени од Византијците и како што известува Јован Скилица, голем број заробеници – Печинези биле населени „низ полињата на Сердика, Ниш и Овче Поле.[365]

Извесна светлина за населувањето на Печенезите, односно нивното присуство во Овче Поле, секако, со извесна доза на претпазливост, открива еден анонимен апокрифен летопис кој има легендарен карактер. Имено, во „ Византија на пророкот Исаиј " се соопштува дека Делјан, откако наводно владеел 28 години „ бил погубен од иноплеменици на Овче Поле. На населените Печенези им било одземено оружјето за да не се обидат да дигнат бунт, а по сè изгледа, им била дадена државна земја за да ја обработуваат. Скилица Ј. известува за предлогот на византиските војсководачи да ги раселат по ненаселените рамнини, а ним им било наложено да плаќаат данок за земјата која ја добиле на обработка, а покрај тоа биле обврзани да вршат и воена обврска. По населувањето во Македонија, кај Овче Поле и во другите европски поседи на царството, Печенезите биле покрстени, како што тоа било направено малку порано со племињата на Кеген, кои преминале во византиска служба.[366]

Населените Печенези според известувањето на некои споредни изворни податоци, набрзо по нивното населување дошле во жесток судир со локалното население во Овче Поле. Тоа го дознаваме од „ Житието на Св. Гаврил Лесновски ". И покрај тоа што податоците од Жотието имаат легендарен и апокрифен карактер, тие фрлаат извесна светлина врз односот на новонаселените Печенези со локалното население. Имено, во Житието на Св. Гаврил Лесновски се споменува некој Михаил, велики кнез бугарски, дека војувал со некој Мавраган или Мавран. Во почетокот според Житието, Мавраган го протерал Михаил од неговата област. Михаил побегнал во „ Ратковуцу ". Таму се помолил на господ и на Св. Гаврил. Во сон му се јавил Св. Гаврил и му советувал на Михаил да отиде во Злетово и да земе двајца војници, а потоа да отиде во „ Ратаицѣ" и да го убие Мавраган. Следниот ден Михаил со двајца војници го нападнал Мавраган, го убил и ја растерал неговата војска. Истаржувачите во лицето на споменатиот во Житието Михаил гледаат некој локален феудалец во Овче Поле, кој

[365] В. Н. Златарски, *История,* 92

[366] М. Бошкоски, Македонија во XI и XII век надворешни упади на територијата на Македонија, Скопје 1997, 46

дошол во судир со Мавраган, за кој пак се смета дека е еден од повидните старешини на населените Печенези во Овче Поле.[367]

Населените печенешки колонисти на поширокото подрачје на Овче Поле бргу дошле во жестоки судири со месното македонско население, но нивната судбина била таква што тие со тек на времето се претопиле во чистата македонска средина во и околу Овчеполието. Траги од нивното постоење останале како и во обичаите на населениото од овие краишта, така и во самата топонимија. Потврда за тоа е името Печеница за високиот врв во атарот на с. Дреново, Злетовско, како и името Мавраган на месноста во близина на Злетово, кое е во врска со печенишкиот водач Мавраган кој располагал со свои „дворци“ во овие краишта на Македонија и сл.[368] За честите варварски напади на овие краишта, податоци се среќаваати во житието на Прохор Пчињски.[369]

Зголемувањето на даночните обврски кон Византија и постојаната изложеност на варварски напади, влијаеле во овој период положбата на населението значително да се влоши. Слабиот император Михаило VII Дука, којшто дошол на престолот во 1071 година, негрижејќи се за ништо, потпаднал под силно влијание на логотетот Никифорица. Преграбувајќи ја власта во свои раце, Никифорица управувал со државата со иста енергија и безобзирност, како и во свое време Орфанотроф. Тој вовел нови даноци и ги зголемил старите. Посебно негодување кај народот предизвикало воведувањето државен монопол на трговијата со жито. Тоа довело до зголемување на цената на лебот во престолнината, а воедно и до поскапување на другите прехрамбени продукти. Во земјата настапил глад.

Територијалните загуби на Византија многу тешко се одразиле врз положбта на поробеното македонско население. Како и порано, така и сега, главниот товар на војните го носело стопанството. Тоа било изложено на експлоатација од страна на византиската држава и византиските феудалци, бидејќи тие ги загубиле своите имоти и изворите на своите богатства во Мала Азија и Италија. Селаните морале да ги хранат византиските војници, домашни и наемнички, а исто така и населението од големите византиски градови.

---

[367] М. Бошкоски, Македонија во XI и XII век, 48

[368] Б. Панов, *Средновековна,* 638

[369] Й. Иванов, Български старини, 401-404

Во втората половина на XI век во Виантиската империја, а со тоа и во Македонија, процесот на феудализација бил забрзан. Започнало масовно делење на пронии. Заедно со земјата се доделувало и населението што живеело на неа. Тоа население било изложувано на силна експлоатација, бидејќи пронијарот ја добивал таа земја на повремено користење, па сакал од неа да извлече што поголем приход.[370]

Тоа било пак причина во самиот почеток на седумдесетите години на XI век, македонскиот народа повторно да крене востание против тешкото византиско господарство. Причината за кревање на востание во 1072 година била истата како и онаа за востанието на Петар Делјан што всушност беше и првата етапа од обидот за ослободување од византискиот јарем.

Подготовките на востанието уште од неговиот почеток ги предводело македонското благородништво, сакајќи да го искористи за свои лични интереси. Главните организатори биле скопските првенци предводени од Горги Војтех. Постоеле поволни услови за поготовка и реализација на востанието. По поразот на византиската војска кај Манцикерт, поголемиот дела на воените сили на Византија бил концентриран во Азија, за да му се спротистави на натамошното продирање на Турците – Селџуци. Повремените навлегувања на Печинезите, Унгарците и Узите го одвлекувале вниманието на другиот дел од византиската војска која останала во Европа. Освен тоа, и немарноста и распуштеноста на дуксот Никифор Карантин, чиешто седиште се наоѓало во Скопје, создале исто така добри услови за дигање на востанието.[371]

Организаторите на востанието „скопските првенци чијшто водач бил Горги Војтех", свесни дека сами без ничија помош, тешко ќе бидат способни да го изведат востанието до крај, тие успеале да обезбедат и надворешна помош од страна на Дукља, чијшто тогашен владетел Михајло бил во крвни врски со Самуиловата царска династија. Тој им испратил 300 борци на чело со војсководецот Петрило, а истовремено им го испратил и својот син Бодин, кого скопските првенци го дочекале

---

[370] А. Атанасовски, *Востанијата во Македонија*, Востанието на Георги Војтех ( 1072 – 1073 ), Скопје 2015,67

[371] Ibid

кај Призднана (Призрен) и го прогласиле за цар, преименувајќи го притоа во Петар, во чест на Петар Делјан.[372]

Кога дознал за прогласувањето на Бдин за цар во Призрен, управникот на темата Бугарија и дукс на Скопје, Никифор Карантин, веднаш со своите стратези и со војска тргнале кон центарот на востаието во Призрен. Но тој поради својата бавност и неспособноста неможејќи ништо да изврши се спречкал со неговиот помошник Дамјан Даласин. Оваа несложност во командата на византиската војска била причина таа да биде разбиена при судирот со востаниците кај Призрен. Во оваа победа востаниците успеале да го преземат и запленат логорот, како и да запленат многу од поразение византијци меѓу кои бил и самиот дукс Дамјан Даласин, кој бил поставен на местото на Никифор Карантин.[373]

Востаниците го искористиле поразот на Византијците кај Призрен да го заземат големиот и добро утврден град Скопје, доверувајќи му ја негвата одбрана на Горги Војтех. Уште пред тоа, додека востаниците биле во околината на Призрен, Бодин ги поделил војските на три дела. Едниот дел на чие чело застанал самиот тој, се упатил на север кон Ниш, со цел да го прошири востанието кон север. Еден дел, како што се спомнува погоре, на чело со Горги Војтех го запоседнале Скопје и ја организирале одбраната на градот во случај на византиски против напад. Третиот дел од востаничката војска бил предводен од војводата Петрило и таа војска била испратена на југ, кон Охрид, Девол, Костур.[374]

Кога дознал за настаните кои се одиграле во Македонија, императорот Михаил VII ( 1071 – 1078 ) собрал голема војска, пополнета со нови одреди. Командувањето му било доверено на ново назначениот катепан на темата Бугарија, Михаил Саронит. Нему му било заповедано како што вели Скилица: „ да пбрза да го згасне злото, пред то да се претвори во голем пожар ”.[375] Саронит со својата војска се упатил кон Скопје, резиденцијата на византискиот управител во Македонија, каде што во ова време се наоѓал Горги Војтех со своите приврзаници. Војската на Саронит се распоредила пред ѕидините на Скопје и го опседнала. Увидувајќи дека нема да може да и се спротистви на византиската војска, заштитникот на градот истиот го предал доброволно, без борба.

[372] Б. Панов, *Средновековна,* 638
[373] В. Н. Златарски, *История,* I/2, 142, 143
[374] А. Атанасовски, Востанието на Георги Војтех, 69
[375] Ibid

Во замена на тоа барал само Саронит да му ја гарантира личната безбедност. Но Горги Војтех не мирувал, успеал тајно да го извести Бодин за случувањата околу Скопје и му преложил како повторно да го ослободат. Бодин тргнал од Ниш кон Косово Поле. Саронит дознал за планот на Горги Војтех и Константин Бодин, ги кренал воските од Скопје и им излегол во пресрет на востаниците кај местото Таонион ( Паун ) на Косово Поле. Во битката што се одиграла во Декември 1072 година, востаничката војска била разбиена , а Горги Војтех и Константин Бодин паднале во заробеништво. Како заробеници тие биле испратени во Цариград. По патот од мачењата Војтех умрел. Бодин откако стигнал во Цариград бил затворен во манастир. Набргу потоа му бил предаден на ново назначениот антиохиски дукс Исак Комнин, кој го испратил на заточение во Антиохија. Зетскиот кнез Михаил, успеал да потплати венецијански морнари, кои што за висока награда го ослободиле Бодин и го одвеле во Зета. По смрта на својот татко го наследил зетскиот престол во 1081 година.[376]

Брегалничката област била опфатена од востанието уште во самиот почеток. Според Никифор Вриениј, „словенскиот народ“ откако ја отфрлил „покорноста на Ромеите“ за кратко време биле заземени Скопје, Ниш, Сирмиум и други места по Сава“[377]

Востанието на Горги Војтех, покрај ослободителен, придобило и антифеудален карактер. Тоа пак било причина голем дел од македонската феудална аристократија да мине на византска страна, со тоа било олеснето да се спречи ширењето на востанието и во 1073 година крваво да го задуши.[378]

---

[376] А. Атанасовски, Востанието на Георги Војтех, 70, 71

[377] *Византијски извори,* III, 237-238

[378] Б. Панов, *Штип низ вековите*, 170

# Заклучок

Благодарение на добрата географска местополпжба, Брегалничката област била населена уште од праисторијата за што сведочат и материјалните остатоци на движен и недвижен археолошки материјал.

Сместена во источниот дел на Македонија, Брегалничката област уште од времето на антиката била крстопат на битни патни комуникации како делницата од Стоби до Струма и Сердика, потоа патот што ги поврзувал Стоби, Астибо и Пауталија т.е Брегалница и Струма. Меѓу магистралните патни правци што минувал низ Брегалничкиот регион е и патот од Јужна Србија што преку Жилегово и Овче Поле одел до Аџибегово па по доколината на Лакавица продолжувал за Струмица, па оттаму за Срез и Солун. Во овој простор минувал и патот што се протегал од Штип или поточно од Бурилчево и Крупиште до Злетово, па оттаму за Кратово. Во околината на Брегалница минувал и т.е „ Царски Пат”.

Токму овие важни патни артерии кои поминувале низ овие простори одбележале еден природен политички, религиозен но и економски раст. За тоа денес ни сведочат археолошките остатоци на бедемите од големите градови – тврдини и кастелите кои ги контролирале овие важни патни комуникации и продорот на големите војски на бугарските цареви, византиските императори и големите наезди на варварските племиња.

Како регион којшто е населен уште од праисторијата, аникaта па се до средниот век и подоцнежните периоди, претставува крстопат на повеќе патни правци во кои се вкрстуваат разни култури и народи. Така уште од доцната антика брегалничката област прераснува во црковен и христијански центар во кој се уредени темелите на словенската писменост, но и темелите на Брегалничката Епископија.

Светло во овој период е создавањето на Брегалничката епископија и со самиот чин на преносот на моштите на петнаесетте тивериоплоски маченици ја издигале епископијата на едно повисоко ниво поставувајќи ја оваа област како центар на словенската писменост каде се создала плодна почва за дејноста на Словенските просветители, за ширење на христијанството и за покрстување на населението на овие простори.

Паралелно со покрстувањето започнала и обновата на ранохристијанските разурнати храмови, како и изградба на нови црковни градби во градовите и населените места. Богатите историски и литературни извори поврзани за областите по Брегалница, даваат многу важни податоци за почетоците на покрстувањето на Словените, за создавањето на првата словенска и црковна организација. Овие известувања ги потврдува и археологијата со откритијата по средниот тек на Брегалница, за градот Беаргала кај Горен Козјак и во рамниот град кај Крупиште во Овче Поле.

Дека во овој регион постоел развиен црковен живот сведочат остатоците од многубројните христијански храмови откриени со археолошките истражувања. Расоложливите податоци што ги нуди археологијата укажуваат дека во реонот кај Крупиште се наоѓала голема средновековна населба од градски карактер со многу јавни градби и цркви меѓу кои бил и големиот катедрален храм во кој биле пренесени моштите на петнаесетте тивериополски мартири во Епископијата на Брегалница

Оваа област нема да остане имуна на антицрковното, антифеудалното и ослободително Богомилско движење, за кое говорат и големиот број настани што се случиле во овие предели и нашле одраз во одделните апокрифи и житија, како и имињата на повеќе села кои се сметаат за богомилски. Ова движење пак ќе биде предвесник на востанијата од 969 и 976 година и создавањето на Самуиловата Држава.

Брегалничката област како и целата територија на Мкаедонија е дел од големото Самуилово царство кое го чинеле разновидни населби, како градови најчесто утврдени со ѕидини. Во градовите – тврдини покрај останатите градови се спомнува и градот Штип. За тоа говорат и податоците од Ј. Скилица, со кои известува дека императоротот Василиј II кога поминал низ Штип во 1018 година, бил пречекан со „молитви и химни“ од населението на овој град.

Од расположливите извори, податоци за Штип како црковно седиште од периодот на Самуиловата држава нема. Што значи дека поинтензивен црковен живот во овој регион се уште се одвивал по горниот и средниот тек на реката Брегалница, каде што постоеле силни црковни традиции уште од предсловенскиот период.

Поради недостиг од изворни податоци не може да се даде точен одговор на тоа кога бил пренесен Епископскиот центар од Брегалница во градот Мородвизд, кој како град – тврдина егзистирал во Македонската Држава, а се споменува во I хрисвул на

Василиј II даден на Охриската Архиепископија издаден во 1019 година. Мородвизд израснал во епископско седиште. На мороздвискиот епископ му биле потчинети Козјак, Славиште, Злетово, Луковица, Пијанец и Малешево.

По смртта на Самуил и ставањето на Македонија и македонските области под Византија, брегалничката област сеуште не била ставена под Византиска власт, иако градот Штип бил освоен во есента 1014 година. Тоа го дознаваме од изворниот текст на Јован Скилица кој наведува дека по смртта на последниот македонски цар Јован Владислав (1018), градот Мородвизд доброволно бил предаден, каде што во присуство на претставниците од Пелагонија и Липљан официјално му ги предале на Василиј II освоите градови.

По пропаста на Самуиловата Држава и воспоставувањето на Византиската власт во Македонија, брегалничката област е опфатена во тематскиот систем на Византија како посебна воено-административна единица.

Што се однесува до црковната политика, направил некои измени, меѓутоа покажал доза на почит кон религиските традиции на покореното население. Самуиловата патријаршија била претворена во архиепископија, која станала афтокефална и на неа биле потчинети сите епископии од територијата на поранешното Самоилово Царство. Од првиот издаден хрисвул се согледува дека во организационен поглед Мородвиздската епархија уште во почетокот на византиското владеење била уредена во рамките на Охридската Архепископија, која била ставена во служба на Византиската Држава.

Дека во периодот од XI и XII век постоела Малешевска епархија говорат и известувањата од Теофилакт Охридски кој во едно писмо адресирано до триадичкиот епископ го споменува малешевскиот епископ Μαλεσόβης како и еден од епархиските списоци од времето на Алексиј I Комнин. Но ако се земе во предвид дека според расположливите извори во овој период егзистирала и Мороздвиска епархија, тоа би значело дека епископското седиште било преместено од градот Мороздвизд во градот Малешево.

Мороздвиждската епископија секако дека функционирала во XIII век, се до проширувањето на српската власт во Македонија. Врз основа на еден запис на

ракописен зборник во Лесновскиот Манастир се претпоставува дека во Мородвизд имало епископ пред српското освојување.

Со реорганизацијата на српската црква во 1347 година била основана Злетовската епархија како наследник на Мороздвишката, а во 1348 година епархиското властништво во Злетово, владетелот Душан ја препушта запустената мороздвжката епископија.

Со преместувањето на епархиското седиште подалеку од Брегалничкиот регион, била нарушена една црковна традиција, која со векови била создавана и опстојувала во Брегалничката област.

Со наметнувањето на своето влијание, расте и отпорот против Византиската власт поради тешката феудална експлоатација, наложена како од Византија, така и од световните и црковните феудалци. Со тоа се засилува класната ослободителна борба во почетокот на 40-тите години на XI век со востанието на Петар Делјан и востанието на Горги Војтех во 70-тите години на XI век кои имале и свој одраз во брегалничката област.

За тоа дека Брегалничката област и градот Штип со востанието на Петар Делјан биле зафатени уште во 1040 година, говорат податоците од еден апокрифен летопис, од XI век, во кој неговиот автор соопштува дека „царот по име Гаган, а по потекло Оделен (царъ, имеѵем Гагаѵ, а порекло моу ОделѢѵь) создал 3 града меѓу кои и градот Штип (г. Штипь).

Ова е и време кога на поширокото подрачје на Овче Поле се населиле Печенезите кои бргу дошле во жестоки судири со месното македонско население, но нивната судбина била таква што тие со тек на времето се претопиле во чиста македонска средина во и околу Овчеполието. Траги од нивното постоење останале како и во обичаите на населениото од овие краишта, така и во самата топонимија. Потврда за тоа е името Печеница за високиот врв во атарот на с. Дреново, Злетовско, како и името Мавраган на месноста во близина на Злетово, кое е во врска со печенишкиот водач Мавраган кој располагал со свои „дворци“ во овие краишта на Македонија и сл. За честите варварски напади на овие краишта, податоци се среќаваати во житието на Прохор Пчињски.

Брегалничката област била опфатена уште во самиот почеток од востанието на Горги Војтех, покрај ослободителен, придобило и антифеудален карактер. Тоа пак било причина голем дел од македонската феудална аристократија да мине на византска страна, со тоа било олеснето да се спречи ширењето на востанието и во 1073 година крваво да го задуши.

Поткрепа и потврда за овие настани нудат и историските извори, но и археологијата преку движните и недвижните материјални остатоци.

# Извори и литература

## а ) извори


1. Византијски извори за историју народа Југославије, III. Београд 1966.
2. Гръцки извори за Българската история II, III, VI, VII. София 1958 – 1968.
3. Иванов Й., Български старини из Македония. Фототипно издание. София 1931 – 1970.
4. Иванов Й., Богомилски книги и легенди. Фототипно издание. София 1970.
5. Латински извори за Блгарската история II. София 1965.


## б ) Литертура


1. Алексова Б., Баргала – Брегалница во светлината на новите археолошки истражувања – *Гласник на институтот за национална историја,* XI/3, Скопје 1967. 5- 82
2. Алексова Б., Придонес од истражувањата во Баргала – Брегалница за осветлување на историјата на Словените во Македонија . *Зборник. Кирил Солунски I*. Скопје 1970.
3. Алексова Б., *Епископијата на Брегалница*. Прилеп 1989.
4. Андреев М. – Ангелов Д., *История на българската държава и право*. София 1959.
5. Ангелов Д., *Богомилството в България*. София 1969.
6. Ангелов Д., Към въпроса за средновековния български град. – *Археология* II/3 (1960).
7. Антолјак С., Самуиловата држава. *Средновековна Македонија III*. Скопје 1969.
8. *Археолошка карта на Република Македонија* том 2. МАНУ. Скопје 1996.
9. Атанасовски А. – Саракински В., Кои биле Комитопулите и од кого „Одметнале"? *Самуоловата држава во историската, военополитичката,*

*духовната и културната традициија.* Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Струмица. Струмица 2015.

10. Атанасовски А., *Пијанец во XIII и XIV век*, Куманово 1996
11. Атанасовски А., Востанието на Георги Војтех ( 1072 – 1073 ) *Востанијата во Македонија*, Скопје 2015.
12. Атанасовски А., Востанието на Петар Делјан ( 1040 – 1041 ), *Востанијата во Македонија*, Скопје 2015.
13. Атанасовски А., Востанијата на комитопулите (969 – 976 ), *Востанијата во Македонија*, Скопје 2015.
14. Аџиевски К., *Пелагонија во средниот век. Од доаѓањето на Словените до паѓањето под Турска власт.* Скопје 1994.
15. Белдедовски З., *Исар Штип, средновековна населба мал бр.3*. Прилеп. 1977.
16. Божилов И. и Гюзелев В., *История на средновеквна България VII-XIV век* T.I/3. София, 1999.
17. Басотова Љ., „Летописот" на попот Дукљанин како извор за македонската средновековна историја, *Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија*, Прилеп 1988.
18. Babić G., *Les Chapelles annexes des énglises Byzantines*. Paris. 1969
19. Василевски Т., *България и Византия* IX – XV *век*. София 1997.
20. Гюзелев В., *Кнез Борис Първи*, София 1969
21. Державин Н., *История Болгарии II*. Москва. 1964
22. Димитрова Е., *Керамичките ређефи од Виничкото Кале,* Скопје 1993
23. Драгојловић Д., Почеци Богомилства на Балкану 19-29, *Богомилството на Балканот во светлината на најновите истражувања*. Скопје. 1882
24. Дурново Н., *Ещо о произхождении старославянского языка и письма*. Byzantinoslavica, III/1. Praha 1931
25. Жеков Ж., *БЪлгария и Византия военa администрација VII – IX в*. Софиа 2007
26. Завоев П., Град Щип. *Македонски преглед бр. III/3*. 1972
27. Златарски В. Н., *История на Българската държава през средните векове* Т. I/2. София. 1989
28. Златарски В. Н., *История на Българската държава през средните векове* Т. I/2. София. 2002

29. Иванов Й., *Северна Македония исторически издирвания*. София. 1906
30. Киселков В.С., *Славянските просветители Кирил и Методий*. София 1946
31. Кунук А., О материалах для истории Болгарской церкви. *Записки Императорской Академии Наук т. IV/2*. С. Петербург. 1864
32. Лишев Н., *За генезиса на феодализма в България*. БАН. София. 1963
33. Лишев С., *БЪлгарският средновековен град,* София, 1970
34. Микулчиќ И. *Средновековни градови и тврдини во Македонија*. Скопје 1996
35. Микулчиќ И., *Античките градови на Брегалница*, Скопје 2009
36. Милев А., *Гръцките жития на Климент Охридски*, София 1966
37. Оболенски Д., *Византискиј Комонвелит*. Белград. 1971
38. Острогорски Г., *Историја Византије*. Београд. 1959
39. Панов Б., *Средновековна Македонија III*. Охрид и Охридската област во време на Бугарското владеење. Скопје. 1985
40. Панов Б., Штип низ вековите том I. *Штип и Брегалничката област во VI-XII век*. Штип. 1986
41. Панов Б., *Средновековна Македонија III*. Скопје. 1985
42. Панов Б., *Теофилакт Охридски како извор за средновековната историја на македонскиот народ*. Скопје. 1971
43. Панов М. Б., Македонија Милениумски културно – историски факти II. *Византиска Македонија*. Скопје. 2013
44. Петровски Б., *Свети Климент Охридски, кан / кнез Бирис – Михаил и кнез / цар Симеон: историски аспекти*, Slověne. 2016
45. Попов Н. Г., *Новы материалы о прошлом Малешево*. Восточники по истории народов ю го-восточной и централной еврипы. Москва. 1964
46. Пурковић М., *Српски епископии и митрополити средњег века*. Скопје. 1973
47. Розен В. Р., *Император Василий Болгоробойца*. С. Петербург. 1883
48. Снегаров И., *История на Охридската архиепископия I*. София. 1924
49. Стафилов Т., Балабанова Б., Шајан Р., *Геохемиски атлас на сливот на реката Брегалница,* ПМФ – Скопје, Скопје 2014
50. Томоски Т., *Македонија низ вековите, градови, тврдини, комуникации*. Скопје. 1999
51. Томоски Т., Средновековни градови во Македонија меѓу реките Вардар, Брегалница и Лакавица, Скпоје 1999,

52. Трајковски К., *Преглед врз средновековната археологија на Брегалница*. МАА бр.13. Скопје. 1993
53. Трајковски К., Лихнид 7. *Ранохристијанска гробница во Randoродвис*. Охрид. 1989
54. Трајковски К., *Srednovekovniot grad Morodvis vo Makedonija,* Труды пятого международного конгресса славянской археологии. Москва. 1987
55. Трајковски К., Светите Климент и Наум. *Брегалничката епископија во светлината на најновите археолошки истражувања*. МАНУ. Скопје. 1996
56. Филипова С., *Архитектонска декоративна скулптура во Македонија, 5-6 и 11 -12 век*, Скопје – Мелбурн. 1997
57. Христовска К., Македонски милениумски културни-историски факти том III, *Парите во средновековна Македонија (нумизматика)*. Скопје. 2013
58. Hendy M., *Studies in the Byzantine Monetary Economy c.300-1450,* Cambridge, 1985
59. Цвијиќ Ј., Основе за географију и геологију Македоније и Старе Србије: С проматрањима у јужној Бугарској, Тракији, суседним деловима Мале Азије. 1906
60. Шкриванић Г., Monumenta cartographica Jugoslavie. *Југословенске земље на Протингеровој табли*, Beograd. 1784
61. Shepard J., The Cambridge Hystory of the Byzantine Empire. *Equilibrium to Expansion (886-1025*). Cambridge. 2008